**Апстракт**

Културното наследство кое го поседува нашата држава, со кое ние можеме да се пофалиме и да се гордееме, постојано е изложено на најразлични ризици. На дел од нив човекот не може да влијае, но често и самиот претставува фактор на ризик. Токму затоа од особена важност претставува заштитата на културното наследство и тоа преку ефикасно управување со ризиците на кои е изложено, особено во поглед на нелегалните ископувања, криумчарењето, кражбите, присвојувањето и другите противправни дејствија, како и во поглед на условите на чување, ракување, транспорт, изложување и др.

Во овој труд најпрво ќе се осврнеме кон самиот поим на културното наследство, видовите на културно наследство и примероците на движно културно наследство пронајдени на територијата на Македонија. Во наредниот дел ќе ја обработиме заштитата на културното наследство. Од приложените информации се извлекува заклучокот дека на заштитата треба уште многу да се работи. Согласно мислењата на експертите, вниманието особено треба да се насочи на физичката заштита, односно обезбедувањето на објектите. Во рамки на заштитата ќе ја обработиме и казнено – правната заштита, а особено ќе ја нагласиме нејзината превентивна заштитна функција која се остварува со прогласување на определени поведенија како казнени дела и пропишување казни и други санкции за тие дела. Нивното прогласување покрај застрашувачкото дејство, влијае и врз моралните убедувања, правната свест и правната лојалност на граѓаните. На крај ќе се осврнуваме и на осигурувањето на културното наследство. Слободно можеме да кажеме дека тоа е во зародиш, односно речиси и не постои, и тоа најмногу поради непроценливата вредност која ја поседува македонското културно наследство, што го отежнува одредувањето на неговата вистинска вредност.



Клучни зборови: културно наследство, заштитено добро, движно културно наследство, казнено – правна заштита на културното наследство, осигурување на културното наследство.

## Abstract

The Macedonian cultural heritage that we are proud of is constantly exposed at different types of risks. Some of the risks can be affected by men while others are caused by human factor. This is why the protection of cultural heritage is of great importance. The best way to do this is by risk management especially in terms of illegal excavation, smuggling, theft, seizure and other unlawful activities, also in view of storage, handling, transportation, exhibition etc.

At the beginning of this paper, we define cultural heritage, types of cultural heritage and we present samples of movable cultural heritage discovered in Macedonia. The next chapter reviews the protection of cultural heritage. In view of the gathered information, we conclude that there is much more to be done in this aspect. According to expert opinion, special attention should be devoted to physical protection i.e. provide security. As a special type of protection we'll review the law protection, with a special accent on preemptive protecting function, which is accomplished by declaring certain behavior as criminal offenses and prescribing penalties and other sanctions for these offenses. With this, apart from intimidating, affects the moral convictions, legal awareness and legal loyalty of citizens. At the end we'll look at cultural heritage insurance. This type of insurance is not widespread, mostly because its real value can't be easily determined, since Macedonian cultural heritage is priceless.

Key words: cultural heritage, protected good, movable cultural heritage, law protection of cultural heritage, insurance of cultural heritage.

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ........ 1

1. ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........ 3

2. ИСТРАЖУВАЧКИ МЕТОДИ И ТЕХНИКИ ........ 3

I ОПШТ ДЕЛ ........ 5

1. ПРАВНА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЗАШТИТЕНИТЕ ДОБРА ........ 5

1.1 Поим на заштитени добра ........ 5

1.2 Клучни генерички поими ........ 5

1.3. Изведени генерички поими ........ 11

2. ОСНОВНИ ПОДЕЛБИ НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ........ 20

3. ПРИМЕРОЦИ НА ДВИЖНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РМ .. 22

3.1 Нумизматички предмети ........ 22

3.2 Галерија на охридските икони ........ 26

3.3 Галерија на икони Црква Св.Ѓорѓи – Струга ........ 30

3.4 Средновековен накит ........ 31

3.5 Килими ........ 35

3.6 Везови од етнолошката збирка ........ 36

3.7 Кошули и покривала за глава ........ 37

4. КЛАСИФИКАЦИЈА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ........ 37

4.1 Национална класификација на културното наследство ........ 38

II ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ........ 42

1. ВОВЕД ВО ЗАШТИТАТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ........ 42

1.1 Основи на заштитата ........ 42

1.2 Цели на заштитата ........ 43

1.3 Остварување на заштитата ........ 43

1.4 Субјекти на заштитата ........ 44

2. ЗАШТИТНИ ЕВИДЕНЦИИ НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ........ 46

2.1 Поим на заштитна евиденција ........ 46

2.2 Цел и значење на заштитните евиденции ........ 47

2.3 Правни белези на заштитните евиденции ........ 48

2.4 Национална регулатива за заштитните евиденции ........ 50

2.5 Видови заштитни евиденции ........ 52

3. ВАЛОРИЗАЦИЈА И РЕВАЛОРИЗАЦИЈА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ........ 61

3.1 Валоризација ........ 61

3.2 Видови валоризација ........ 63

3.3 Предмет на валоризацијата ........ 64

3.4 Основни начела на валоризацијата ........ 65

3.5 Критериуми за валоризација ........ 66

3.6 Постапка за валоризација ........ 68

3.7 Елаборати за валоризација ........ 71

3.8 Ревизија на елаборатите за валоризација........................................................................ 74

3.9 Ревалоризација ................................................................................................................... 74

3.10 Видови ревалоризација и нивен предмет ...................................................................... 75

3.11 Начела, критериуми, субјекти и постапка за ревалоризација ........................................ 77

3.12 Елаборати за ревалоризација и нивна ревизија............................................................... 78

III ПРАВНА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ............................................... 81

1. ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЗАШТИТАТА ............................................................................ 81

1.1 Заштита ex lege ..................................................................................................................... 82

1.2 Привремена заштита ............................................................................................................ 84

1.3 Прогласување културно наследство .................................................................................. 86

1.4 Утврдување национално богатство .................................................................................... 89

2. КАЗНЕНО – ПРАВНА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ....................................................................................................................... 93

2.1 Заштитна функција на казненото право ............................................................................ 94

3. МЕЃУНАРОДНА ПРАВНА ЗАШТИТА ............................................................................... 95

3.1 Конвенција за заштита на светското културно и природно наследство............................ 95

4. КАЗНЕНИ ДЕЛА ПРОТИВ МАКЕДОНСКОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ................... 101

4.1 Казнени дела против спомениците на културата, архивскиот материјал и природните реткости ................................................................................................................................ 107

4.2 Осврт врз одделни дела ..................................................................................................... 109

4.3 Субјекти на казненото право .............................................................................................. 110

5. РЕГИСТРАЦИЈА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ..... 114

5.1 Национален регистар на културно наследство ..... 114

IV ОСИГУРУВАЊЕ НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ..... 118

1. КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕТО КАКО ЕКОНОМСКА КАТЕГОРИЈА ..... 118

1.1 Потреба од осигурување ..... 120

2. ВИСТИНСКА ВРЕДНОСТ НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ..... 120

2.1 Видови економски анализи ..... 122

3. ЕКОНОМИЈАТА НА ОСИГУРУВАЊЕТО И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ..... 123

3.1 Осигурувањето и културното наследство како финансиски стимулатори ..... 126

V ПРОБЛЕМИ СО КОИ СЕ СООЧУВААТ ОСИГУРИТЕЛНИТЕ КОМПАНИИ ПРИ ОСИГУРУВАЊЕ НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ..... 128

1. УТВРДУВАЊЕ НА АВТЕНТИЧНОСТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ..... 128

2. УТВРДУВАЊЕ НА ВИСТИНСКАТА ВРЕДНОСТ ..... 129

3. УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА ШТЕТАТА ..... 130

4. СПРАВУВАЊЕ СО УТВРДУВАЊЕТО НА АВТЕНТИЧНОСТА ОД СТРАНА НА МАКЕДОНСКИТЕ ОСИГУРИТЕЛНИ КОМПАНИИ ..... 132

5. ЗАКЛУЧОК ОД СТРАНСКИТЕ ИСКУСТВА ..... 134

6. НЕОПХОДНОСТ ОД ОСИГУРУВАЊЕ НА УМЕТНИЧКАТА КОЛЕКЦИЈА ..... 136

VI ЗАВРШНИ РАЗГЛЕДУВАЊА ..... 139

ЗАКЛУЧОК ..... 143

# ВОВЕД

Од моментот кога се појавил човекот, па сè до денес, живеејќи во опкружување од природата и другите луѓе, секојдневно се соочува со определени опасности кои го загрозуваат неговиот живот и се заканувaат да ги оштетат или уништат добрата што тој ги создал во своето работење, во еден континуитет низ годините на своето егзистирање, создавајќи богатство кое се пренесува од генерација на генерација. Од тие причини, здружен со другите луѓе во средината во која живеел, човекот многу одамна започнал да бара начини и средства да ги намали или ублажи материјалните последици од штетите кои се јавувале, поради што се појавило осигурувањето како историска категорија, организирана форма и посебна дејност, како нужна фаза во развитокот на човечкиот род. Поимот осигурување е посебен начин на обезбедување на парични средства (фонд на осигурување), по пат на здружување на средствата на луѓе кои имаат заедничка потреба од заштита на определени вредности.

Осигурувањето има три функции и тоа: функција на заштита на имотот; финансиско-мобилизаторска функција и социјална функција, од која најважна е првата која се остварува преку непосредно и посредно заштитување на имотот. Непосредната заштитна функција опфаќа две групи на мерки: превентивни (ја отстрануваат причината која би предизвикала штета или уништување на имотот) и репресивни (се спротиставуваат на настанатата штета или несреќен случај, за да го спасат човекот или имотот). Посредната заштитна функција на осигурувањето се остварува по пат на надоместување на настанатата штета. Осигурувањето не може да го спречи настанувањето на штетата, туку со него се остварува посебна економска заштита поради која што и постои осигурувањето. Тоа се вбројува во редот на стопанските активности кои значително влијаат и придонесуваат за просперитетот на општеството.

Културата претставува еден од највозвишените и највиталните домени на човековиот живот. Токму културата го одделува човековото општество од останатиот жив свет, а како општествена категорија, проткаена е во сите сфери на човековиот живот. Самиот збор култура има повеќе различни значења, но според антрополозите културата претставува палета од научени шеми на човековото однесување. Терминот како таков прв пат бил употребен од страна на пионерот на англиските антрополози, Edward B. Tylor, во неговата книга *Primitive Culture* објавена во 1871 година. Според него, културата претставува комплексна целина од знаење, верување, уметност, закони, морал, обичаи и која

било друга способност или навика која ја има стекнато човекот како член на општеството. Во денешниот современ свет, под поимот култура се подразбираат сите материјални и духовни вредности кои човекот ги создал во текот на неговата долговековна историја.

Од непроценлива важност за секоја држава претставува нејзиното културно и историско наследство како нејзин најсуштествен белег. Тоа е она со што Македонија може да се пофали и да се гордее, нејзиниот најсилен адут за нејзино претставување и афирмирање во меѓународни рамки – нејзиното културно наследство. **Под културно наследство, според дефиницијата на УНЕСКО[1] се подразбираат добрата кои секоја држава од религиозни или световни сфаќања ќе ги прогласи за значајни за археологијата, предисторијата, книжевната уметност или науката.** Несомнено и овие добра се изложени на најразлични ризици врз кои човекот не може да влијае, но неретко и самиот претставува фактор на ризик. Токму поради нивната непроценлива вредност треба постојано да бидат предмет на заштита, а по потреба, да бидат и предмет на осигурување. Заштитата може да се остварува на државно ниво (законска рамка, создавање на музеи, институции поврзани со безбедноста и сл.), и преку недржавни здруженија (меѓународни, национални, верски институции). Заштитата, во објектите во кои се изложени некои културни добра, може да биде организирана на повеќе начини, и тоа: преку поставување на чувари кои се грижат за безбедноста на објектот во кој се наоѓаат културните добра и поставување на аларми заради спречување на можните провалувања и кражби на некои вредности, поставување на противпожарни аларми кои ќе алармираат во случај на пожар во објектот, заштита на изложените добра преку нивна конзервација и реставрација и сл. Значајно е да се напомене дека единствено културните добра кои подлежат на добро организирана заштита и се чувани во добри услови, можат да бидат предмет на осигурување.

[1] Организација на Обединетите нации за образование, наука и култура - УНЕСКО претставува специјализирана организација на Обединетите нации, основана во далечната 1946 година, на 16 ноември. Целта на нејзиното основање е да придонесе за светскиот мир и безбедност и за подобрување на универзалното почитување на правдата, законите, човековите права и основната слобода, со промовирање на меѓународната соработка меѓу нациите, преку образованието, науката и културата. Главното седиште на УНЕСКО се наоѓа во Париз, а постојат уште 50 канцеларии ширум светот. Организацијата има 195 земји членки. Поголем дел од теренските канцеларии делуваат како кластер канцеларии и покриваат групи од три или повеќе држави, а постојат и национални и регионални канцеларии. УНЕСКО ги извршува своите цели преку пет главни програми и тоа: образование, природни науки, социологија, култура и комуникации. Оваа организација финансира проекти за писменост; развој на техниката и педагогијата; интернационални научни програми; промоција на независното новинарство и слобода на печатот; проекти поврзани со регионалната културна историја; проекти со кои се промовира културната разновидност и програми кои ги поддржуваат меѓународните договори за заштита на светското културно наследство. Таа има за цел да придонесе во градење на мирот, сузбивање на сиромаштијата, одржлив развој и меѓукултурен дијалог, преку образование, наука, култура, комуникации и информации. РМ стана членка на УНЕСКО на 28 јуни 1993 година. Под заштита на УНЕСКО во Македонија е регионот на Охрид, со неговите културни, историски и природни реткости.

## 1. ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во овој труд ќе биде обработена перспективна проблематика на која во иднина треба да и се посвети многу повеќе внимание и труд, со цел заклучоците извлечени од практичните искуства да се имплементираат за да овозможат поголем развој на заштитата и осигурувањето како категории кои се во блиска врска со културното наследство. Нивното постоење е неопходност за самото постоење на културното наследство. Основната цел на овој труд е токму нивното истражување.

За остварување на оваа цел, во текот на истажувањето: ќе бидат истражени теоретските поими на културното наследство; законските прописи со кои се регулира заштитата на културното наследство; ќе бидат разгледани странските искуства во осигурувањето на културното наследство; ќе бидат анализирани перспективите на РМ во заштитата и осигурувањето на културното наследство.

## 2. ИСТРАЖУВАЧКИ МЕТОДИ И ТЕХНИКИ

За постигнување на целта на истражување во овој труд употребени се повеќе научни методи и техники. За прибирање на податоци применети се методите:

- анкета - постапка со која на испитаниците им се поставуваат прашања во врска со целите на научниот интерес и
- анализа на содржината - метода за собирање податоци од информациски материјали, како што се книги, списанија, весници, радио, телевизија, различна документација (актуелна и архивска) итн. Нејзината задача е објективен, систематски и квантитативен опис на манифестната содржина на комуникацијата.

Од посебните научни методи на спознанието, употребени се следниве:

- дедукција - доаѓање до заклучокот од општото кон посебното и поединечното, односно спознанието на посебното и поединечното во основа на знаење за општите својства на одредена класа, вид, родови, појави и сл.
- компаративна анализа - го разработува односот на една појава спрема друга со внимание на елементите од кои се состои.

- класификација - претставува специјализација на предметите, стварите, поимите или состојбите кои по одреден принцип се поделуваат, разврстуваат, делат или разделуваат на своите составни делови.

# I ОПШТ ДЕЛ

## 1. ПРАВНА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ЗАШТИТЕНИТЕ ДОБРА

### 1.1 Поим на заштитени добра

Како општа категорија, самиот поим **заштитено добро**, **подразбира исклучително широка и разгранета номенклатура од содржини за кои државата пропишува посебен правен режим и обезбедува различни видови правна, физичка или техничка заштита**. Самиот поим не означува ниедно конкретно добро, туку овозможува под овој поим да се подразбере секое добро чија заштита е од јавен интерес. Изразот заштитени добра, како генерички правен поим, главно се употребува за таканаречените протектолошки добра. Тоа се правно заштитени вредности, како незаменлив услов за животот на човекот или опстанокот на животинскиот и растителниот свет или како посебен белег на определена природна средина или култура. Тука спаѓаат различните видови *добра од општ интерес* (пасишта, езера, реки и други природни богатства) и *добра во општа употреба* (јавни згради, нафтоводи, гасоводи, улици и слично). За нив државата пропишува и обезбедува посебна заштита. За да биде поделбата поконкретна може да се нагласи дека првенствено заштитата се однесува на: еколошките добра, природните реткости (односно природното наследство) и културното наследство. Изразот заштитено добро применлив е и во други области и гранки на правото, односно не е резервиран исклучиво само за споменичкото право. Во обласга на споменичкото право, под поимот на **заштитени добра се подразбираат сите материјални и нематеријални добра од културно, историско, уметничко, научно, техничко и слично значење кои правото ги признава како такви и ги подложува на специфичен правен режим поради нивна заштита и користење**. Изразот заштитено добро во македонското споменичко законодавство е официјализиран и дефиниран со Законот за заштита на културното наследство од 2004 година. Под овој поим, согласно законската дефиниција, се подразбира **секое добро чија што заштита е воспоставена на начин утврден со закон**. Како заштитени добра се сметаат добрата за кои државата обезбедува гарантирана или посебна заштита.

### 1.2 Клучни генерички поими

Во македонскиот правен поредок за добрата од културно и историско значење се употребуваат поимите културно наследство и културно добро. Секој од нив има специфично правно значење согласно националното законодавство и меѓународните акти.

### 1.2.1 Културно наследство

Поимот културно наследство во македонското законодавство веќе претставува законски дефиниран поим и има точно утврдено правно значење. Во Република Македонија, видовите, категориите и идентификацијата на културното наследство; начините на ставање под заштита на културното наследство и другите инструменти за негова заштита; режимот на заштита и користењето на културното наследство; правата и должностите на имателите и ограничувањата на правото на сопственост на културното наследство во јавен интерес; организацијата, координацијата и надзорот; стручните звања и други прашања кои се од значење за единството и функционирањето на системот за заштита на културното наследство, правно се регулирани со **Законот за заштита на културното наследство** („Службен весник на РМ“ бр. 20/04; 71/04; 115/07). Согласно член 2, **„Културно наследство, во смисла на овој закон, се материјалните и нематеријалните добра коишто, како израз или сведоштво на човековото творештво во минатото и сегашноста или како заеднички дела на човекот и природата, поради своите археолошки, етнолошки, историски, уметнички, архитектонски, урбанистички, амбиентални, технички, социолошки и други научни или културни вредности, својства, содржини или функции, имаат културно и историско значење и заради нивна заштита и користење се наоѓаат под правен режим согласно со овој и друг закон“**.

Во оваа дефиниција се опфатени неколку различни елементи кои го олеснуваат правилното определување и препознавање на правното значење на поимот културно наследство[1]. Така уште на почетокот даден е *елементот на дефинирање*, што се однесува на природата на добрата кои се предмет на дефинирање, односно веднаш се потенцира дека предметниот поим ги опфаќа материјалните и нематеријалните добра. Следен елемент на дефиницијата е *ирелевантноста на хронолошката припадност на добрата*, односно тие можат да бидат израз или сведоштво на човековото творештво во минатото, но можат да потекнуваат и од сегашноста. Преку овој елемент всушност се предочува дека староста на добрата не е и не треба да биде клучниот критериум за дефинирање на предметот на заштита. Значаен елемент претставува и *опфатот на т.н. интегрални добра*. Добрата што претставуваат заеднички дела на човекот и на природата спаѓаат во правната категорија културно наследство. Овој пристап е првенствено значаен од гледна точка на разграничувањето меѓу природното и културното наследство. Еден од клучните елементи на дефиницијата е критериумот *значење,*

[1] Инструменти за заштита на културното наследство – Јован Ристов, Скопје 2008 год.

определено како културно и историско значење. Овде станува збор за општокултурно и друго значење што е од јавен интерес на општата или националната историја, културата, уметноста, науката или техниката.  Тоа значење е определено врз основа на односните видови научни или културни вредности од една страна и карактеристичните обележја на добрата, особено нивните својства, содржини и функции од друга страна. Кога се во прашање својствата на добрата, првенствено се мисли на: автентичноста, реткоста, единственоста, разновидноста, интегралноста, зачуваноста, староста и сл., а во поглед на функциите се мисли на: воспитно - образовната, научната, културната, информативната, стопанската и др. Како последен елемент во правната дефиниција, дадена е соодветна правно – протекторска одредница, според која селектираните добра се ставаат под соодветен правен режим заради нивна заштита и користење. Правниот режим се воспоставува за добрата со признат или стекнат статус на културно наследство.

Дефиниран со значење на клучен генерички поим, изразот културно наследство, е потесен од поимот заштитено добро. Според македонскиот модел на заштита, поимот културно наследство ја означува основната статусна категорија на добрата за кои се обезбедува трајна заштита. Самиот модел на заштита е флексибилен и подразбира постоење на уште две помошни статусни категории добра за кои се обезбедува привремена заштита. Тоа се статусните категории добра под привремена заштита и резервирана археолошка зона, кои обезбедуваат заштита пред официјалното стекнување на статусот културно наследство.

Во македонскиот правен поредок релевантна е уште една дефиниција за поимот културно наследство. Дефиницијата е од *Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство* од 1972 година, прифатена со пристапувањето кон неа. Таа гласи: „**За целите на оваа Конвенција, под културно наследство се подразбираат:**

- **Споменици: дела на архитектурата, монументални вајарски или сликарски дела, елементи или структури од археолошки карактер, натписи, мнозинство и група елементи што имаат исклучителна универзална вредност од историска, уметничка или научна гледна точка;**

- **Комплекси: група изолирани или поврзани градби, што според својата архитектура, единство и вклопеност во пејзажот претставуваат исклучителна универзална вредност од историска, уметничка или научна гледна точка;**

- **Знаменити места: дела на човечката рака или комбинирани дела на човечката рака и природата, како и зони, вклучувајќи ги тука и археолошките наоѓалишта што се од исклучително универзално значење од историска, естетска или антрополошка гледна точка“** (член 1).

За македонскиот правен поредок, ќе стане предметна и дефиницијата од *Рамковната конвенција на Советот на Европа за значењето на културното наследство за општеството* (усвоена во 2005 година во Португалија), според која: „**Културно наследство е група ресурси наследени од минатото што луѓето ги идентификуваат, независно од сопственоста, како одраз и израз на нивните вредности, верувања, знаење и традиции што се во постојан развој. Во него се вклучени сите аспекти на животната околина што произлегуваат од заемното дејствување на луѓето и местата низ времето**“ (чл.2 ст.1 т.а).

1.2.2 Културно добро

Изразот културно добро е вториот клучен генерички поим во македонскиот поредок за кој постојат релевантни нормативни дефиниции. Единствената национална дефиниција за поимот културно добро е содржана во **Законот за сопственост и други стварни права** од 2001 година. Согласно член 142 став 2 „**За културно добро во смисла на овој закон се смета ствар која има општокултурно значење или е од јавен интерес и како таков се наоѓа под правен режим заради негова заштита и користење (споменик на културата, музејски материјал, библиотечен материјал, архивска граѓа, природни реткости и сл).**“

Според оваа дефиниција, поимот културно добро ги опфаќа само материјалните добра од соодветен вид и како таков е потесен од поимот културно наследство, бидејќи не се однесува на нематеријалните добра. Од друга страна поимот културно добро се јавува и како поширок поим бидејќи опфаќа и добра кои не претставуваат културно наследство. Конкретно станува збор за природните реткости, односно природното наследство.

Најстара меѓу предметните меѓународни дефиниции е дефиницијата од *Конвенцијата за заштита на културните добра од вооружен судир (Хашка конвенција)* од 1954 година, и гласи: „**Во согласност со целите на оваа Конвенција, како културни добра се сметаат, какво било да е нивното потекло или нивниот сопственик:**

- **движни или недвижни добра, кои се од големо значење за културното наследство на секој народ, како: споменици на архитектурата, уметноста или историјата, верски или лаички, археолошки места, збир на градби кои како целина се од историски или уметнички интерес, уметнички дела, ракописи, книги и други предмети од уметнички, историски или археолошки интерес, како и научни колекции и важни колекции на книги, архиви или репродукции на наведените добра;**

- **згради чија главна и ефективна намена е чување или изложување на движните културни добра наведени во алинејата (а), како: музеи, големи библиотеки, архивски депоа, како и скривници за засолнување на движните културни добра наведени во алинеја (а) во случај на вооружен судир;**

- **центри во кои се наоѓаат значаен број културни добра наведени во алинеите (а) и (б), наречени споменички центри** “.

Втората меѓународна дефиниција е од *Конвенцијата за мерките за забрана и спречување на недозволен увоз, извоз и пренос на сопственост на културни добра* од 1970 година и гласи: „**За целите на оваа Конвенција како културни добра се сметаат добрата од религиозен и световен карактер, што секоја држава ќе ги означи како значајни за археологијата, праисторијата, историјата, литературата, уметноста или науката, а што им припаѓаат на следните категории:**

- **ретки збирки и примероци на фауна, флора, минералогија и анатомија, предмети од палентолошко значење;**

- **добра што се однесуваат на историјата, вклучувајќи ја историјата на науката и техниката, воената и социјалната историја, како и животот на државници, мислители, научници и уметници од национално значење и на значајни национални настани;**

- **археолошки наоди (редовни и илегални) и археолошки откритија;**

- **делови на растурени уметнички или историски споменици и археолошки наоѓалишта;**

- **стари вредни предмети, постари од сто години, како натписи, ковани пари и печати;**

- **етнолошки материјали;**

- **добра од уметнички интерес како: а) платна, слики, цртежи работени само со рака врз секоја основа и од секој материјал (освен индустриски цртежи и фабрички предмети украсени со рака); б) оригинални вајарски дела од секој материјал; в) оригинални гравури, бакрорези и литографии; г) оригинални уметнички збирки и монтажи од секој материјал;**

- **ретки ракописи и инкунабули, стари книги, документи и публикации од особено значење (историско, уметничко, научно, литературно итн.), поединечно или во збирки;**

- **поштенски, таксени и други слични марки, поединечни или во збирки;**

- **архиви, вклучувајќи фотографски, фонографски и кинематографски;**

- **предмети од мебел постари од сто години и стари музички инструменти** “.

Оваа дефиниција е строго наменска и крајно лимитирачка, бидејќи истата се однесува на движните добра и тоа само на оние кои се предмет на извоз, увоз и пренос на сопственост. Треба да се нагласи дека предметната меѓународна дефиниција е основа и модел на дефиниција, што секоја земја членка на Конвенцијата е должна да го почитува при дефинирање на добрата кои ќе бидат предмет на контролираниот увоз, извоз и пренос на сопственост, регулирани со националното законодавство. Значи оваа дефиниција не го опфаќа целосно поимот културно добро.

Третата меѓународна дефиниција, предметна за македонскиот правен поредок, содржана е во *Конвенцијата за украдени или незаконски извезени културни добра* од 1995 година и е стилизирана на сличен начин како и горенаведената дефиниција. Според член 2 од оваа Конвенција, „**Културно добра се оние кои врз религиозна или профана основа, имаат археолошка, праисториска, историска, литературна, уметничка или научна вредност и припаѓаат на една од категориите наведени во анексот на оваа Конвенција**“.

Наведените меѓународни дефиниции и покрај разликите во поглед на содржината на поимот што го определуваат, според својата суштина, сепак се компатибилни. Истото важи и во поглед на наведената национална дефиниција. Македонската дефиниција за поимот културно добро е во функција

на идентификација на добрата чија сопственост е стекната врз посебна правна основа. Всушност, посебна правна основа за стекнување на сопственоста претставува самиот статус културно добро.

### 1.3. Изведени генерички поими

1.3.1 Недвижно културно наследство

Недвижното културно наследство опфаќа три групи на културно наследство и тоа:

1. **Споменици** – Согласно македонското споменичко законодавство, спомениците се поединечни градби, односно дела на архитектурата и на градежништвото или нивни делови и остатоци, вклучувајќи ги елементите и структурите од археолошки карактер, скулпторски, сликарски или дела на применетата уметност и на техничката култура, трајно поврзани за одредена средина, натписи, пештерни живеалишта, надгробни споменици, меморијални објекти и обележја поврзани со значајни настани и истакнати личности, други поединечни недвижни добра од културно и историско значење, заедно со инсталациите, украсните елементи и другите движни предмети што се трајно споени за самата градба или трајно служат за нејзино искористување. Спомениците се класифицираат на: верски објекти; цивилни објекти; воени објекти и гробни објекти.

2. **Споменички целини** – урбани, рурални и други населби или нивни делови и остатоци, вклучувајќи ја опремата на населбите, земјоделски, индустриски и други стопански комплекси и изолирани или поврзани групи градби коишто со своето единство или вклопеност во пејсажот сочинуваат топографски определена целина. Споменичките целини се класифицираат на: населени места и споменички целини со различна намена.

3. **Културни предели** – посебни делови од пејсажот коишто се истакнуваат како области на специфична интеракција на човекот и природата, односно како делумно изградени и уредени подрачја, култни места, места поврзани со битки или други значајни настани, градишта, некрополи и други археолошки наоѓалишта или места што сведочат за постоењето на човекот во просторот и времето, неговите активности, начин на живеење, обичаи, верувања или посебни традиции. Културните предели се класифицираат на: култивирани подрачја и други културни предели.

1.3.2 Движно културно наследство

Изразот движно културно наследство се употребува за материјалните добра со статус на културно наследство кои можат да се движат или да се преместуваат од едно место на друго, а притоа да не се оштети нивната суштина. Поимот движно културно наследство во македонското законодавство не е посебно дефиниран. Правното значење на овој поим е определен индиректно преку елементите на секоја од дефинициите на деветте видови движно културно наследство. Движното културно наследство ги опфаќа следниве групи на културно наследство:

1. **Археолошки предмети – „движни наоди од кој било вид и материјал, ископани од земја или извадени од вода, кои потекнуваат од периоди кои се предмет на проучување на археологијата или нејзините помошни науки**" (член 15 став 1 од Законот за заштита на културното наследство). За археолошки предмети се сметаат и наодите кои се откриени како самостојни творби или остатоци од некогашни градби, како што се саркофази, столбови, скулптури и друго. Исто така, за археолошки предмети се сметаат и деловите кои се добиени со трајно раздвојување од откриената градба, кога тоа е направено како мерка на заштита: подни и ѕидни мозаици, фрески, сакрална и профана архитектонска пластика и друго. Археолошките предмети се класифицираат на: праисториски предмети; предмети од античкиот период; предмети од средновековниот период; антрополошки предмети; епиграфски споменици; нумизматички предмети и збирка на археолошки предмети.

2. **Етнолошки предмети – „сведочат за начинот на живеењето, активностите, обичаите, обредите, верувањата, идеите и креациите што се неопходни за да се разберат етничките карактеристики и промените во материјалната и духовната култура на македонскиот народ и на заедниците во РМ**" (член 16 став 1 од Законот за заштита на културното наследство). За етнолошки предмети се сметаат и деловите добиени со раздвојување од објектите што имаат етнолошко значење: мусандри, роети, таваници и друго. Класифицирани се на: народно стопанство; макети на архитектонски објекти и делови од ентериер; традиционални дрвени покуќни предмети, алатки за преработка на текстилни влакна и стилски мебел; традиционални метални покуќни предмети; традиционални керамички, порцелански и стаклени садови и предмети; традиционална текстилна покуќнина; народна носија, модерна облека и театарски костими; традиционален накит, прибор и оружје; музички инструменти и предмети во народните обичаи; детски играчки; занаетчиски алати и збирки на етнолошки предмети.

3. **Историски предмети – „поврзани се со значајни историски настани или со активности на културни, национално-ослободителни, револуционерни и други политички движења и организации, просветни, културни, научни, верски, спортски и други институции и здруженија, државни органи или со животот и работата на истакнати личности, вклучувајќи ги старините што не припаѓаат на другите видови движно културно наследство, како и задолжителниот примерок на државни пари**“ (член 17 став 1 од Законот за заштита на културното наследство). Класифицирани се на: оружје; воена опрема и прибор; сфрагистички предмети (печати и отпечатоци); хералдички предмети; фалеристички предмети (одликувања); други антиквитети; модерна нумизматика и збирка на историски предмети.

4. **Уметнички предмети – „движни уметнички дела од областа на ликовните уметности и тоа: слики и цртежи направени со рака на која било основа и од каков било материјал, освен во индустриски дизајн и индустриски производи украсени со рака, оригинални скулпторски дела, уметнички композиции и монтажи во било кој материјал, оригинални гравури, бакрорезци, литографии и други отечатоци, оригинални постери и фотографии како начин на оригинално творење и делата на применетата уметност изработени во кој било материјал**“ (член 18 став 1 од Законот за заштита на културното наследство). Уметничките предмети се класифицирани на: сликарство; скулптура; графика; цртеж; применета уметност; фотографија; керамика; таписерија; витраж; објектна уметност; инсталација; видеоарт; концептуална уметност; перформанс; хепенинг; оригинална карикатура; оригинален стрип; холографија; компјутерска уметност; сакрални, религиски и култни дела и збирки на уметнички предмети.

5. **Технички предмети – „производи на техничката култура, поврзни со значајни етапи од техничкиот прогрес (машини, алати, инструменти, опрема, превозни средства и друго)**“ (член 19 од Законот за заштита на културното наследство). Класифицирани се на: телекомуникациски апарати и опрема; транспортни средства; мерни инструменти; оптички апарати и инструменти; акустични апарати и инструменти (за звучна репродукција); машини и уреди за произведување и пренос на енергија; медицински апарати и инструменти; уреди и апарати за домаќинство; канцелариска техника – опрема, машини и прибор и збирки на технички предмети.

6. **Архивска граѓа** – Согласно член 20 од Законот за заштита на културното наследство, **„(1) Архивска граѓа е целокупниот собран, изворен и репродуциран докуметарен материјал од трајна вредност и од значење за државата, науката, културата и за други потреби. (2) Архивска граѓа се сметаат и регистрите, инвентарите и другите јавни книги за културното наследство, како и документацијата за културното наследство и неговата заштита**“. Класифицирани се на: архивски фондови на власта и управата; архивски фондови на судските органи; архивски фондови на воените организации; архивски фондови на образовните, културните и научните институции; архивски фондови на социјални и здравствени установи и организации; архивски фондови на стопански и банкарски организации; архивски фондови на политички организации и здруженија на граѓани; архивски фондови на верски организации; семејни и лични архивски фондови и архивски збирки.

7. **Библиотечни добра – „стари ракописи (средновековни и словенски или ракописи на други јазици) што се однесуваат на Македонија, настанати до крајот на XIX век, инкунабулите и постинкунабулите печатени до 1530 година, првите изданија на книги на преродбеници и печатари или печатници во Македонија, старите карти и атласи на Македонија до 1913 година, посебни библиотечни целини што потекнуваат од просветни, културни, научни, верски и други институции во Македонија до крајот на 1946 година или што се издадени до тој период, а се однесуваат на значајни историски настани во Македонија, ретки книги и друг редок библиотечен материјал утврден со закон, како и семејни и лични библиотеки од научно или културно значење**“ (член 21 став 1 од Законот за заштита на културното наследство). Библиотечни добра се и задолжителните примероци на публикации кои се доставуваат до надлежната библиотечна установа, вклучувајќи го нотниот, картографскиот, филателистичкиот и друг материјал со статус на публикација како и задолжителниот примерок на одбранети магистерски и докторски трудови. Библиотечните добра се класифицираат на: ракописи; ракописен нотен материјал; печатени книги; нотен материјал – печатени партитури и штимови; картографски материјал; филателистички добра; задолжителен (архивски) примерок; библиотечна документација; други библиотечни добра и збирки на библиотечни добра.

8. **Кинотечни добра (аудиовизуелни добра) – „изворен материјал на кинематографско дело, односно негатив на слика и тон – негатив на филм, како и тонска копија на игран,**

**цртан, документарен, научно – популарен и друг филм од националната или странска кинематографска продукција, оригинал и копија на видеолента и други носачи на подвижни слики, со или без тон, без оглед на техниката на снимање, заедно со филмската документација (сценарио, книга на снимање, костимографски и сценографски материјали, филмски плакат и друго) како и задолжителниот примерок што се доставува до надлежната кинотечна установа**“ (член 22 став 1 од Законот за заштита на културното наследство). За аудиовизуелни добра се сметаат и пропратните материјали кои се однесуваат на подвижните слики, како пишувана документација, сценарија, книги на снимање, сценографски реквизити, микрофилмови, фотографии, слајдови, постери и друг пропаганден материјал. Класифицирани се на: македонска филмска продукција; странска филмска продукција за Македонија; странска филмска продукција; филмска документација; задолжителен архивски примерок и збирки на кинотечни добра.

9. **Фонотечни добра – „изворен материјал на снимени звуци односно оригинални, орални, музички или друг вид звучни записи или нивни копии, без оглед на формата, техниката на звучно запишување и видот на медиумот, вклучувајќи го и задолжителниот примерок на фонограм што се доставува до надлежната установа согласно со закон**“ (член 23 од Законот за заштита на културното наследство). Класифицирани се на: звучни записи публикувани и непубликувани; звучни записи на пренесуван звук (радио, интернет); звучни ефекти и збирки на фонотечни добра.

Посебните дефиниции за видовите на движно културно наследство произлегуваат и се надоврзуваат на општата законска дефиниција за поимот културно наследство и го објаснуваат правното значење на секој од поимите. Заедно, дефиниците го определуваат правното значење на поимот – движно културно наследство. Во начинот на дефинирање на содржините кои го сочинуваат поимот движно културно наследство, постојат неколку значајни карактеристики. Тука се вклучени *елементите на разграничување меѓу недвижното и движното културно наследство*, каков што е случајот кај археолошките, етнолошките, историските и уметничките предмети. Со тоа раздвоените добра стануваат движни добра иако претходно биле составен дел на некое недвижно добро. Следна карактеристика на дефинирањето на поимот движно културно наследство е *третманот на задолжителен примерок* според видот на самите добра. Задолжителниот примерок се јавува како облигаторен елемент на посебните дефиниции за неколку видови движно културно наследство и тоа: кај историските предмети и

библиотечните, кинотечните и фонотечните добра. Поимот движно културно наследство проширен е и преку дефиницијата за потесниот поим – библиотечни добра, во чија структура е вклучен и поимот редок библиотечен материјал со што значително е зголемен опфатот на поимот движно културно наследство. Истото може да се заклучи и за историските предмети кај кои како облигаторен елемент се јавува определбата за сеопфатност на старините. Во категоријата историски предмети влегуваат и сите други старини кои не припаѓаат на другите видови движно културно наследство. Согласно член 11 став 1 точка 17 од Законот за заштита на културното наследство „**антиквитет (старина) е предмет со уметничка, историска, научна, културна или друга слична вредност, стар најмалку сто години или помалку од тоа ако е или постанува редок поради тоа што веќе не се произведува, прави или создава** “. Овде индиректно, како елемент на дефинирање се јавува критериумот старост. Што се однесува до разграничувањето на поимите недвижни и движни добра, треба да се има во предвид дека во случајот кога се јавува спор за какво добро станува збор, секогаш се смета дека спорното добро е подвижна ствар (согласно Законот за сопственост и други стварни права). Според Законот за заштита на културното наследство, во случај на спор дали некој предмет припаѓа на движно или недвижно културно наследство, како и во случај на спор на кој вид културно наследство припаѓа доброто, за спорот одлучува Управата за заштита на културното наследство.

### 1.3.3 Духовно културно наследство

Духовното културно наследство ги опфаќа следниве групи на културно наследство:

1. **Фолклорни добра** – претставуваат обичаи, обреди, преданија, умотворби, народни песни, приказни, легенди, пословици, гатанки, танци, игри, стари и ретки занаети, традиционални вештини и други изрази од нематеријалното народно творештво. Фолклорните добра се класифицираат на: народни обичаи и верски обреди; народни верувања; народна книжевност; народна музика и ора; стари и ретки занаети; народна исхрана и традиционални игри и вештини.

2. **Јазик** – литературниот односно стандарден јазик и неговото писмо, како и локалните говори на истиот јазик (дијалекти). Класифициран е на: Македонски јазик и други јазици.

3. **Топоними – географски имиња** – имиња на езера, реки, извори и други водни објекти (хидроними), градови, села и други населби (оиконими), природни или административни подрачја (хороними), патишта (дромоними), земјоделски просторни објекти (агроними), планини и други објекти на природата поврзани со шуми (дендроними) и други изворни, локални и

официјални називи што се предметни за топонимијата на РМ. Класифицирани се на: микротопоними (сопствени имиња на поголеми или единечни делови од земјата); оиконими (имиња на населени места); ороними; хидроними; хороними (имиња на области – поголеми населени или ненаселени природни или административни единици од хоризонтален релеф); меморијални топоними (топоними што треба да зачуваат спомен на лице или настан); ходоними и хрематоними (сопствени имиња на човечки творби кои не се цврсто врзани за определено подрачје).

1.3.4 Национално културно наследство

Изразот национално културно наследство се употребува за идентификација на културното наследство поврзано со една држава. Во македонското законодавство овој поим е неодамна официјализиран. Во меѓународни рамки, единствениот акт со кој поблиску е определено правното значење на предметниот поим е *Конвенцијата за мерките за забрана и спречување на недозволениот увоз, извоз и пренос на сопственоста на културни добра* од 1970 година. Во овој меѓународен договор не е употребен изразот национално културно наследство, туку станува збор за формулацијата културно наследство на секоја држава. Согласно Конвенцијата, како делови на тоа наследство се сметаат: **(а)** културните добра кои се производ на индивидуалниот или колективниот дух на државјаните на предметната држава; **(б)** значајните културни добра за таа држава, што на нејзината територија ги создале странски државјани или лица без државјанство кои присуствувале во неа; **(в)** културни добра најдени на националната територија; **(г)** културните добра кои ги прибавиле археолошки, етнолошки или природонаучни мисии во согласност со надлежните власти на земјата на потекло на овие добра; **(д)** културните добра кои биле предмет на доброволна размена и **(ѓ)** културните добра добиени бесплатно или прописно купени согласно со надлежните власти на земјата на потекло на овие добра. Наведените шест категории на културни добра се однесуваат на движното културно наследство што е предмет на заштита според Конвенцијата. Припадноста на предметните движни културни добра кон националното културно наследство, определена е врз основа на три клучни критериуми на поврзаност. Првиот критериум е националната припадност, односно државјанството на авторот, согласно кој критериум, составен дел на културното наследство на РМ се движните добра од културно и историско значење што имаат статус на културно наследство. Според вториот критериум, за составен дел на македонското културно наследство, се сметаат и движните добра создадени од странци во РМ доколку таквите добра се значајни за македонската држава. Третиот критериум се однесува на легалните начини на прибавување странски движни културни добра врз основа на купопродажба, размена или подарување

или врз некоја друга основа. Поимот национално културно наследство ги опфаќа добрата од сите категории значење и тоа: локално, национално и меѓународно. Правилниот пристап за определување на националното културно наследство подразбира напуштање на националистичкиот начин на сфаќање на културното наследство. Оттука се истакнува дека вистинско национално културно наследство е само културното наследство кое претставува сложено и автентично културно наследство, кое настанало и се зачувало на тлото на една држава, бидејќи тоа сведочи за сложеноста на историските промени и за различните односи на луѓето и народите во минатото. Културното наследство може да биде определено и врз некоја друга основа и тоа: историска, регионална, меѓународна, стилска, културолошка, политичка и слично. Националното културното наследство останува такво без разлика на сите можни или применети класификации, односно определувања на неговата припадност според други критериуми.

1.3.5 Загрозено културно наследство (културно наследство во опасност)

Изразот загрозено културно наследство, како правен поим, во македонското споменичко законодавство, е официјализиран со Законот за заштита на културното наследство од 2004 година. Поимот како таков е преземен од UNESCO - вата Конвенција за заштита на светското културно и природно наследство од 1972 година. Поимот загрозено културно наследство се однесува на движното, недвижното и нематеријалното културно наследство. Според официјалната законска дефиниција, како загрозено културно наследство се смета **културното наследство на кое му се закануба опасност од оштетување, уништување или посериозно нарушување на неговиот интегритет**. Опасноста на која може да биде изложено културното наследство треба да биде сериозна и конкретна, односно може да биде непосредна и конкретно утврдена, односно докажана како таква и посредна, односно можна. За непосредна загрозеност се зборува во случаите кога се работи за:

- забрзано пропаѓање на материјалот од кој се направени културните добра;
- сериозни промени на структурата или декорацијата;
- сериозни промени на архитектонската и урбанистичката поврзаност на добрата, на урбаниот и руралниот простор или на природната околина;
- изразено губење на историската автентичност;
- сериозно изопачување на нивното културно значење;

- сериозни промени од непознати причини и

- преименување на топонимите.

Наспроти тоа, за посредна загрозеност се зборува во случаите кога културното наследство е изложено на зголемени опасности што би можеле да имаат погубна или друга штетна последица врз неговите суштински карактеристики. Како такви опасности, во поглед на материјалното културно наследство, особено се сметаат:

- избувнување или закана од избувнување на војна или друг вооружен судир;

- природни катастрофи и тоа особено: земјотреси, поплави, пожари, лизгање на земјиштето или други прогресивни промени од геолошки, климатски и други природни фактори;

- напуштеност од било која причина и

- недостиг, несоодветност или недоволна примена на плановите и програмите за заштита или промена на режимот на заштита што не соодветствува со заштитно - правниот статус на културното наследство (односно загрозеноста со просторните и урбанистичките планови).

Статусот загрозено културно наследство се стекнува врз основа на наведените критериуми во пропишана постапка и врз основа на акт на надлежниот орган. Во национални рамки, предметниот статус се утврдува со решение на Управата за заштита на културното наследство.

## 2. ОСНОВНИ ПОДЕЛБИ НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Согласно член 3 од Законот за заштита на културното наследство, културното наследство се категоризира според три основни поделби и тоа:

1. Културното наследство во смисла на член 2 од овој закон, **според неговите својства**, може да се подели на следниве **видови** на културно наследство:

   - **недвижно културно наследство**;
   - **движно културно наследство**; и
   - **духовно** (нематеријално) **културно наследство**.

2. Културното наследство во смисла на член 2 од овој закон, **според неговото значење**, може да се подели на следниве **категории** на културно наследство:

   - Од **особено значење** – има исклучителни и други посебни вредности и карактеристики. Културното наследство од особено значење може да биде:

     а) Од **исклучително значење** – согласно Законот за заштита на културното наследство, културно наследство од исклучително значење е „**секое добро коешто има највисоко национално значење и универзални вредности за човештвото и неговата историја, култура, уметност, наука или технички прогрес**“, односно културното добро претставува:

       - единствено уметничко остварување, исклучително редок примерок или најкарактеристичен пример за одреден вид на творештво од периодот од кој потекнува;

       - карактеристичен пример на стилови во уметноста, архитектурата, конструкциите, облиците на традиционалните населби или урбанистичките концепции;

- кое извршило или врши значително влијание врз развојот на културата, уметноста, науката, техниката или општествениот развој;

- кое е поврзано или претставува сведоштво за идеи, верувања, значајни настани или истакнати личности кои имале пресудно значење во преобразбата на општеството.

б) Од **големо значење** - согласно Законот за заштита на културното наследство, културно наследство од големо значење е „**секое добро кое има големо значење за националната историја, култура, уметност, наука или технички развој**“, односно културното добро претставува:

- сведоштво од поширок интерес за проучување на општествените појави;

- се истакнува со својата изворност, репрезентативност во својот вид, разновидност на содржните, облик, изглед, функција, старост, зачуваност или со друга типичност, а поради повторување, не спаѓа во категоријата културно наследство од исклучително значење;

- во кое се содржани делови, односно детали или други вредносни елементи од големо културно и историско значење; и

- кое е поврзано со значајни настани и истакнати личности од националната историја и култура.

Културното наследство од особено значење е добро од јавен интерес за РМ и ужива посебна заштита.

- Од **друго културно и историско значење**.

3. Културното наследство во смисла на член 2 од овој закон, **според степенот на неговата загрозеност**, може да биде:

- **незагрозено културно наследство**;

- **загрозено културно наследство** *(културно наследство во опасност)*.

# 3. ПРИМЕРОЦИ НА ДВИЖНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РМ

## 3.1 Нумизматички предмети

Република Македонија спаѓа во редот на земјите кои имаат длабока историска и културна традиција. Во неа се пронајдени голем број археолошки наоди кои говорат за богатото културно наследство низ вековите. Еден сегмент од археолошките наоди се нумизматичките. На територијата на РМ пронајдени се голем број *монети* од различни хронолошки периоди. На самиот почеток, во најстарото време од постоењето на трговијата, таа била натурална, односно се вршела со размена на добиток и земјоделски производи. Особено големо значење во размената имал добитокот. Со развитокот на занаетите и производството на некои нови производи, се преминало кон стоково – паричната размена. Така се стигнало и до првата монета, а нејзината појава го поставила почетокот на формирање на класното општество и на државата воопшто. Појавата на првата монета се третира како значаен социјален и економски настан во светската историја, кој одиграл голема улога и во развитокот на културата.

Првите монети биле многу примитивни и ковани од смеса од злато и сребро. Подоцна започнале да се коваат од злато, сребро и бронза. На почетокот монетите биле многу едноставни, а подоцна станале пораскошни и биле изработувани со претстави од животни, човечки портрети, божества, а неретко и со алегориски и дескриптивни сцени. Поради специфичните особини кои ги поседуваат, како што се малиот волумен и отпорноста кон атмосферските влијанија, монетите, неретко претставуваат единствениот доказ за расветлување на многу настани од минатото.



Слика 1



Слика 2

Најстарите примероци на монети во Македонија[1] биле исковани од пајонското племе Дерони во VI век п.н.е., кои живееле на територијата источно од долното течение на Вардар до Струма, околу Дојранското Езеро и Пангеј. Од нумизматичката збирка од Охрид, од предримскиот период, се застапени монети ковани од македонските, тракиските и пајонските владетели или од поединечни

[1] Пајонија, *Лајаи*, октодрахма (520 – 480 год. пред н.е.) од Нумизматичката збирка на НБРМ – слика 1 и 2

градови во егејскиот или илирскиот свет. Една од најстарите монети припаѓа на тесалскиот град Лариса (IV век п.н.е.) со претстава на глава од нимфа од едната страна и претстава на коњ од другата страна. Илирските градови, Аполонија и Дирахион, од крајот на IV век п.н.е. ковале сребрени и бронзени монети. Во охридската збирка се застапени драхмите на овие градови од I-II век п.н.е., како и бронзените монети од крајот на III век п.н.е. Во нумизматичката збирка на Завод и Музеј – Охрид досега се евидентирани 53 примероци од Дирахион и Аполонија, од кои 33 се бронзени, а 20 сребрени монети. Овие монети се присутни во стоково – паричната размена во РМ, а особено во нејзиниот југозападен дел. Исто така и во Прилеп се пронајдени 15 примероци од монетите на Дирахион, а во Скопје 8 од Дирахион и 1 монета од Аполонија. Во однос на ковањето на бронзени монети, двата градови водат независна монетна политика што е резултат на нивниот различен економски развој. Аполонија има многу побогата типологија на бронзени монети. Мошне ретки се четирите бронзени примероци на монети, ковани во Лихнид во II век п.н.е. На аверсот тие се со претстава од македонскиот штит, а на реверсот со претстава на преден дел на лаѓа. Нумизматичката збирка од Охрид укажува на интензивната стоково – парична размена што ја имал Лихнид со центрите на источниот јадрански брег.



Слика 3

Во Македонија, важно е да се напомене дека во периодот од IV до II век п.н.е., најзастапени се монетите на македонската држава и македонските кралеви. Од времето на Александар I и Архелај не се пронајдени примероци, меѓутоа чести се наодите од времето на Аминта III, а најзастапени и најбројни се монетите од времето на Филип II и Александар III[1], како и од неговите наследници. Од времето на Филип II и Александар III најбројни се бронзените монети. Најчести претстави на нивните монети се: на аверсот - глава на Зевс, Херакле, претстава на божицата Атена или коњаник. Со потпаѓањето на Македонија под римска власт, присутни се емисиите на римските републикански денари, кои се со високи уметнички квалитети. Сребрените римски денари кои припаѓаат на I – II век п.н.е. имаат разнообразни симболи: Рома со шлем и квадрига, Дијана и бига, Одисеј со кучето и др. Како

[1] Една од монетите на македонските кралеви - *Лизимах (287-281 год. пред н.е.)* – на слика 3 е аверсот од монетата, со претстава на Александар свртен надесно со амонов рог.

најквалитетна монетарна единица, римскиот денар егзистира повеќе од 400 години (од II век п.н.е. до III век од н.е.), кога како резултат на политичките промени во царството се јавува општа нестабилност и во економската сфера, што доведува до инфлација и појава на антонинијани наместо денари.



Слика 5

Во Македонија, во I век од н.е. постоела монетарница во Стоби која ковала пари. Нумизматичкиот материјал од царскиот период на РМ е застапен во нумизматичките изложбени поставки од времето на Октавијан Август, па се до крајот на IV век од н.е. било со поединечни наоди или депоа. Познати се две депоа на бакарни монети во близината на Гевгелија и Крива Паланка. Во овој период се среќаваат наоди од монети од монетарниците од целиот Балкан, како што се Едеса, Тесалоники, Стоби (I век до II век од н.е.). Во текот на III век од н.е. присутни се наоди од монетарницата во Виминациум, која го покривала целиот простор до Солун. Византиската нумизматика започнува со поделбата на Источно и Западно Римско Царство[1]. Во музеите во Македонија се наоѓаат неколку депоа на монети од овој период, што се од огромно значење за историјата на овие простори и за рановизантиската нумизматика. Тоа се депоата од с.Секулица, Кратовско; Стоби; Баба кај Прилеп и Струмица.



Слика 6

Во втората половина на X век од н.е. во Македонија имало големи политички движења кои довеле до создавање на Самуиловото царство и до формирање на Охридската патријаршија. Цар Самуил не ковал сопствени монети, туку се служел со византиски. Со реформата на Алексиј I Комнен (1081 –

[1] Период Македонија под Рим, од Нумизматичкиот музеј на НБРМ, *Лусиус Фулсиниус (168 – 166 год. пред н.е.) –* слика 5

1118 год. од н.е.) за првпат се воведуваат монети со конкавна форма (т.н. чанковидни монети). На аверсот од овие монети обично се наоѓа претставата на царот, а на реверсот има религиозни симболи или претстава на Богородица, Христос и разни светци: Св.Архангел Михаил, Св.Димитрија и Св.Теодор. Во Македонија пронајдени се повеќе доцновизантиски депоа со монети, а познати се депоата од с.Велестово, Охрид; с.Коњско – Ресен; околината на Прилеп; Битола и античкиот театар во Охрид.

Во XIII и XIV век, во Македонија покрај доцновизантиските монети, во употреба се и венецијанските грошеви и српските динари. Венецијанските монети за прв пат се ковани во 1202 год. Новата монета била наречена матапан, меѓутоа во сите документи се среќава под името грош. Легурата на грошот е најдобра во средниот век и е со чистота на среброто од 96,5%. Грошот бил направен според примерот на грчките монети. На реверсот има претстава од Христос на престол, а претставата на аверсот потсетува на византиските нумии од тоа време, но има специфични византиски дополнувања со претставата на Св.Марко. Депоа со венецијански грошеви се најдени во Кичево, Охрид, Стоби и Скопје. Во триесеттите година на XII век се случува првото ковање на српски средновековни монети по примерот на византиските. Кај македонските словени интензивно се присутни српските монети во средината на XIV век, што се потврдува и со депоата на сребрени динари од Охрид и голем број поединечни наоди ширум Македонија. Во периодот на цар Душан се коваат најразновидни монети. Неговите монети имаат влијание од запад, но во голема мера кај нив е присутно и византиското влијание. Во првите петнаесет години од своето владеење, тој кова монети со латински натписи, а за прв пат, по крунисувањето во Скопје, употребува кирилски натписи, што не е случај со неговите претходници.



Слика 7



Слика 8

Монетите на синот на цар Душан, Урош, се бројно застапени и типолошки најразновидни. Карактеристика на неговото ковање на монети е поставување на комбиниран натпис (кирилски и латински). Крал Волкашин, како совладетел на Урош имал и совладетелски монети, а во охридското депо се присутни и монети кои самостојно ги ковал во неговите монетарници во Призрен и Охрид. Градот Охрид, како значаен историски, културен и верски центар, во антиката, а и во средниот век ковал

свои монети[1]. Во II век п.н.е. Лихнид ги кова бронзените монети со претстава на аверсот – македонски штит, а на реверсот – преден дел од чун. Од овој тип монети постојат шест примероци во нумизматичката збирка на Завод и  Музеј – Охрид, една во приватна збирка во Охрид, во збирката на НБРМ има четири примероци, еден примерок во Битола, два во Албанија и еден во Турција. Во XVII век во монетарницата во Охрид се коваат турски акчиња со кои завршува продукцијата на монети. РМ по бројноста и раскошната типологија на нумизматичкиот материјал зазема значајно место на Балканот.

### 3.2 Галерија на охридските икони

Меѓу највредното културно наследство на Македонија влегува охридската колекција на икони. Под икона (од грчки, εικων - слика) се подаразбира света слика изработена на дрво или платно, на која се претставени ликовите на Исус Христос, Богородица, светители, апостоли, евангелисти, маченици и архангели, а поретко и настани од христијанската историја. Во музејскиот комплекс на црквата Св.Богородица Перивлепта (Св.Климент) се наоѓа Галеријата на охридските икони, една од неколкуте најскапоцени средновековни колекции на икони во светот. Колекцијата опфаќа повеќе икони, но триесетина се оценети како врвни уметнички дела; создавани во подолг временски период од XI до XIX век. Највредните икони се следниве:



Слика 9



Слика 10

- **Св.Василиј Велики и Св.Никола**, XI век, околу 1045/50 год.; **Четириесетте Севастиски маченици**, втора половина на XI век; **Причестувањето на апостолите**, крај на XI и почеток на XII век; **Богородица и Архангел Гаврил (од Благовештението)**, почеток на XII век;

[1] Во XIV век во монетарницата во Охрид се коваат монетите на Крал Волкашин. По Маричката битка (1371 год.) на територијата на Крал Марко, во охридската монетарница продолжил да се кова познатиот тип на монети, на аверсот повеќереден кириличен натпис – слика 7, а на реверсот Исус Христос пред *супеданеум* (поддршка за нозете на распнат човек) – слика 8. На сликите е претставена монета, односно динар од *Крал Марко*, од Нумизматичкиот музеј на НБРМ.

**Исус Христос**, 1262/63 год.[1]; **Богородица Одигитрија**, втора половина на XIII век; **Распетие Христово**, втора половина на XIII век; **Евангелист Матеј**, крај на XIII, почеток на XIV век; **Крштевање Христово**, почеток на XIV век; **Слегување во пеколот**, почеток на XIV век; **Томино неверство**, почеток на XIV век; **Богородица Психосострија**, почеток на XIV век; **Благовештение**, почеток на XIV век; **Исус Христос Психосостис**, почеток на XIV век; **Распетие Христово**, почеток на XIV век; **Св.Никола со житие**, средина на XIV век; **Исус Христос Пантократор**, средина на XIV век; **Богородица Психосострија**, средина на XIV век; **Богородица со Христос**, средина на XIV век[2]; **Воведение на Богородица**, втора половина на XIV век; **Св.Климент Охридски**, последна четвртина на XIV век; **Св.Наум Охридски**, последна четвртина на XIV век; **Св.Никола**, крај на XIV век; **Св.Климент Охридски**, втора половина на XVI век; **Св.Наум Охридски**, втора половина на XIV век; **Архангел Михаил**, втора половина на XVII век; **Св.Марина со житие**, средина на XVII век (од црквата Св.Богородица Перивлепта);

- **Св.Наум Охридски**, втора половина на XIV век; **Мачењето на Св.Јаков Персиски**, средина на XVI век; **Вознесение на Св.Илија**, крај на XVII и почеток на XVIII век (од црквата Св.Никола Болнички);

- **Подготвувањето на крстот**, почеток на XIV век; **Св.Јован Крстител**, крај на XVII и почеток на XVIII век (од црквата Св.Богородица Болничка);

- **Богородица Одигитрија**, прва половина на XIII век (од црквата Св.Врачи Големи);

- **Богородица Епискепсис**, почеток на XIV век; **Св.Марина**, прва половина на XIX век (од црквата Св.Врачи Мали);

- **Успение на Богородица**, почеток на XIV век (од црквата Св.Никола Геракомија);

- **Богородица со Христос - Пантонхара**, 1844 год. (од црквата Св.Јован Богослов - Канео);

---

[1] иконата на Исус Христос во голем формат – слика 9

[2] на слика 10 е претставена Богородица со Христос

- **Воскресение Христово**, XIV век; **Воведение на Богородица**, XIV век; **Евангелист Михаил**, XVII век; **Рождество Христово**, XIX век; **Св.Климент (релјефна икона)**, XIII век.



Слика 11



Слика 12

***Богородица од Благовештението*** заедно со иконата на Архангелот Гаврил, ја сочинува композицијата Благовештение[1], која ја красела олтарната преграда на црквата Св.Богородица Перивлепта. Богородица седи на позлатен трон, а во раката држи вретено со пурпурно предено. Позадината и рамката на иконата се покриени со оков од сребрени плочки, на кои се изведени флорални орнаменти, фигури и натписот „Господ е со тебе“. ***Архангел Гаврил од Благовештението*** облечен е во сина туника, свртен е надесно и е со кренатa десна рака во знак на поздрав, додека левата му е целосно уништена. Архангелот се наоѓа во движење, а наборите на неговата облека се релјефни и доста длабоки. Позадината и рамката на иконата се прекриени со оков од сребрени плочки со иста флорална орнаментика како и иконата на Богородица. Иконата на ***Исус Христос*** во голем формат ја претставува неговата биста, нешто стеснета во рамењата во однос на пропорциите на неговата глава. Со десната рака благословува, а во левата држи затворен свиток. Ореолот околу главата на Исус е златен и релјефен, со флорална орнаментика. Оваа икона е една од најраните точно датирани икони во Македонија. На нејзината задна страна се наоѓа натпис во кој како дарител се споменува охридскиот архиепископ Константин Кавасила и годината на сликањето 1262/63. Иконата ***Богородица Одигитрија*** е литиска икона, а на другата страна е ***Распетието Христово***. Богородица е претставена во допојасна фронтална поза со малиот Христос во левата рака. Позадината на иконата е покриена со оков од сребрени плочки и претстави на големи празници. Ореолите на Богородица и Исус се од сребрен лим. Композицијата на Распетието Христово е претставена со само три личности Исус Христос, Богородица и апостолот Јован. Во центарот на композицијата е големиот крст на кој е распнат Исус, а во горните агли има два ангели кои ја надополнуваат симетријата.

[1] Благовештение – ја сочинува композицијата од иконите на Богородица и Архангел Гаврил – слики 11 и 12



Слика 13

***Евангелистот Матеј***[1] е претставен во цел раст, во полупрофил како зачекорува со десната нога. Во левата рака држи евангелие кое го отвора со десната рака. Ореолот на евангелистот е златен, а позадината е оставена недовршена, бидејќи најверојатно била подготвувана за поставување на оков. Централна фигура во композицијата на ***Слегувањето во Ад*** е Исус Христос, а под него се насликани вкрстените врати на пеколот. Во левата рака Христос држи свиток, а десната рака му ја подава на Адам кој стои во виолетов ковчег. Десно од Христос е претставена група од четири личности, а меѓу нив е и Јован Крстител во разговор со една личност.



Слика 14



Слика 15

Кај композицијата ***Томиното неверство***, помеѓу две симетрично распоредени групи од шест апостоли, во прв план доаѓа Исус. Прв во левата група е Тома и со показалецот на десната рака покажува на раната на својот учител. Апостолите зад него зачудено дискутираат меѓусебе. Од десната група прв е Петар и со рацете гестикулира кон Христос. Иконата ***Св.Богородица Перивлепта*** е литиска икона (од другата страна е ***Воведението на Богородица***). Богородица е претставена допојасно со малиот Христос кого го придржува со левата рака. Нејзините очи ја изразуваат тагата за судбината на нејзиниот син. Погледот на Христос е фиксиран на лицето на неговата мајка. Сребрениот оков на иконата е богато орнаментиран со флорални елементи во вид на лозичка. ***Благовештение*** е исто така литиска икона (на

[1] претставена на слика 13

другата страна е ***Богородица Психосострија***). Во композицијата се претставени Богородица и Архангелот Гаврил. Богородица седи на трон, десната рака и е кренатa, а во левата го држи вретеното. ***Св.Климент Охридски*** е литиска икона[1], а на другата страна е претставен ***Св.Наум Охридски***. Фигурите на двајцата светители се претставени допојасно во фронтален став. Св.Климент благословува со десната рака, а во левата држи затворена книга. Св.Наум е облечен во монашка облека, со десната рака благословува, а во левата држи затворен свиток.

### 3.3 Галерија на икони Црква Св.Ѓорѓи – Струга

Збирката икони од црквата Св.Горѓи може да се нарече поствизантиска, бидејќи во неа доминираат икони од XVI и XVII век, во помал број икони од XVIII век и по некоја икона од XIX век. Најстарата датирана икона од оваа збирка е иконата на ***Св.Ѓорѓи***[2] од 1267 година.



Слика 16

Од периодот пред средината на XVI век, во црквата, зачувани се неколку икони кои можат да се вбројат меѓу најдобрите на своето време. Тоа се двопојасните претстави на апостолите Симон и Тома, Богородица со Христос, иконата на Св.Петка, иконата на Св.Ѓорѓи со сцени од неговото житие. Одлика на иконописот во сликањето на ликовите од овој период е користењето на окерен инкарнат и потемни нијанси, односно сенки на краевите, со користење на бели оживки кои на ликот му даваат исклучителна живописност. Од втората половина на XVI век се иконите на Христос, Св.Меркулиј на коњ и Св.Ѓорѓи на коњ. На овие три икони се согледуваат новите тендеции во иконописот со постапното ладење и затемнување на боената палета. Оваа тенденција продолжува и се забележува на делата кои ќе настанат на крајот на XVI век и тоа иконата на Св.Ѓорѓи, иконата на Св.Никола, двете допојасни фигури на ангели и двете крила од некогашен поменик во форма на триптих, со претстави на Христос и Јован Претеча. На ова време припаѓа и иконата на Св.Марина. На почетокот од XVII век точно е датирана

[1] на сликите 14 и 15 е прикажана литиската икона со претставите на Св.Климент и Св.Наум Охридски

[2] Иконата на Св.Ѓорѓи е претставена на слика 16

иконата на Св.Димитрија на коњ од 1601 година, а на ова време припаѓа и триптохот со претстава на Христос Цар, Богородица царица и Јован Претеча придружувани од фигурите на апостолите. Од првата половина на XVII век припаѓаат големиот надиконостасен крст со Распетие и фигурите на Богородица и апостолот Јован, седумте празнични икони со резбани и позлатени рамки на ковчежето, Христос на престол. Од средината на XVII век е големиот Деисен чин со апостолите на три одвоени штици кои некогаш го сочинувале архитравот на иконостасот, а од втората половина на XVII век се иконите на Св.Апостоли Петар и Павле, Св.Петка со сцени од нејзиното житие, Св.Марена и неколку икони со мал формат, Св.Никола, Св.Јован Претеча, Св.Петка и иконата на Св.Димитрија на коњ. Овде се забележуваат стилските промени во иконописот од XVII век, затемнување на колоритот, цртежот станува се поизразен и во многу случаи го моделира ликот. Фигурите стануваат издолжени и волуменот се губи. Иконописот од времето на доцниот среден век во збирката е застапен со неколку икони од XVIII век, како што е Вознесението на пророкот Илија, дел од иконата на Св.Меркуриј на коњ, Св.Атанасиј, Св.Наум, Св.Јован Претеча, едното крило од некогашниот триптих со претстави на Јован Претеча, архиерејски фигури на Св.Атанасиј и Св.Никола и Св.Ѓорѓи на коњ како ја убива аждајата, иконата на Св.Никола со мал формат насликана на зелена позадина. Збирката поседува и неколку икони од времето на XIX век, Св.Спиридон со сцени од неговото житие, една двострана икона со претстава на Св.Троица и фигури на светци од двете страни и една икона на Богородица со светци.

### 3.4 Средновековен накит

На територијата на РМ, како резултат на археолошки истражувања или случајни откритија, досега се пронајдени стотици примероци од средновековен накит. Временски накитот се однесува на периодот од VII до XIV век. Процентуално најголем дел од средновековниот накит потекнува од стотината некрополи идентификувани на територијата на РМ од средниот век. Средновековните некрополи во РМ се христијански, со исклучок на неколку некрополи од раниот среден век за кои е дискутабилна христијанската припадност на погребените. Христијанството, со неговото масовно прифаќање во втората половина на IX век е религија на средниот век во Македонија, се до продорот на Османлиите и исламот кон крајот на XIV век и населувањето на Евреите во 1492 година. Согласно христијанските обичаи, покојните се погребувани во свечена облека, надополнета со накит, а облеката и накитот одговарале на нивната возраст, пол, етничка и социјална припадност. Накитот во себе содржи многу лична симболика, но исто така и општа, архетипска.



Слика 17

Средновековниот накит се употребувал во пределот на главата, вратот, градите и рацете или во својство на дополнување на облеката. Брачната симболика на прстените, а делумно и на другите видови на накит, е присутна до денес. Во средновековието прстените покрај свадбеното имале и многу други значења. Тие го покажувале статусот во рамки на некоја институција или во заедницата воопшто, почнувајќи од државата, црквата, професијата, семејството и слично. Во текот на средновековието, прстените биле во широка употреба кај сите социјални и старосни категории што резултирало со нивно големо присуство меѓу средновековниот накит на Македонија. Масовната употреба на *наушниците* (кои висат закачени покрај ушите и образите) и *обетките*[1] (протнати во ушната ресичка) е мошне значајна, бидејќи тие се подложни на влијанието на модата, поради што и се најоптимални за датирање. Наушниците во средниот век биле употребувани од сите возрасни групи, од двата пола, од богатите и од сиромашните. Мажите ги носеле обетките на едното уво, како амајлија за заштита од лошите сили. Ова е посведочено и во фреско – живописот, каде се забележани дури и претстави на малиот Исус, со обетка на увото.



Слика 18

Исто така и *белегзиите*[2] имаат некои амулетски значења. Тие се поврзуваат пред се за жените, а одредени мотиви кои се јавуваат на средновековните белегзии, по нивното излегување од употреба, се применуваат како везови на ракавите, рабовите и на другите делови од народните носии, чинејќи еден препознатлив фолклорен репертоар. Посебно интересни се и белегзиите кои се носеле на надлактицата, на левата или на десната рака. Ова зборува за одделни спецификации во облеката на овој простор.Вакви

[1] На слика 17 се претставени златни обетки со ероси и делфини, Горна порта, Охридска тврдина

[2] Белегзија од периодот меѓу XIV и XVI век – слика 18

белегзии се пронајдени во женски гробови во с.Мокрино, Струмичко; кај Кочани; во околината на Прилеп; Охрид; Неготино итн. Овој раритетен накит е идентификуван на фреско – живописот од црквата Св.Пантелејмон во Нерези, Скопје.

Луксузниот накит кој потекнува од остави или од побогато опремени гробови е изработен од сребро или од негови легури, од позлата, поретко и од злато, со техники на леење, исчукување, филигран, гранулација, фасетирање, примена на украсни камења (најчесто полускапоцени). Поголемиот дел од овој накит бил увезен, но во доцносредновековниот период, во домашни работилници биле изработувани одделни примероци. Кај поедноставниот накит од метал, доминира бронзата и другите легури на бакарот, месингот, оловото, калајот, железото и легурите на среброто. Во голема употреба, заради ефектниот изглед и релативно ефтината продукција, е и стаклената паста, во најразлични бои: монохромна, полихромна и сликана, со рамна или со релјефна површина, со мат или со проѕирен сјај, изготвувана по антички рецепт. Накит бил изработуван и од органски материјали подложни на гниење (текстил, кожа, дрво, плодови и сл.) или коска и разновидни школки, од кои најценети биле школките од индиското крајбрежје или од Црвеното Море.

Средновековието во Македонија е долг период лимитиран со населувањето на Словените кон крајот на VI и почетокот на VII век и продорот на Османлиите кон крајот на XIV век. Во овој период можат да се одделат барем три етапи со повеќе фази и потфази. Периодот на VII – VIII век застапен е со 3 – 4 локалитети од сеуште недоволно истражената и идентификувана културна група Комани – Круе, чија источна периферија е во југозападна Македонија, каде се наоѓаат и двата најголеми локалитети кај нас: Св.Еразмо – Охрид и Цигански горбишта – с.Радолишта, Струга. Оваа култура познава многу интересни форми, типови и начини на носење и комбинирање на накитот. Наметките се носеле такашто се прицврстувале со маркантни фибули со подвиена нога, многу поретко се користеле плочестите, а се среќаваат и словенски прстести фибули. Околку појасите се носеле колани кои изгниле, бидејќи се од органско потекло, но зачувани се токите, јазичињата, привrзоците итн. Наушниците кои ги носеле жените и девојчињата се застапени со повеќе типови и варијанти, а се носеле и ѓердани од разнобојни монисти од стакло и стаклена паста. Оваа култура се губи во почетокот на IX век.

Временската етапа од IX - XII век, археолошки најдобро се согледува од многубројните некрополи ископани во регионот на средно Повардарие, Охридско, Преспанско, Битолско итн. Во накитот од ова време се забележуваат паралели со накитот од соседните области од Балканот (Романија,

Бугарија, Албанија, Грција) и пошироко на територијата на денешна Унгарија, Украина, Русија. Во овој период од употреба излегуваат фибулите. Околу вратот и над градите или на ракавите, и за прицврстување на облеката се употребуваат *копчиња*. Тие се главно ситни, топчести, леени со печуркаста глава, типични за крајот на X и XI век, или шупливи, од бронзен лим кои опстојуваат во текот на целото средновековие. Топчесто копче од позлатена бронза најдено е во гроб од локалитетот Крстеви во с.Корешница кај Демир Капија. Ажурирани копчиња се забележуваат и во доцниот среден век, а пронајдени се во машки гроб од Голем Град – Преспа. Во некоја форма тие опстојуваат и во македонската народна носија. Крупните плочести петлици – ботони во полуксузен аранжман, за закопчување на гонелите и наметките, открени се во Скопје и Стоби, а се среќаваат во XII и XIV век. Во текот на средновековието континуирано, но ретко е присуството на *појасните токи*. Тие се наменети за поимотните слоеви од населението. Обичното селско население употребувало *колани* од ткаенина, кожа или од други органски материјали без скапите токи.

Подобро истражуван е периодот од крајот на X век, односно накитот од времето на Самуил и неговите наследници. Во овој период, репертоарот на наушници и обетки е најбогат со типови и варијанти податливи за датирање. Алчињата, кружни или овални, од разни метали и големини, без додатоци или со нанижани приврзоци, школки, мониста итн., се присутни до крајот на средниот век. Заради нивната нагласена амулетска улога, минијатурните алчиња се среќаваат навлечени асиметрично врз една од наушниците. За периодот од IX до X век карактеристични се наушниците – алчиња од впреден тел, а за периодот од X до XI век наушниците со едно или три коленца, како и ретките наушници со „S“ завршеток. Почнувајќи од IX па се до XI век можат да се сретнат наушници со стожер и со гроздовиден приврзок. Во XII век се јавуваат покрупни форми меѓу кои доминираат наушниците со нанижани јаготки на обрачот. Меѓу најкарактеристичните типови на белегзии спаѓаат лентестите, закопчани со еден шарнир, оние со отворени, различно обликувани краеви, како и тордираните од четирикратна жица, со јамки на краевите, кои опстојуваат се до доцниот среден век.

За периодот од IX до XII век карактеристични се неколку типови прстени. Меѓу луксузните примероци спаѓаат *прстените* со конусна глава, украсена со филигран и гранулација или со цилиндрична круна исполнета со украсно стакло. Бронзените прстени за широка употреба се или од типот со нагласена глава или од најзастапениот облик со нагласена глава и рамена. Меѓу поретките наоди во XI век се прстените со грчки литургиски текст. Се среќаваат и спирални прстени и тоа почесто на исток во Стоби, Пепелиште. Од ѓерданите, особено интересни примероци се пронајдени во женските

гробови во Демир Капија. Еден од ѓерданите е од разнобојни ситни стаклени мониси од кои еден дел се премачкани со златно – жолта или сребрена боја. Другиот е составен од комбинација на топчести стаклени зрна, премачкани со бисерна боја и со крупни сребрени мониси, исполнети со по 2 – 3 зрнца белутрак, поради што ѕвечкале. Меѓу приврзоците од средниот век се прапорците, а и крстовите го заштитуваат носителот од злото. Накитот за глава е застапен со многу малку примероци, а особено се издвојува луксузниот венец од Маркови Кули од XIV век и бакарната лентеста дијадема од Црквиште – Демир Капија од XIV - XV век.

Нов период од материјалната култура настапува во почетокот на XII век, по падот на Цариград и распарчувањето на Византија. На овој простор во овој период се понагласени стануваат западноевропските влијанија. Во накитот тоа се забележува преку романско – готските форми, орнаментиката и вкусот и преку појавата на хералдичките претстави. Меѓу населението се понагласена станува социјалната и сталешката диференцијација, а накитот станува се помасивен. Прстените се најомилени во доцниот среден век и најдобро го илустрираат тоа. Тие се волуменозни, со расчленета форма, а декорацијата не се задржува само на горниот видлив дел, туку се шири и по целата површина на обрачот. Белегзиите се повеќе се повлекуваат од употреба. Се претпоставува дека стаклените белегзии опстојувале и подоцна. До крајот на XIV век опстојале луксузните масовни белегзии од лабаво плетена жица, со отворени краеви и раскошните лентести белегзии со два шарнири. И двата типа на белегзии со повеќе примероци и варијанти се дел од репертоарот на колекцијата накит од непозната локација од Маркови Кули – Варош, кај Прилеп, сопственост на Народниот Музеј – Белград. Наушниците и обетките во доцниот среден век се застапени со најкарактеристични типови. Во луксузната продукција се среќаваат раскошни зрачести, кружни, лунулестите, висечките, алките со една или повеќе јаготки, а како нивни поедноставни, ефтини имитации, наведените облици се олицетворени во типовите Курбиново, преку кружните, мешестите, лунулестите варијанти итн. Споредбата на накитот, обичаите при китењето и облеката од средниот век во Македонија, со подоцнежната етнографска граѓа, ќе покажат што се и во кој облик продолжило да живее или се изгубило при формирањето на македонската народна култура и на стилот.

### 3.5 Килими

Министерството за култура во 2009 година финансираше проект преку кој беше збогатена збирката на килими на Завод и Музеј – Охрид со килими од различен временски период и со различна техника на обработка. Килимите главно се откупени од граѓани од Охрид и претставуваат едно

дамнешно време во кое тие биле составен дел на покуќнината. Потекнуваат од крајот на XIX и средината на XX век. Големите шарени килими биле постилани на душемињата, а помалечките служеле како украс за ѕидовите. Килимите според начинот на кој се направени, можат да се поделат на три групи и тоа:

- Килими ткаени на хоризонтален разбој – Пет од килимите се ткаени на хоризонтален разбој со техника на мазно двонитно ткаење, еднакво за лицето и опачината, а орнаментите се изведени рачно со прсти и набиени со брдо. На три од килимите, кои се типично охридски, доминираат природни бои со богата разновидност и богати орнаменти. Другите два килими се изработени во Охрид и Струга, но можат да се сретнат и во други градови во РМ. За нив се карактеристични посиромашни контрастни бои и посиромашна орнаментика.

- Килими ткаени на вертикален разбој – Два од килимите се ткаени на вертикален разбој и на нив е применета техниката на лито ткаење со прстите. Потекнуваат од втората половина на XX век. Едниот килим е изработен во Охрид, а другиот е увезен од Косово. И покрај големото производство на килими во Охрид, исто така биле и увезувани и тоа од: Пирот, Санџак, Босна и Косово. На овие килими доминантни се дречливите бои и цветните орнаменти, а ја отсликуваат модата карактеристична за периодот од кој потекнуваат.

- Везани килими – Четири од килимите се мошне ретки. Потекнуваат од втората половина на XX век. Везени се на индустриско конопно платно јута со волнени конци, а на нив е применета техниката на везење со крстиња. И овие килими се постелувале на под или се обесувале на ѕид. Карактеристика на ова време претставуваат и перничињата од јута везени со волнени конци, кои биле неизоставен дел од чеизот на младите девојки.

### 3.6 Везови од етнолошката збирка

Македонската везбена уметност го достигнала највисокиот дострел во својот развој во XIX век. Еволутивниот процес започнал со населувањето на Словените на Балканот, а за понатамошниот развој посебно значење имала византиската култура. Носители на везбеното творештво во Македонија исклучиво биле народните носии, кои се задржале се до првите децении на XX век. Завод и Музеј – Охрид, располага со богати примероци на народни везови, скоро од сите делови на Македонија, иако овој музеј е ориентиран на проучување на културното наследство од охридско – струшкиот регион. Карактеристично речиси за сите македонски везови е нивната изведба со броење на жиците од платното

и најчесто од опачината, што овозможува полесно броење, но бара и развиена техничка вештина. Најтипична за македонските везови е гобленската техника – полнеж, која достигнува високо уметничко ниво. Одделни техники во везот – релјефните, ажурните, крвчињата се ограниени само на некои области. Во колоритот на македонските везови доминира црвената боја, а везовите се карактеризираат со ситна и префинета релјефна орнаментика. Од орнаментите најзастапени се геометриските фигури, а исто така застапени се и цветните орнаменти. За везење најчесто биле употребувани волнени конци, а се приготвувале на домашен традиционален начин од најквалитетната волна. За везење, особено за празничната облека, се употребувале и свилени конци, а во некои краишта на Македонија било познато и домашното одгледување на свилена буба.

### 3.7 Кошули и покривала за глава

Брсјачката етнографска целина го зафаќала најголемиот дел од Западна Македонија и ја сочинува населението од племето Брсјаци. Денес сеуште се задржани во: струшки Дримкол, Струшко Поле, Малесија, Дебарца, Охридско Поле со крајбрежните охридски села, Преспа, Кичевско, Порече, Железник, прилепско – битолско поле, Мариово и Велешко. Народните носии од овој дел на Македонија ги карактеризира многу облека, претежно од бела клашна, платнени кошули, разновидни покривки за глава, богат калорит од бои и разни техники на везење, украсени со гајтани, срма, филигрански украси, скапоцен и масивен накит од метал. Тие се носеле во XIX век па се до почетокот на XX век. Главен дел од женските народни носии биле кошулите. Во зависност од намената, кошулите можеле да бидат секојдневни, празнични, невестински, за на вода првиот ден по свадбата, траорна и за разни возрасти. Кошулите се главно платнени во вид на туника, сошиена на рака, од памук, лен или коноп, богато украсени со специфичен вез на ракавите, градите и долниот дел на кошулите. Во колоритот на носиите доминантна е црвената боја, која се појавува во повеќе нијанси, а застапени се и црната, жолтата, портокаловата, белата и зелената боја. При везењето се употребувале техниките: лозено, крстој, полнеж, крени поклопи и др. релјефни техники. Меѓу покривалата за глава особено се карактеристични невестинските, декоративно орнаментирани, украсени со реси и со дополнителни украси од стари метални пари, монистри, школки и сл.

## 4. КЛАСИФИКАЦИЈА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Зборот **класификација** означува **распределба на предмети, податоци, појави и поими по класи, односно поделба и распоредување на однапред утврдени хиерархиски степени на**

**расчленетост според одредени критериуми**. Самиот поим класификација подразбира понатамошно расчленување по субординирани нивоа и нивно изведување едни од други. Покрај ова значење, зборот класификација, означува поделба и подредување, односно систематизација на некој материјал и тоа особено научен или стручен, категоризација, одредување на степени и оценување на вредности или квалитет (вреднување, односно валоризација). Во областа на заштитата на културното наследство, употребата на терминот класификација главно е поврзана со предметот на заштита.

Заради обезбедување единствен пристап во идентификацијата на културното наследство и изградување на информативен систем за културното наследство со квалитетна споредливост и употребливост на податоците, културното наследство се класифицира според Националната класификација на културното наследство согласно Законот за заштита на културното наследство. Согласно член 33 став 2 од овој закон „**Националната класификација е стандард на типолошка класификација што се употребува за идентификација на културното наследство за службени потреби, по групи, подгрупи, видови и типови со шифри и официјални називи**". Во случајов се работи за типолошка класификација на материјалните и нематеријалните добра што се предмет на заштита според прописите за заштита на културното наследство. Националната класификација ја донесува Владата на РМ, а класифицирањето го врши Управата.

Секоја класификација, без оглед на областа за која се прави, за да биде релевантна подразбира да биде спроведена врз основа на едно исто обележје или комбинација од неколку обележја. Доколку не се внимава на ова постои опасност да се промаши целта на класификацијата. Во ваков случај се губи и смислата на класифицирањето како потреба за средување со различни нивоа на воопштување. Било која класификација, вклучително и класификацијата на културното наследство, се темели врз основа на некоја конвенција и врз основа на договорени критериуми во одредени прифатени мислења или институционална рамка. Не постои класификација која во секој поглед може да биде отпорна. Значи во ниту една област не може да постои идеална класификација.

### 4.1 Национална класификација на културното наследство

Националната класификација на културното наследство претставува нов инструмент во системот на заштита на културното наследство и е официјализиран со Законот за заштита на културното наследство. Овој акт е усвоен од страна на Владата на РМ на седницата одржана на 16 март 2006 година. Под поимот национална класификација се подразбира **протектолошки стандард за препознавање,**

**групирање и дефинирање на културното наследство по хиерархиски степени на расчленетост, според кој се врши распределба на заштитените добра во една држава**. Со неа се детектира досегот на заштита, особено затоа што самата класификација претставува материјализација и детален опис на содржините опфатени со законската дефиниција за поимот културно наследство. Основната цел на националната класификација на културното наследство, според матичниот закон, е обезбедување единствен пристап во идентификацијата на културното наследство и изградување на информативен систем за националното културно наследство со квалитетна споредливост и употребливост на податоците. Идентификацијата на добрата претставува само почетна активност во организираниот протекторски третман на истите. Како инструмент на идентификацијата, класификацијата е сфатена во функција на полесно и поедноставно толкување и користење на податоците за нив. Како цел на класификацијата е поставено и обезбедувањето на квалитетна споредливост и употребливост на податоците за заштитените добра. Податоците се многу поквалитетни и поупотребливи доколку произлегуваат од единствениот *Национален информативен систем за културното наследство*. Националната класификација на културното наследство претставува комбиниран модел на класифицирање. Во зависност од видот и специфичностите на односните добра, класифицирањето е направено според намената или начинот на користење на добрата, материјалот од кој се направени или техниката на изработка, хронолошката или културната припадност, со неопходното комбинирање, а понекогаш и со отстапување од почетниот модел на класифицирање на конкретните добра. Класификацијата на културното наследство се темели на повеќе критериуми или обележја кои ги поседуваат и според кои се групираат различните типови добра (фукција, материјал, техника, форма, хронолошка припадност, начин на користење и сл.). Секоја класификација на културното наследство во значајна мера е условена и од целта, односно намената за која се прави (научна, образовна, културна, социо - економска, просторно – урбанистичка, заштитно – функционална и сл.).

Структурата на Националната класификација ја сочинуваат шест хиерархиски нивоа на расчленетост и тоа: класа, вид, група, подгрупа, тип и поттип. Првите пет нивоа на расчленетост се официјализирани, задолжителни степени на класификација. Кај некои типови на добра предвидена е и поделба на поттипови поради потребата од обезбедување поголема прецизност на идентификацијата.

- Како прво ниво на поделба и највисок степен на расчленетост земена е категоријата *класа*, според која се разликуваат три класи на добра: (1) недвижно културно наследство; (2) движно културно наследство и (3) духовно културно наследство.

- Вториот степен на расчленетост се однесува на *видовите на културно наследство* и опфаќа вкупно 15 видови културно наследство, дефинирани во матичниот закон.

- Третото ниво на поделба се однесува на *групните добра* што припаѓаат на односниот вид културно наследство и тука се идентификувани вкупно 118 групи на културно наследство.

- На четвртото ниво на поделба се издвоени вкупно 512 *подгрупи* на културно наследство.

- Како последен задолжителен степен на расчленетост, на петтото ниво, се идентификувани вкупно 2526 *типа* културно наследство од сите видови, групи и подгрупи.

- Применето само кај одредени типови добра, заради подобра идентификација, на шестото ниво на поделба, издвоени се вкупно 2068 *поттипови* на културно наследство.

Во Националната класификација на културното наследство не е опфатено материјалното културно наследство како генерички поим и класификациона целина. Тоа е оставено да се подразбира, а податоците за него може да се изведат со збирен приказ на податоците за движното и недвижното културно наследство. Од принципиелна гледна точка може да се забележи дека би било поисправно првото ниво на поделба да подразбира издвојување на материјалното наспроти нематеријалното културно наследство. Во матичниот закон, материјалното културно наследство не е издвоено како посебна правна категорија, туку неговите составни делови недвижно и движно културно наследство.

Националната класификација на културното наследство, како подзаконски акт, подготвена е од страна на Управата за заштита на културното наследство, орган кој е во склоп на Министерството за култура. Од страна на истата за таа цел биле формирани посебни тимови: за недвижно културно наследство, за движно културно наследство и духовно културно наследство и еден координативен тим составен од претседателите на посебните тимови. Во својство на консултанти биле ангажирани над 30 научни и стручни работници од различни области. Во изготвувањето на Националната класификација биле користени важечките национални прописи, ратификуваните меѓународни конвенции и препораките, повелбите и другите општи акти на УНЕСКО, Советот на Европа, ЕУ и меѓународните невладини организации од областа на заштитата на културното наследство, особено актите на ИКОМОС, ИКОМ, ИФЛА и други организации. Работната верзија на Националната класификација, преку Министерството за култура била дадена на јавен увид на повеќе јавни установи од областа на

заштитата на културното наследство и соодветните институции од кои се очекувало научен и стручен придонес во подобрувањето на понудените решенија. Врз основа на забелешките и дополнувањата дадени од Државниот завод за статистика, Секретаријатот за законодавството на Владата на РМ и Државниот архив на РМ, со извесни измени и дополнувања, била изготвена нацрт – верзијата на Националната класификација. Нацрт – верзијата била разгледана и од страна на Националниот совет за културно наследство, советодавно и координативно тело на Владата на РМ. Донесената Национална класификација претставува редок пример на интегрален пристап во којшто се опфатени сите видови недвижно, движно и духовно културно наследство, што националниот правен поредок ги заштитува како такви. Националната класификација се ефектуира како методолошка основа на соодветните софтвери од областа на заштитата на културното наследство. Податоците за класифицирањето според Националната класификација претставуваат задолжителни информативни единици, односно стандарден елемент во корпусот на задолжителните податоци за заштитените добра. Како такви тие се вградени во соодветните заштитни инвентари и во *Националниот регистар на културното наследство*, односно базите на податоци за заштитените и незаштитените добра.

# II ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

## 1. ВОВЕД ВО ЗАШТИТАТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

### 1.1 Основи на заштитата

Во член 5 од Законот за заштита на културното наследство, став 1 наведено е дека „**културното наследство е темелна вредност на Република Македонија што се заштитува во секакви околности**“. Заштитата на културното наследство е сложен систем на односи и поведенија од различен вид. Таа подразбира постоење на одредено ниво на заштитна свест и единство од правни, административни, стручно – научни, технички, технолошки, финансиски, безбедносни, едукативни и други превентивни и корективни мерки, со кои се обезбедува сочувување на материјалните и нематеријалните добра од културно, историско, уметничко, научно и слично значење, кое како трајна вредност се пренесува на идните генерации. Културното наследство се заштитува според:

- неговите вредности;
- неговото значење и
- степенот на неговата загрозеност.

Заштитата на културното наследство се остварува без оглед на времето, местото и начинот на создавањето, без разлика кој го создал или во чија сопственост или владеење се наоѓа, без оглед дали е од световен или религиозен карактер и дали е регистрирано. Согласно одредбите на Законот за заштита на културното наследство, културното наследство може да се евидентира, да се прогласи, да се регистрира и да се означи, но не може да се промени сопственоста ниту сопственикот на културното наследство. Движното културно наследство се заштитува како поединечно добро или збирка. Културното наследство се користи според неговата природа и намена согласно со целите на заштитата.

### 1.2 Цели на заштитата

Со Законот за заштита на културното наследство регулирани се и целите на заштита на културното наследство и тоа[1]:

1. **Основна цел на заштитата:**

- Зачувување на културното наследство во изворна состојба;

- Создавање на што поповолни услови за опстанок на културното наследство и за задржување на интегритетот на сите податоци кои културното наследство ги носи во себе како сведоштво, извор или своевиден документ;

- Ширење на сознанијата за вредностите и значењето на културното наследство и за неговата улога во културната идентификација и

- Оспособување на културното наследство, според неговата намена и значење, да служи за задоволување на културните, научните, едукативните, естетските, економските, верските, туристичките и другите потреби на граѓаните и на општеството.

2. **Оперативна цел на заштитата** – се состои во преземање на активности за спречување на дејства, појави и влијанија со кои се врши или може да настане оштетување, уништување, растурање, исчезнување, деградирање и противправно присвојување на културното наследство.

3. **Крајна цел на заштитата** – претставува пренесување на културното наследство на идните генерации.

### 1.3 Остварување на заштитата

Согласно член 6 од Законот за заштита на културното наследство, „***заштитата на културното наследство се остварува*** **особено со:**

1. **Вршење на дејности од областа на културата кои делумно или целосно се однесуваат на заштитата на определен вид на културно наследство;**

---

[1] Од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на РМ бр.20/04, 18/11, 148/11 и 23/13)

**2. Вршење на управни, стручни и други работи на заштита, што се од значење за остварување на функциите на државата и правата и должностите на граѓаните и правните лица во врска со културното наследство;**

**3. Организирање мрежа на специјализирани служби и постојани советодавни и координативни тела за заштита, на национално и локално ниво;**

**4. Утврдување на национална стратегија за заштита и нејзино ефикасно спроведување;**

**5. Развивање на свеста за значењето на културното наследство и опасностите на кои е изложено и потребата од неговата заштита;**

**6. Изградување и унапредување на компатибилен информативен систем за културно наследство и негово поврзување со специјализираните и општите системи и мрежи на национално и меѓународно рамниште;**

**7. Меѓународна помош, соработка и заштита на националното културно наследство и**

**8. Стимулирање на невладините организации и приватните иницијативи за заштита и користење на културното наследство".**

Заштитата на движното културно наследство се остварува и со ефикасно управување со ризиците на кои е изложено, особено во поглед на нелегалните ископувања, криумчарењето, кражбите, присвојувањето и другите противправни дејствија, како и во поглед на условите на чување, ракување, транспорт, изложување и друго.

### 1.4 Субјекти на заштитата

Остварувањето на заштитата на културното наследство првенствено претставува должност на државата и нејзините органи и нејзините служби. Останати субјекти кои ја остваруваат заштитата се следниве[1]:

- Единиците на локалната самоуправа и нивните органи и јавни служби;

[1] Од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на РМ бр.20/04, 18/11, 148/11 и 23/13)

- Правните и физичките лица определени да вршат работи на заштитата на културното наследство;

- Сопствениците и другите иматели на културно наследство – одговорни за одржувањето, чувањето, почитувањето и правилното користење на културното наследство.

Исто така, грижата за културното наследство и неговото почитување, претставуваат должност на секој граѓанин на РМ.

Управните и одредени стручни работи на заштитата на културното наследство ги вршат Министерството за култура и Управата за заштита на културното наследство, како орган во состав на Министерството за култура. Предмет на правото на сопственост може да биде недвижно и движно културно наследство. Културното наследство може да биде во сопственост на РМ (државна сопственост), на единиците на локалната самоуправа и на други правни и физички лица. Културното наследство за кое основано се претпоставува дека претставува културно наследство што ќе се најде во земја или вода, без оглед дали е извадено, се смета дека е во државна сопственост. „**За културно наследство во државна сопственост,** согласно член 10 став 4 **се смета и:**

- **Движно културно наследство чиј сопственик на несомнен начин ќе изрази волја дека не сака повеќе да го поседува културното добро, односно дека го напушта;**

- **Недвижно културно наследство за кое правото на сопственост ќе биде избришано врз основа на изјава за откажување од сопственост дадена од сопственикот, врз основа на која ќе биде запишано правото на сопственост на име на РМ, веднаш по бришењето на правото на дотогашниот сопственик;**

- **Културно наследство чиј сопственик не е познат, во рок од 10 години кај недвижното културно наследство и во рок од 3 години кај движното културно наследство, од денот на донесувањето на решението за определување старател на таквото добро.**“

Во други случаи, согласно Законот за заштита на културното наследство, во поглед на правото на сопственост се применуваат прописите за стекнување на сопственост на најдени ствари.

# 2. ЗАШТИТНИ ЕВИДЕНЦИИ НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

## 2.1 Поим на заштитна евиденција

Изразот **заштитна евиденција** е генерички поим, под кој се подразбира **секоја официјална евиденција во областа на заштитата на културното наследство, воспоставена заради идентификација, следење на состојбите или други потреби во врска со заштитените добра и добрата од културно и историско значење што заслужуваат да бидат предмет на законска заштита, особено во поглед на нивните вредности, значење, својства, содржини, функција, старост, бројност, распространетост, припадност, истраженост, документираност, загрозеност, обезбеденост, достапност, презентираност и слично**. Самиот израз, заштитна евиденција, во македонското законодавство е официјализиран со Законот за заштита на културното наследство од 2004 година. Официјализирањето е направено поради усогласување со меѓународните терминолошки стандарди од предметната област.

Заштитните евиденции се составен дел на системот на заштита на културното наследство во секоја држава. Тие се резултат на систематска активност што се врши организирано од страна на овластени субјекти и врз основа на утврдена методологија. Успешното евидентирање неопходно подразбира добро едуциран кадар од различни области и обезбедување на други средства, особено технички и финансиски. Создавањето на заштитните евиденции подразбира теренска работа која се состои во препознавање и селектирање на добрата кои заслужуваат да бидат ставени под заштита, прибирање податоци и нивно документирање, но и кабинетска обработка на теренските податоци. Заштитните евиденции можат да имаат различна форма и содржина. Некои се водат во форма на *список*, односно листа или преглед, со одреден број, вид и обем на податоци или во форма на *картотека*, со пропишан изглед на еден или повеќе евиденциони картони (инвентарни листови), а други во форма на инвентарни книги, регистри, каталози, односно *јавни книги*. Денес со развојот на информатичката технологија, заштитните евиденции се повеќе се водат во електронска форма, во вид на специјализирани бази на податоци со стандардни елементи.

Предмет на заштитната евиденција можат да бидат: само заштитени добра, од ист или од различен вид и категорија; само незаштитени добра, од културно и историско значење, или комбинирано, заштитени и незаштитени добра заедно во зависност од видот и целта на евиденцијата.

Земено во целина, заштитната евиденција претставува значаен помошен инструмент за заштита.

## 2.2 Цел и значење на заштитните евиденции

Заштитните евиденции се водат за подобра идентификација на односните добра и нивно спроведување под режим на заштита, доколку за истите не е веќе спроведена заштита. Покрај тоа, нивна цел на заштита може да биде и:

- благовременото планирање и преземање мерки на заштита и спасување во случај на загрозеност;
- соодветен третман на односните добра во процесот на просторно и урбанистичко планирање и во фазата на нивна реализација;
- превенција на споменичкиот криминалитет или спречување на незаконските дејства против заштитените добра;
- следење на ризиците на кои се изложени добрата и промените од различни фактори;
- изведувањето на конзерваторско – реставраторски и други работи на непосредна заштита на односните добра;
- поуспешна едукација и информирање на јавноста во процесот на развивање и јакнење на протекторската свест;
- подобро управување со културното наследство.

Заштитните евиденции можат да се воспоставaт заради остварување на една или повеќе од горенаведените цели.

Значењето на заштитните евиденции се манифестира преку функционалноста на целите. Тоа особено се состои во тоа што го олеснуваат процесот на одлучување за културното наследство и неговата заштита и придонесуваат за практично остварување на целите на заштита.

Во оперативна смисла, значењето на заштитните евиденции најмногу доаѓа до израз при:

- подготвување и спроведување на националната стратегија за заштита;
- акционите планови за превенција;

- годишните и повеќегодишните програми за работа;
- изработката на елаборатите за валоризација;
- заштитно – конзерваторските основи за потребите на просторните и урбанистичките планови и други студиско – аналитички материјали од предметната област;
- конзерваторските истражувања;
- конзерваторските проекти;
- плановите за управување со ризиците на кои е изложено културното наследство;
- плановите за управување со заштитените подрачја и др.

**2.3 Правни белези на заштитните евиденции**

Веќе напоменавме дека заштитните евиденции се водат од страна на надлежни субјекти според утврдена методологија. Односите во врска со нив се уредуваат со закон и друг пропис или општ акт во согласност со законот. Притоа, основните прашања, како што се вид, надлежност, рокови, услови и сл., се уредуваат со закон, а прашањата во поглед на формата, содржината и начинот на водење се уредуваат со еден или повеќе подзаконски акти, особено со уредби и правилници. Формалната природа на заштитните евиденции укажува на тоа дека тие мора да бидат воспоставени согласно утврдените правни норми.

Заштитните евиденции се посебни правни целини и секоја си има свој одреден правен идентитет. Во зависност од видот, предметот и целта на евидентирањето тие може да имаат *декларативно* или *конститутивно* дејство. По правило, заштитните евиденции имаат декларативно дејство, што значи не предизвикуваат никакви материјално – правни последици. Со нив се потврдува постоењето на релевантни факти за добрата кои се предмет на евидентирање. Притоа нивното внесување во некоја заштитна евиденција нема никаков одраз врз нивниот протекторски статус, односно доколку предмет на евидентирање е некое заштитено добро, тоа и понатаму си го задржува степенот на заштита. Доколку предмет на евидентирање е некое незаштитено добро, смислата на неговото евидентирање е да се покаже дека истото заслужува да биде предмет на заштита. Исклучок од ова се инвентарните книги на

музеите, библиотеките, архивите, кинотеките, фонотеките и други слични јавни установи за заштита, кои имаат конститутивно дејство, што подразбира материјално – правни последици.

Заштитните евиденции немаат никакво влијание врз имотно – правниот статус на евидентираното добро, односно со внесување на доброто во заштитната евиденција, истото не го менува сопственичкиот статус. Ова е наведено и во Законот за заштита на културното наследство во член 5 став 4 „**со евидентирање, прогласување или друг начин на ставање под заштита, регистрирање и означување на културното наследство според одредбите на овој закон не може да се промени видот на сопственоста, ниту неговиот сопственик**". Заштитните евиденции се водат според *начелото на јавност*. Фактите што се внесени во нив се сметаат за вистинити и полноважни се додека не бидат внесени нови факти или исправки на веќе извршените уписи. Субјектите кои ги водат заштитините евиденции имаат должност да издаваат уверенија за евидентираноста на односните добра согласно со закон. На тој начин заштитните евиденции и информациите кои ги содржат се достапни за поширокатa јавност.

*Достапноста на јавноста* се овозможува со увид во соодветната заштитна евиденција, односно со прегледување на податоците во неа, без присуство на службено лице или под негов надзор, во зависност од видот на евиденцијата и целта на користењето на податоците. Достапноста може да биде овозможена со подготвување и објавување на посебни списоци, издавање на специјални публикации, ставање на податоците во јавно достапен облик на интернет и слично. Во одредени случаи, утврдени со закон и друг пропис или општ акт во согласност со закон, достапноста до некои заштитни евиденции или податоци во нив може да биде ограничена. По правило, под режим на ограничување се личните податоци за сопствениците на заштитените добра. Во одредени случаи, природата на самите податоци во некои заштитни евиденции, ја наложува потребата од поголема претпазливост или соодветни ограничувања, особено кога станува збор за информации што можат да поттикнат на кражба, недозволена трговија или нелегален извоз, оштетување, уништување или манипулации од различен вид, пред да бидат преземени планираните мерки на заштита. Така, некои заштитни евиденции или клучните информации во нив, можат да бидат достапни само за одредена цел или само на одредени категории корисници.

### 2.4 Национална регулатива за заштитните евиденции

Материјата за заштитните евиденции во РМ е уредена со неколку закони и подзаконски акти. Клучните одредби за заштитните евиденции се содржани во Законот за заштита на културното наследство, а систематизирани се во член 34. Заштитна евиденција според одредбите на овој закон се води за[1]: (1) културното наследство и добрата за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство и (2) движните добра чија земја на потекло е РМ, а се наоѓаат во странство по било која основа и без оглед како се однесени, доколку претставуваат интерес од гледна точка на нивната реституција во земјата (дисперзирано културно наследство) и движните добра кои се дел од културното наследство на друга држава, а се наоѓаат на територијата на РМ (странско културно наследство). За наведените категории добра, пропишана е обврска да се води основна, матична и централна евиденција, како и дополнителни и посебни евиденции утврдени со овој и друг закон и со меѓународни договори. Основната евиденција ја водат јавните установи за заштита, Архивот и правните лица овластени од министерот за култура за вршење на работи на заштита на фонотечните добра и духовното културно наследство. Матичната евиденција ја водат надлежните матични установи за заштита, а централната евиденција и посебните евиденции согласно со ратификуваните меѓународни договори ги води Управата. На горенаведените евиденции се врши ревизија, а ревизијата ја вршат субјектите кои ги водат евиденциите. Министерот за култура ги пропишува содржината и начинот на водењето на заштитните евиденции и вршењето на нивните ревизии.

За првпат во македонскиот правен поредок, со Законот за заштита на културното наследство, се утврдува обврската за евидентирање на незаштитените добра од културно и историско значење на територијата на РМ, дисперзираното македонско културно наследство во странство и странското културно наследство што се наоѓа на територијата на РМ. Исто така првпат е воведена обврската за водење заштитни евиденции на три хиерархиски нивоа и водење посебни национални инвентари, предвидени со ратификуваните меѓународни договори. Во тој контекст треба да се сфати и законското овластување за донесување на посебен правилник за заштитните евиденции и нивната ревизија. Врз основа на член 34 став 7 од Законот за заштита на културното наследство, министерот за култура има донесено *Правилник за содржината и начинот на водење на заштитните евиденции на културното наследство и добрата за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство, на*

[1] Од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на РМ бр.20/04, 18/11, 148/11 и 23/13)

*дисперзираното и странското културно наследство, како и начинот на вршење на нивните ревизии* (Службен весник на РМ бр.10/08). Согласно член 1, „**со овој правилник се пропишува содржината и начинот на водење на заштитните евиденции на културното наследство и добрата за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство, на дисперзираното и странското културно наследство, како и начинот на вршење на нивните ревизии**“. Заштитните евиденции се водат во електронски облик со помош на соодветна компјутерска програма и содржина на записот пропишана со овој правилник. За секое добро од културно и историско значење, што е предмет на евиденција, во базата на податоци се отвора нов запис, а за секој запис веднаш се прави испис на хартија на посебен инвентарен лист. Инвентарниот лист се заверува со потпис на овластеното лице и печат на јавната установа за заштита. Инвентарните листови за основната, матичната и централната евиденција се поврзуваат во една или повеќе тврдо укоричени книги, најмногу до 500 страници, прошиени со емственик[1] чии два краја се прицврстени со печат на внатрешната страна од задната корица на книгата. Секоја книга се заверува со потпис на овластеното лице и печат на јавната установа за заштита. Подврзувањето се прави годишно или периодично во зависност од бројот на инвентарните листови и нивниот обем, а по правило во една книга се подврзуваат најмалку 50 инвентарни листови. На предната страна на корицата на секоја книга во горниот дел се отпечатува грбот на РМ, а под него текстот Република Македонија и називот на установата што ја води соодветната евиденција. На истата страница, во средниот дел, се отпечатува називот на заштитната евиденција. Посебните книги од ист вид заштитна евиденција се означуваат редоследно со римски броеви. Податоците од секој вид заштитна евиденција имаат заштитна копија снимена на соодветен медиум, во два примероци. Заштитната копија се чува на соодветно место обезбедено од неовластен пристап, пожар и пробив на вода или влага и се употребува како прирачна копија во случај на оштетување на податоците во компјутерот. Пристап до податоците во односниот вид заштитна евиденција има единствено овластено лице кое располага со лозинка, определена од органот што ја води евиденцијата. Исправката на погрешен упис во заштитната евиденција се врши така што се зачувува претходно внесениот податок. Бришењето од заштитната евиденција се врши така што во „забелешка“ се внесува причината за бришењето и се внесува ознака што ќе го исклучи доброто од активниот дел на базата на податоци. Достапноста на податоците во заштитните евиденции се овозможува со:

---

[1] шарен коноп за врзување и запечатување на бизнис дела

1. увид во инвентарните листови, односно прегледување на податоците во евиденцијата под надзор на овластеното лице на установата, односно органот што ја води евиденцијата;

2. ставање на податоците во јавно достапен облик на интернет;

3. подготвување и ажурирање на посебни списоци, прегледи и слични материјали за евидентираните добра;

4. издавање на посебни публикации за заштитните евиденции;

5. издавање уверенија, на барање на заинтересирани лица.

При користење на податоците од заштитните евиденции, истите се наведуваат како извор на податоци.

Ревизијата на заштитната евиденција се врши од страна на Комисија формирана од носителот на евиденцијата. Со ревизијата се прави проверка на исправноста на податоците за евидентираното добро и нивно ажурирање, односно сообразување со фактичката состојба преку исправки и дополнителни уписи или бришење од евиденцијата. Ревизијата се врши одделно за секој вид заштитна евиденција, а за извршената ревизија се поднесува извештај во писмена форма. Доколку во извештајот се констатирани грешки или недостатоци, тој претставува основа за ажурирање на податоците во евиденцијата.

## 2.5 Видови заштитни евиденции

### 2.5.1 Основна евиденција

Предмет на основната евиденција се сите материјални и нематеријални добра од културно и историско значење, без оглед на нивниот протекторски статус. Тоа значи дека со оваа евиденција се опфатени сите видови и категории заштитени добра, без оглед дали претставуваат културно наследство и на која категорија припаѓаат или имаат статус на добро под привремена заштита или резервирана археолошка зона, како и сите видови незаштитени добра од културно и историско значење коишто заслужуваат да бидат ставени под заштита, односно за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Основната евиденција се заснова на територијалното начело на организација на работата, во зависност од видот на односните добра. Таа за еден или повеќе видови добра се води за подрачјето на

една или повеќе општини, според стварната и месната надлежност на овластените субјекти, утврдени со закон. Согласно член 4 од Правилникот (Службен весник на РМ бр.10/08), основната евиденција ја сочинуваат општи инвентари на добрата од културно и историско значење и тоа:

1) ***општ инвентар на недвижни добра од културно и историско значење*** (општ инвентар на споменик; општ инвентар на споменичка целина; општ инвентар на културен предел).

2) ***општ инвентар на движни добра од културно и историско значење*** (општ инвентар на археолошки предмети; општ инвентар на етнолошки предмети; општ инвентар на историски предмети; општ инвентар на уметнички предмети; општ инвентар на технички предмети; општ инвентар на архивска граѓа; општ инвентар на библиотечни добра; општ инвентар на аудиовизуелни добра; општ инвентар на фонотечни добра).

3) ***општ инвентар на нематеријални добра од културно и историско значење*** (општ инвентар на фолклорни добра; општ инвентар на јазик и дијалекти; општ инвентар на топоними).

Водењето на основната евиденција на археолошки, етнолошки, историски, уметнички и технички предмети е во надлежност на јавните музејски установи. Секоја од нив е должна да ја води предметната основна евиденција за подрачјето за кое е основана и за видовите добра за кои е надлежна. Овој вид на евиденција не се однесува само на музејскиот материјал и музејските предмети што се чуваат во надлежниот музеј, туку и на добрата што се наоѓаат надвор од него. За подрачјето на општини и за видовите движни добра за кои не се основани јавни музејски установи, надлежноста за водење на предметната евиденција ја има Музејот на Македонија. Во водењето на оваа евиденција, специфично е тоа што истата може да биде водена како единствена основна евиденција или како посебни евиденции по видови. Можат да постојат музејски установи од типот општ музеј и специјален музеј. Во случај кога за исто подрачје постои и општ музеј и специјален музеј, надлежноста за водење на односниот тип основна евиденција за тоа подрачје, за видовите добра кои што се предмет на работа на специјализираните музеи, му припаѓа на таа јавна музејска установа, а за останатите видови добра – на јавната музејска установа од типот општ музеј. Надлежноста за водење на основната евиденција на архивската граѓа му припаѓа на единствениот субјект од таа област – Државниот архив на РМ. Водењето на основната евиденција на кинотечните, односно аудиовизуелните добра е во надлежност на Кинотеката на РМ. Во поглед на водењето на основната евиденција на фонотечните добра, како надлежна установа се смета НУБ „Св.Климент Охридски“ – Скопје, овластен субјект за заштита на

фонотечните добра со посебно решение на министерот за култура. Водењето на основната евиденција на библиотечните добра е во надлежност на јавните библиотечни установи. За подрачјето на општините за кои не се основани јавни библиотечни установи, надлежноста за водење на предметниот тип основна евиденција и припаѓа на матичната установа - НУБ „Св.Климент Охридски“ – Скопје.

Општите инвентари на движни добра од културно и историско значење ги содржат следниве податоци[1]:

1) Назив и ознаки:

- назив на институцијата која ја води евиденцијата;
- назив на евиденцијата;
- назив на доброто што е предмет на евидентирање;
- реден број во евиденцијата (инвентарен број);
- ЕМБ на доброто;
- класификација на доброто според Националната класификација на културното наследство (вид, група, подгрупа, тип, со шифри и официјални називи);
- назив на збирката/фондот во чиј состав е доброто и други податоци за негова идентификација;
- датуми на евидентирањето, особено кога е извршена евиденцијата, обработката и внесувањето на податоците во евиденцијата;
- учесници во евиденцијата, особено лицата кои го извршиле евидентирањето и обработката и лицата кои го извршиле ажурирањето и внесувањето на податоците во евиденцијата;

[1] Од Правилникот за содржината и начинот на водење на заштитните евиденци на културното наследство и добрата за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство, на дисперзираното и странското културно наследство, како и начинот на вршење на нивните ревизии (Службен весник на РМ 10/08).

- референтни броеви и ознаки за поврзување на податоците, особено во поглед на претходни евиденции, вклученост во други евиденции, регистрација, документираност и слично.

2) Локација

- административна локација на доброто во времето на евидентирањето, особено: држава, општина, место;

- назив на институцијата/име на лицето кај која/кое е затекнато доброто при евидентирањето;

- адреса со целосни ознаки за идентификација.

3) Опис на доброто

- форма;

- материјал (вид на материјалот, а за кинотечните добра: емулзија, база, тон, боја);

- техника (вид на техника на снимање, печат фотографија, перфорација, подврска, тип на медиум, други карактеристики);

- димензии/мерки (ширина, должина, височина, а за кинотечните добра – ширина на филмска лента, должина по ролни, вкупна должина – број на листови, страници, размер, времетраење и др.);

- карактеристични елементи, особено: тема, жанр, јазик, писмо, натпис, ознаки, сигнатура, орнаментика и сл.

4) Датирање

- културен период;

- век;

- приближно датирање (почетен и краен датум);

- прецизен датум (година на производство/создавање).

5) Личност(и) и/или организација(ии) – учесник(ци) во создавањето на доброто

   - автор(и) – сценарист, режисер, аниматор, снимател/фотограф, дизајнер, илустратор, композитор, изведувач, монтажер;

   - организација(ии) и нејзина/нивна улога – продуцентска куќа, продуцент, лабораторија, работилница, издавач, монтажер;

   - други учесници и нивна улога.

6) Состојба на доброто

   - општа состојба на доброто;

   - квалитет на состојбата (степен на оштетеност);

   - промени/интервенции во минатото;

   - фактори на влијание/причинители.

7) Потекло и сопственост

   - потекло на доброто;

   - начин на прибавување;

   - вид на сопственост;

   - сопственик(ци).

8) Статус на заштита

   - вид заштитен статус;

   - начин на воспоставување на заштитата (назив, датум, доносител на актот);

   - категоризација на доброто;

- акт за промена/престанок на заштитата (назив, датум, доносител на актот).

9) Достапност на доброто

   - изложено;
   - депонирано;
   - дистрибуција.

10) Забелешка

11) Документација/прилози

   - фотодокументација;
   - техничка документација
   - дескриптивна документација;
   - правна документација;
   - литература;
   - друга документација.

Основната евиденција се води според нејзиниот тип и наведените стандарди. Таа може да се води на класичен начин или во електронска форма. Класичниот начин на водење на основната евиденција подразбира постоење на соодветни обрасци на евиденциони листови (инвентарен лист) за секој тип основна евиденција одделно. Електронскиот начин подразбира постоење на соодветна компјутерска програма, отворање нов запис во базата на податоци за секое евидентирано добро одделно и правење испис на хартија на посебен евиденционен лист. Евиденционите листови кај двата облици на водење, се заверуваат со потпис на овластеното лице и печат на институцијата која ја води таа евиденција. Кон обработка на евиденциониот лист, односно отворање на запис се пристапува по претходна проверка на комплетираноста и веродостојноста на податоците. Со подзаконскиот акт со кој е пропишана основната евиденција се уредуваат и другите прашања во врска со нејзиното водење (овластени лица, исправки, бришење на уписи, достапност и начин на користење на податоците и др.). Заради подобра

идентификација на видовите и типовите основна евиденција, може да се употребува и називот општ инвентар за односниот вид добра.

2.5.2 Object ID стандард

Нелегалната трговија со уметнички дела и предмети кои се значајно културно наследство, во денешно време, ја претставува најзастапената категорија на меѓународен криминалитет. Институциите задолжени за спроведување на законот, уште одамна, клучниот сегмент за заштитата и повратот на украдените културни добра го препознаваат во уредната документација. За таа цел било неопходно да се постави стандард кој ќе овозможи информациите за украдените добра на лесен и брз начин да се движат низ електронските мрежи и истовремено да бидат разбирливи за институциите задолжени за спроведување на законот и уметничките заедници. Со заедничка соработка меѓу музеите, полицијата и царината, трговците со уметнички дела, осигурителните компании и проценителите на уметничките дела, креиран е меѓународниот стандард Object ID[1]. Содржината на стандардот е одредена преку направено истражување, интервјуа и најбитно преку големите меѓународни анкети. Од истите биле примени преку илјада одговори од организации од 84 различни земји од светот. Наводите од истражувањето[2] ги претставуваат информациите кои се потребни да се опишат културните добра. Добиениот резултат е Object ID листата. Таа ги содржи следниве податоци:

- фотографии (од витално значење за идентификување и поврат на украдените предмети);
- одговор на следните прашања:

- вид на предметот (скулптура, слика, маска и слично);
- материјал и техника на изработка (бронза, дрво, масло, платно);
- големина и тежина;
- натписи и ознаки (потпис, посвета, наслов и слично);

---

[1] Object ID ги идентификува минимално потребните информации со цел опишување, односно идентификување на уметничките дела. Иницирaн е од страна на J. Paul Getty Trust во 1993 година, лансиран е во 1997 година, а во неговото креирање учествувале и некои од највлијателните светски агенции и тоа: FBI, Scotland Yard, Interpol и UNESCO.

[2] Објавени во Protecting cultural objects in the global information society

- особини (физички карактеристики кои ќе помогнат во идентификување на објектот на пример: оштетувања или поправки);
- наслов;
- предмет (што е претставено или насликано, на пример: мајка со дете, пејсаж, битка и слично);
- период на датирање;
- креатор.

- краток опис (можат да бидат наведени и дополнителни информации кои ќе помогнат во идентификување на предметите);
- документацијата на предметот да биде чувана на сигурно место.

2.5.3 Матична евиденција

Матичната евиденција на добрата од културно и историско значење спаѓа во категоријата задолжителни евиденции и е предвидена со Законот за заштита на културното наследство. Доколку истата не постои или е неажурно водена, подлежи на прекршочни санкции. Предмет на матичната евиденција се само добрата за кои постојат повеќе субјекти задолжени за водење на основната евиденција. Согласно член 8 од Правилникот[1], се разликуваат следниве типови матична евиденција, односно инвентари: матичен инвентар на недвижни добра; матичен инвентар на археолошки предмети; матичен инвентар на етнолошки предмети; матичен инвентар на историски предмети; матичен инвентар на уметнички предмети; матичен инвентар на технички предмети; матичен инвентар на библиотечни добра; матичен инвентар на аудиовизуелни добра.

Водењето на матичната евиденција на археолошките, етнолошките, историските, уметничките и техничките движни добра е во надлежност на Музејот на Македонија, за библиотечните добра, водењето на таа евиденција е во надлежност на НУБ „Св.Климент Охридски“ – Скопје, а за

---

[1] Правилникот за содржината и начинот на водење на заштитните евиденци на културното наследство и добрата за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство, на дисперзираното и странското културно наследство, како и начинот на вршење на нивните ревизии (Службен весник на РМ 10/08).

аудиовизуелните добра – Кинотеката на РМ. Матичната евиденција се води според горенаведите стандарди за содржината на основната евиденција на добрата од културно и историско значење, со соодветните прилагодувања за одреден вид податоци, особено во поглед на називите што треба да ја идентификуваат матичната евиденција како таква. Таа се води во форма на матични инвентари според видовите на односните добра. Во поглед на начинот на водење, пожелно е тоа да се прави во електронски облик. Обврската за водење на матичната евиденција е утврдена со цел да се овозможи подобар увид во состојбата на евидентираноста на односните видови добра на територијата на државата. Со тоа се овозможува поголема транспарентност во работењето на јавните установи задолжени за водење на основната евиденција и побрз пристап до релевантни податоци и информации за односните видови добра.

2.5.4 Централна евиденција

Централната евиденција на добрата од културно и историско значење, како заштитна евиденција е официјализирана со Законот за заштита на културното наследство. Согласно поранешните прописи, обврската за водење на централна евиденција постоеше само во поглед на музејскиот материјал.

Согласно член 10 од Правилникот, централната евиденција ја сочинуваат централни инвентари на добрата од културно и историско значење и тоа: централен инвентар на недвижни добра од културно и историско значење; централен инвентар на движни добра од културно и историско значење; централен инвентар на нематеријални добра од културно и историско значење.

Предмет на централната евиденција се сите видови добра од културно и историско значење без разлика дали се заштитени или не. Таа се води врз основа на податоците од матичната евиденција, а за видовите добра за кои не постои таква евидеција – врз основа на податоците од основната евиденција.

Централниот инвентар на движни добра од културно и историско значење следниве податоци:

- назив и ознаки;
- опис на доброто;
- податоци за датумите на евидентирањето;
- податоци за учесниците во евиденцијата.

Водењето на централната евиденција е во надлежност на Управата за заштита на културното наследство. Во поглед на содржината и начинот на водење на централната евиденција важат истите правила како и за основната, односно матичната евиденција.

2.5.5 Посебна евиденција

Согласно член 12 од Правилникот, посебната евиденција ја сочинуваат инвентари, листи и списоци на добра од националното културно наследство, предвидени со меѓународен договор и закон, и тоа[1]:

- Список на национално културно наследство чиј извоз е забранет;
- Национален инвентар на заштитени добра чиј извоз би претставувал значително осиромашување на националното културно наследство (Национален инвентар на заштитени добра под режим на дозвола за извоз);
- Национален инвентар на дисперзирано културно наследство;
- Национален инвентар на културно наследство кое заслужува номинација за стекнување статус на светско наследство (Прелиминарна листа на културно наследство од светско значење);
- Национална репрезентативна листа на нематеријално културно наследство;
- Национален инвентар на заштитени добра во случај на вооружен судир;
- Национална листа на колекционери и приватни збирки.

# 3. ВАЛОРИЗАЦИЈА И РЕВАЛОРИЗАЦИЈА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

## 3.1 Валоризација

Според своето изворно значење, зборот валоризација означува утврдување вредности, вреднување, проценување, односно зголемување на вредноста (цената) на стоки, валути, хартии од

[1] Од Правилникот за содржината и начинот на водење на заштитните евиденции на културното наследство и добрата за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство, на дисперзираното и странското културно наследство, како и начинот на вршење на нивните ревизии (Службен весник на РМ 10/08).

вредност, инвестиции и слично, заради сообразување со новата, променета вредност. Сфатен во потесна смисла, истиот означува вештачко подигнување на паднатата вредност. Со ваквото значење, поимот валоризација првенствено се употребува во финансиското и трговското право. Како посебен или составен дел на одредени сегменти, овој поим се употребува и во други области од животот. Притоа се зборува за економска валоризација, туристичка валоризација, еколошка валоризација, општествена валоризација, научна валоризација и слично. Некои од овие изрази се употребуваат и во контекст на културното наследство.

Како посебен поим, зборот **валоризација** се употребува и во споменичкото право, **означувајќи еден вид специфични активности во процесот на заштита на добрата од културно и историско значење**. За идентификација на овој вид активности, во стручната литература најчесто се среќаваат изразите стручна валоризација, споменичка валоризација и заштитна валоризација. Во некои правни системи, како што се англофонските и франкофонските, наместо изразот валоризација, се применува изразот евалуација. Во областа на споменичкото право сеуште постојат разлики во терминолошката идентификација на заштитните активности поврзани со воспоставувањето на заштитата. Во македонското законодавство од предметната област, терминот валоризација е официјализиран со Законот за заштита на културното наследство. Меѓутоа, во практиката истиот бил употребуван и претходно, поврзан со законскиот израз - ставање под заштита, односно утврдување на својството споменик на култура.

Согласно член 11 точка 4 од Законот за заштита на културното наследство, „**валоризација е стручна и научна процена на вредностите и својствата на добрата според утврдени критериуми, во функција на нивно ставање под заштита и подведување под соодветен режим на заштита**". Поимот валоризација подразбира специфична активност во системот за заштита на културното наследство, поврзана со незаштитените добра и нивното ставање под заштита, што се остварува според одредени правила и во пропишана постапка, од страна на субјекти кои се овластени за тоа. Како таква, валоризацијата претставува инструмент за заштита. Во домашната стручна литература отсуствуваат појасни ставови во врска со валоризацијата. Во еден службен материјал од 1978 година, забележано е следново „откако за еден објект или движен предмет од материјална природа, ќе бидат собрани сите нужни податоци и знаења, се појавува потребата од нивно критичко валоризирање, чија основна намена е изнаоѓање на неговите непосредни вредности и тоа во рамките на нивната меѓусебна зависност и поврзаност како во кругот на истовидноста и сродноста, така и во кругот на споменициите од другите

видови. Стручната валоризација на спомениците на културата претставува логичка последица на собраните знаења за соодветниот објект или предмет, што го овозможува разврстувањето, односно категоризацијата, која пак од своја страна му овозможува на општеството да добие појасен преглед изразен преку степенување извршено со помош на стручни знаења. Валоризацијата и категоризацијата претставуваат две навистина тесно врзани и меѓусебно зависни дејности кои овозможуваат стручна и научна оценка и соодветно разврстување. Овде валоризацијата е сфатена како дејство што и претходи на категоризацијата, а двете заедно претставуваат стручна работа издвоена од самата процедура за ставање под заштита.

Основните прашања во врска со валоризацијата се уредени со Законот за заштита на културното наследство, односно првпат се утврдени правните норми што се однесуваат на проблематиката за валоризација на добрата од културно и историско значење. Предметните одредби се систематизирани во член 35 од овој закон (заедно со ревалоризацијата). Одредбите се однесуваат на предметот и методологијата на валоризацијата, надлежностите на нејзиното вршење, одредени процесни дејства и овластувањето за поблиско уредување на односите со посебен правилник. Предвидениот подзаконски акт е донесен врз основа на член 35 став 8 од Законот за заштита на културното наследство од страна на Министерот за култура, а тоа е Правилникот за валоризација, категоризација и ревалоризација на културното наследство. Со него се пропишуваат критериумите, условите и начинот на вршење валоризација, категоризација и ревалоризација на културното наследство, содржината на елаборатите за валоризација и ревалоризација и начинот на обезбедување ревизија на тие елаборати.

### 3.2 Видови валоризација

Според начинот на кој се врши и обемот на дејствата што се преземаат во постапката за валоризација, во основа се разликуваат два вида валоризација и тоа: прелиминарна валоризација и редовна (стандардна) валоризација.

*Прелиминарната валоризација* е поврзана со начините на воспоставување на заштита, што имаат временски ограничено правно дејство. Таа се применува во ситуации кога се донесува акт за привремена заштита и акт за утврдување на резервирана археолошка зона. Во првиот случај, смислата на прелиминарната валоризација е во потребата од брза и компетентна реакција на надлежните субјекти при воспоставување на заштитата. Во вториот случај, таа е условена од самиот начин на воспоставување на заштитата. Прелиминарната валоризација за добрата за кои се донесува акт за привремена заштита, се

врши по правило во случај на опасност или ризик од оштетување на незаштитените материјални добра, при случајни откритија или во случај кога нема објективни можности да се спроведат потемелни истражувања и проучувања на односните добра или кога од други причини не може да се изврши редовна валоризација.

*Редовната валоризација* е поврзана со воспоставувањето на заштитата по пат на прогласување, односно кога за односното добро треба да се донесе акт за прогласување културно наследство од соодветната категорија. Таа, за разлика од прелиминарната валоризација, ја подразбира и самата категоризација на добрата. И двата вида валоризација се вршат врз основа на исти основни начела и критериуми, со одредени отстапувања во однос на видот и обемот на истражувањата и документирањето на добрата.

### 3.3 Предмет на валоризацијата

Кога станува збор за предметот на валоризацијата, треба да се има во предвид фактот дека постапката за валоризација може да се поведе само за материјално или нематеријално добро што може да се идентификува како самостоен објект на заштита. Значи, предмет на валоризација може да биде евидентирано или неевидентирано добро, кое како такво може да се индивидуализира и да се идентификува по вид, група, подгрупа, тип и поттип согласно со Националната класификација на културното наследство.

Недвижните добра за кои се донесува акт за заштита се валоризираат заедно со движните предмети кои се составен дел на недвижноста. За разлика од нив, недвижните добра во кои се сместени или се изложени збирки и поединечни движни добра се валоризираат независно од таквите збирки и поединечни предмети. Таквите збирки и предмети претставуваат самостоен објект на заштита и како такви се предмет на валоризација независно од недвижноста во која се наоѓаат. Движните добра за кои се донесува акт за заштита, по правило се валоризираат, категоризираат и ревалоризираат како збирки, односно фондови. Движните добра што ги сочинуваат архивските збирки и збирките на јавните музејски, библиотечни и кинотечни установи можат да се ревалоризираат единствено како збирки. Кај збирките, односно фондовите, предмет на валоризација е целината од предмети, а не секој предмет поединечно.

### 3.4 Основни начела на валоризацијата

Валоризацијата на добрата од културно и историско значење, се врши според одредени основни начела, утврдени со позитивните прописи.

- *Начело на облигаторност на валоризацијата* – произлегува од општото начело за облигаторност на заштитата, според кое заштитата се остварува задолжително на целата територија на РМ. Ова начело ја исклучува можноста од изземање на некое добро од процесот на валоризација.

- *Начело на легитимност* – правото на валоризација им припаѓа само на правните субјекти кои имаат активна легитимација да бидат носители на валоризацијата.

- *Начело на интердисциплинарност* – во зависност од видот на самите добра, подразбира задолжително учество на повеќе лица од различни струки и дисциплини.

- *Начело на компетентност* – предметната активност може да ја вршат само квалификувани лица, стручни и научни работници од соодветната специјалност кои ги исполнуваат пропишаните услови за тоа.

- *Начело на индивидуализација* – се манифестира во две насоки и тоа: индивидуализација на предметот на валоризацијата и индивидуализација на критериумите за валоризација. Самото начело ја исклучува можноста од групна валоризација на повеќе самостојни објекти на заштита од ист или различен вид, во иста постапка за валоризација.

- *Начело на ирелевантност на припадноста на добрата* – валоризацијата ги опфаќа сите видови добра за кои се донесува акт за заштита, без оглед на тоа во чија сопственост или владение се наоѓаат, дали имаат световен или религиозен карактер, без оглед на тоа каде, кога и како се создадени и дали се претходно евидентирани.

- *Начело на објективност на валоризацијата* – валоризацијата се врши еднакво, непристрасно и објективно за сите добра за кои се донесува акт за заштита, врз основа на истите критериуми, без фаворизирање на едни за сметка на други, од кои било субјективни причини.

- *Начело на стручна и научна заснованост* – овој вид заштитна евиденција се врши во согласност со стручните и научните сознанија од областа на која припаѓа односниот вид на добра.

- *Начело на документираност* – валоризацијата подразбира не само користење на расположливата документација за односното добро туку по потреба и создавање на нова документација според пропишаните стандарди.

- *Начело на компаративност* – подразбира валоризација заснована врз споредбени анализи на вредностите, својствата и значењето на добрата.

- *Начело на рационалност* – одмерен пристап кон нови или дополнителни наменски истражувања за потребите на валоризацијата и нејзиното документирање, како и економичност во поглед на другите видови трошоци во постапката за валоризација.

### 3.5 Критериуми за валоризација

Критериумите за валоризација се правно признати мерила, врз чија основа и со чија помош се оценува дали одредено добро заслужува да биде издвоено од множеството на кое припаѓа, според своите општи карактеристики и како такво да биде ставено под заштита, како специфичен вид правна вредност, односно да биде подведено под специфичен правен режим, различен од општиот правен режим за материјалните и нематеријалните добра. Критериумите за валоризација се правна категорија призната во националниот и меѓународниот правен поредок. Како такви, тие се вградени во секоја национална и меѓународна дефиниција за културното наследство.

Како критериуми за валоризација, релевантни за споменичкото право, се сметаат објективните мерила што имаат реално ефективно дејство врз правниот статус на односните добра и што како такви се неспорни од стручен и научен аспект од соодветната област и поради што се официјализирани и подигнати на ранг на правна норма.

Во правните прописи, критериумите за валоризација се стилизирани во зависност од природата на добрата и нивниот вид, како и сознанијата за потребата од нагласување на одредени особености на односните добра, што го олеснува нивното препознавање како такви. Во таа смисла, во основа се разликуват две групи на критериуми. Во првата група спаѓаат критериумите кои се однесуваат на физичките особености на добрата, како на пример: материјални и нематеријални; движни или недвижни; поединечни или групни; создадени од човекот или заеднички дела на човекот и природата; откриени или создадени и слично. Оваа група критериуми е повеќе предметна за класификацијата, отколку за валоризацијата на добрата. Втората група критериуми е исклучително важна за валоризацијата и неа ја

сочинуваат т.н. квалитативни критериуми, какви што се особено: вредност, својство, функција, значење и слично. Во правните прописи тие се стилизираат на различен начин, со помал или со поголем степен на воопштување.

Македонскиот правен поредок познава четири основни критериуми за валоризација и тоа: вредности, својства, функции и значење. Тие се вградени во дефиницијата за културното наследство, содржана во Законот за заштита на културното наследство и се разработени во Правилникот од 2005 година. Во Законот за заштита на културното наследство, критериумот *вредност* е даден во релативно развиена форма, преку метод на набројување. Како пример се наведени: археолошките, етнолошките, историските, уметничките, архитектонските, урбанистичките, амбиенталните, техничките, социолошките и други научни или културни вредности. Критериумот вредност подразбира два вида вредности и тоа: научни или културни, дадени алтернативно, со наброени подвидови вредности. Подвидовите вредности се дадени според природата на самите добра, со различно ниво на повторување и дополнително проширување. Во поглед на движните добра, како предметни се сметаат: археолошката, епиграфската, антрополошката, нумизматичката, хералдичката, сфрагистичката, фаларистичката, историската, меморијалната, уметничката, етнолошката, техничката, архивистичката, филателистичката, картографската, библиографската, библиотечната, кинематографската, кинотечната, музиколошката, музејската, колекционерската, докуметарната и друга научна или културна вредност. Критериумот *својство* во матичниот закон е издвоен од критериумот вредност и е подигнат на ранг на посебен критериум, иако во значајна мера влијае врз научните или културните вредности на секое предметно добро. Тоа е направено со цел да се олесни самата индивидуализација на предметот на валоризацијата, со оглед на тоа дека некои својства на добрата имаат доминантна, пресудна па и самостојна позиција или улога во процесот на валоризацијата. Во таа смисла, како критериуми што се однесуваат на својствата на добрата, во предметниот правилник се издвоени: автентичноста, реткоста, единственоста, разновидноста, интегралноста, зачуваноста и староста. Својството на *автентичност* подразбира степен на присутност на изворните, односно оригиналните или примарните облици, појави, концепција, материјали, техника на изработка, компоненти или окружување на добрата. *Реткоста* се манифестира и проценува во однос на квалитетот на односниот вид, појава, процес, облик или изглед, односно степенот или интензитетот на застапеност на добрата од ист тип на одреден простор и во одредено време. Својството на *единственост* подразбира репрезентативност во својот вид, ограниченост на одредено подрачје или време, типичност или специфичност на облиците, појавите, творечките изрази или другите особености на добрата. *Разновидноста* е изразена како богатство од содржини, односно присутност на

различни творечки изрази, структури, облици, појави, процеси или видови, односно типови или поттипови добра. *Интегралноста* како својство, го подразбира степенот на единство на функциите и облиците, вклопеноста на структурите, односно содржините, интеракцијата со средината, поврзаноста на деловите во целината и слично. *Зачуваноста* се изразува преку степенот на задржаност, односно оштетеност, уништеност, деградираност, загрозеност или нарушеност на интегритетот наспроти изворната состојба на добрата. И накрај староста, означува и се манифестира како време на настанување и траење на добрата. Таа може да биде идентификувана како потекло на доброто од одреден културен период, век, приближен покус период или точен датум и да биде или не стриктно нагласена како клучен критериум, односно временска граница. За критериумот *функција* како предметни се издвоени следниве видови функции, сфатени како критериуми: воспитно – образовна, научна, културна, комуникациска, информативна, стопанска. Критериумот значење во матичниот закон е даден со формулацијата културно и историско значење, под кој се подразбира општокултурно и друго значење што е од јавен интерес од гледна точка на општата или националната историја, културата, уметноста, науката или техниката. Во предметниот правилник, како критериуми што се однесуваат на значењето на добрата се наведени: културното, историското, културно – историското, уметничкото, научното, техничкото и општественото значење.

Во иднина, во однос на критериумите на валоризација може да се очекуваат соодветни промени во нагласувањето на некои од основните критериуми или нивните компоненти, како што е критериумот старост за одредени видови добра, како и натамошна разработка и допрецизирање на некои од нив заради полесно спроведување на самата постапка за валоризација.

### 3.6 Постапка за валоризација

Постапката за валоризација започнува со донесувањето на решение за формирање на *стручен тим за валоризација*, од страна на директорот на надлежната јавна установа за заштита, односно правното лице овластено за вршење работи на заштита за односниот вид добра. Стручниот тим се состои од раководител и најмалку двајца членови на тимот определени од редот на научните и стручните работници од соодветната специјалност, според видот на добрата. Раководителот на тимот се определува од редот на лицата со научни или изборни стручни звања во односната дејност, кои имаат одреден број години работно искуство во струката (3 или 5 години) и ги исполнуваат другите посебни услови (доколку се утврдени со позитивните прописи). Членовите на тимот се определуваат од редот на научните и стручните работници од различни струки и специјалности според видот на добрата кои

имаат одреден број години работно искуство во струката, односно дејноста. Постапката за валоризација опфаќа повеќе дејства, а особено:

1) прибирање, средување и обработка на расположливите податоци и документација за односното добро;

2) увид во состојбата на доброто;

3) проверка и ажурирање на идентификационите и другите податоци за евидентираното добро, односно идентификација на неевидентираното добро според стандардните податоци од основната заштитна евиденција;

4) класифицирање на доброто според Националната класификација на културното наследство;

5) документирање на доброто, односно обезбедување на потребниот вид и број документација за него;

6) спроведување на неопходните истражувачки работи, вклучувајќи нови, дополнителни наменски истражувања;

7) правење споредбени анализи за вредностите, својствата и значењето на добрата што се во прашање;

8) утврдување на границите на доброто и неговите контактни зони (број, обем и граници на зоните) за недвижните добра;

9) утврдување на режимот на заштита;

10) изработка на елаборат за валоризација од соодветниот вид.

Документирањето на доброто што е предмет на валоризација се врши по потреба, според видот и категоријата, односно заштитниот статус на доброто, доколку пропишаниот вид и обем на документација не е претходно создаден и прибран на едно место. Дополнителните наменски истражувања се вршат по потреба, доколку поранешните истражувања не се доволни за потребите на валоризацијата. Станува збор за архивски, библиографски, историско – уметнички, компаративни,

лабораториски, археолошки и други теренски и кабинетски истражувања чија цел е валоризација на односното добро. Споредбените анализи се прават во однос на ист тип добра, односно иста хронолошка припадност на добрата, како во рамките на националната територија, така и надвор од неа. Споредбените анализи за доброто што треба да добие повисока категорија, задолжително подразбираат поширок регионален, односно субрегионален, па и интерконтинентален осврт. Границите на доброто се определуваат во зависност од видот и местоположбата на односното добро, особено според: градежната парцела чии граници се утврдени со урбанистички план; дворното место во случаите кога не е донесен урбанистички план; конфигурацијата на теренот; природните меѓи, сообраќајници и слично; правецот на протегање на доброто и интеракцијата со неговата историска околина. Контактните зони и нивниот број, назив, обем и граници се определуваат во зависност од особеностите на самата историска околина, нејзината зачуваност, влијанието, пристапите и другите облици на поврзаност со односните добра. Режимот на заштита се определува според видот и категоријата, односно заштитниот статус на односното добро. Согласно член 22 од Правилникот, режимот на заштита може да биде од прв, втор и трет степен. Режимот на заштита од прв степен е предвиден за резервираните археолошки зони и културното наследство од особено значење, односно за добрата што треба да бидат подведени под режим на посебна заштита. Овој степен на заштита подразбира: чување, почитување, одржување, негување и користење на доброто според неговата намена, како и конзервација, превентива и слични зафати на непосредна заштита. Режимот на заштита од втор степен е предметен за добрата под привремена заштита и значајното културно наследство, односно за добрата што треба да бидат подведени под режим на гарантирана заштита. Овој степен подразбира: адаптација на ентериерот, работи на ревитализација, уредување или изградба на нови објекти на празни локации под одредени услови, интервенција врз делови од експонирана збирка или предмет во функција на што подобра презетација, како и пренесување на постоен запис на нов, од техничко – технолошки аспект подобар, односно потраен носач под одредени услови; интервенции што се однесуваат на пренесување на постојните записи на нематеријалните добра на нов носач, односно нов вид медиум, како и во поглед на сценско – изведувачкиот процес под одредени услови. Режимот на заштита од трет степен се применува на контактните зони и подразбира прилагодување на архитектонскиот израз и ограничувања во поглед на габаритот и катната височина на објектите. Во зависност од конкретната ситуација, режимите на заштита од сите три степени вклучуват можни забрани и други превентивни и корективни мерки. На едно добро може да биде применет и комбиниран режим на заштита.

### 3.7 Елаборати за валоризација

Постапката за валоризација подразбира изработка на два вида материјали и тоа: 1) елаборат за валоризација од соодветен вид и 2) предлог за донесување акт за заштита од соодветен вид. Дел од постапката за валоризација претставува и самата ревизија на елаборатот за валоризација, во случаите кога тоа е предвидено со закон.

Елаборатите за валоризација се вид стандардна документација од областа на заштитата на културното наследство и се изработуваат за добрата чија заштита треба да биде воспоставена со акт на заштита. Тие претставуваат основа за подготовка и поднесување на предлозите за донесување акт за заштита. Согласно член 23 од Правилникот, елаборатите за валоризација и ревалоризација се изработуваат според видот и категоријата, односно заштитниот статус на добрата. Во зависност од видот и категоријата, односно заштитниот статус на добрата, согласно истиот член од Правилникот, се разликуваат следниве видови елаборати за валоризација: елаборат за привремена заштита на недвижно добро; елаборат за привремена заштита на движно добро; елаборат за резервирана археолошка зона; елаборат за валоризација на споменик; елаборат за валоризација на споменичка целина; елаборат за валоризација на културен предел; елаборат за валоризација на збирка; елаборат за валоризација на поединечно движно добро; елаборат за валоризација на фолклорно добро; елаборат за валоризација на јазик или дијалект; елаборат за валоризација на топоним(и).

Содржината на елаборатите за валоризација е стандардизирана и опфаќа податоци и документација за односните добра систематизирани во пет поглавја:

1) **Идентификација на доброто** – поглавјето за идентификација на добрата ги содржи следниве податоци:

- назив на доброто;
- единствен матичен број на доброто;
- класификација на доброто;
- датирање;
- опис на доброто.

Покрај горенаведените, елаборатите за валоризација на движните добра ги содржат и следниве податоци: локација; автори; поврзаност; количина; посебни карактеристики и потекло.

2) **Постојна состојба** – поглавјето за постојната состојба кај елаборатите за валоризација на движни добра ги содржат следниве податоци:

- физичка состојба и зачуваност (на доброто во целина, на неговите составни делови);
- загрозеност на доброто (степен на загрозеност, причини на загрозеност);
- имотно – правна состојба (вид и движење на сопственоста, сопственици, корисници, правна основа за стекнување на владението, односно правото на користење, ограничувања на правото на користење);
- истраженост на доброто (видови истражувања, податоци за истражувањата, степен на истраженост, потреба од истражувања);
- документираност на доброто (видови постојна документација, обем на документација по видови, состојба на документацијата, институции што чуваат документација за доброто, потреба од документирање);
- обезбеденост на доброто (физичка обезбеденост, техничка обезбеденост, постојни планови и програми);
- претходни интервенции (конзерваторски интервенции, други видови зафати врз доброто);
- презентираност и популаризираност на доброто;
- сместување на доброто (услови, пристап, ракување);
- управување со ризиците на кои е изложено доброто.

3) **Оправданост на заштитата** – поглавјето за оправданост на заштитата ги содржи следниве податоци:

- причини за валоризација на доброто;
- вредности и значења на доброто;
- критериуми врз основа на кои е извршена валоризацијата на добрата;
- категорија на доброто;
- образложение за категоризацијата (критериуми, споредбени анализи, заклучно согледување).

4) **Режим на заштита** – поглавјето за режимот на заштита кај елаборатите за валоризација на движните добра содржи забрани, пропозиции и други превентивни и корективни мерки од соодветниот степен на режимот на заштита што се оденсуваат на:

- почитувањето, чувањето и одржувањето на доброто;
- непосредната заштита на доброто;
- користењето, презентацијата и популаризацијата на доброто;
- управувањето со доброто и ризиците на кои е тоа изложено;
- достапноста на доброто.

5) **Документација** – поглавјето за документација кај сите видови елаборати за валоризација содржи:

- општи забелешки за документацијата;
- преглед на документацијата содржана во елаборатот;
- прилози. - согласно член 25 од Правилникот.

Елаборатите за валоризација на движни добра содржат фото, техничка и друга соодветна документација. Елаборатите за валоризација се изработуваат во електронска форма и во потребниот број

примероци се доставуваат до Управата за заштита на културното наследство заради понатамошно постапување.

### 3.8 Ревизија на елаборатите за валоризација

Ревизијата на елаборатите за валоризација е контролен иструмент резервиран само за одредени случаи. Предмет на ревизија се само елаборатите кои се однесуваат на добрата за кои се предлага да бидат прогласени за културно наследство од особено значење. За таквите елаборати, со ревизијата се утврдува дали тие се изготвени во согласност со позитивните прописи, особено во поглед на: пропишаната содржина и методологија и основаноста на изнесените констатации, оценки и предлози во елаборатот. Доколку со ревизијата се утврди дека постојат одредени недостатоци, елаборатот се враќа на изготвувачот заради дополнување или доработка, а изготвувачот е должен да постапи по дадените забелешки.

Ревизијата на елаборатите за валоризација е во надлежност на Министерството за култура. За таа цел министерот формира комисија за ревизија одделно за секој предметен елаборат. Комисијата е составена од претседател и најмалку два члена. Членовите се избрани од редот на научните и стручни работници од соодветната област, најмалку со истите звања како и членовите на стручниот тим што ја вршел валоризацијата. За елаборатите кои не се предмет на ревизија, како контролен механизам останува т.н. внатрешна контрола, што ја спроведува носителот на правото на валоризација.

Смислата на ревизијата како контролен инструмент е во потребата од поголема претпазливост при официјализирањето на стручно – научната проценка на вредностите и значењето на добрата што треба да бидат подведени под режим на културно наследство од особено значење. Всушност, ревизијата е своевидна гаранција за стручно – научната заснованост на извршената валоризација и за оправданоста од официјално утврдување и декларирање на јавниот интерес за заштитата на односното добро во соодветната постапка, предвидена со закон.

### 3.9 Ревалоризација

Зборот **ревалоризација**, според неговото изворно значење, во најопшти црти **означува повторно утврдување на вредноста на некое добро, односно враќање на вредноста**. Согласно член 11 став 5 од Законот за заштита на културното наследство под поимот ревалоризација се подразбира „**стручно и научно проценување на вредностите и својствата на културното наследство, во функција на потврдување, проширување, засилување или намалување на дејството на заштитата,**

**вклучувајќи и нејзино изземање или престанување** “. Под тој поим се подразбира вид заштитна активност, како дел од процесот на работата во областа на заштитата на културното наследство, што се остварува во јавен интерес, а се состои во преиспитување на стручно – научната заснованост на веќе извршената валоризација на заштитените добра, заради сообразување на правната и фактичката состојба, настаната со релевантни промени по воспоставувањето на заштитата. Значи, ревалоризацијата е тесно поврзана со поимите валоризација и категоризација, означувајќи ја фазата од процесот на работа што следува по воспоставувањето на заштитата, а претходи на постапките за донесување акт за промена или акт за престанок на заштитата, во ситуации кога постои оправдана потреба за тоа.

По воспоставувањето на заштитата, од повеќе релевантни причини, може да се појави потреба од дополнителна, квалификувана активност, чија цел е промена или престанок на заштитата за конкретно заштитено добро. Кај некои заштитени добра, како резултат на новите истражувања и сознанија, може да се јави потреба од редефинирање на нивните вредности и значења во насока на добивање на повисока категорија, а со тоа и промена на пропишаниот режим на заштита. За некои добра може да се јави потреба од промена на самиот протекторски статус или задржување на истиот статус со соодветна промена на режимот на заштита. Како што е прецизирано во самата законска дефиниција, целта на ревалоризацијата е промена или престанок на заштитата.

### 3.10 Видови ревалоризација и нивен предмет

Според Законот за заштита на културното наследство, се разликуваат два вида на ревалоризација и тоа: редовна и вонредна.

**Редовна ревалоризација** се нарекува стандардната процедура што се спроведува по потреба, од случај до случај, врз основа на утврдени критериуми и од страна на надлежните правни субјекти. Таа се врши секогаш кога ќе се оцени дека треба да се направат соодветни промени во содржината на актот за заштита или да се донесе акт за престанок на заштитата. Предмет на ревалоризација кај овој вид се заштитените добра со статус на културно наследство, чија категорија е веќе утврдена со закон или акт за заштита и за кои може да се врши рекатегоризација во повисока категорија или поткатегорија. Исто така, предмет на ревалоризација се добрата што имаат поинаков заштитен статус, доколку настане промена во насока на нивно прогласување како културно наследство од соодветната категорија. Предмет на ревалоризација се и добрата кај кои не треба да се вршат промени во поглед на

категоризацијата, но постои потреба од поинаква промена, особено во поглед на границите, контактните зони, режимот на заштита и слично, или потреба за престанок на заштитата.

**Вонредна ревалоризација** се нарекува таа што е поврзана со преодниот режим на заштитните добра. Станува збор за ревалоризација што се врши задолжително во стриктно определени рокови. Овој вид ревалоризација се нарекува уште и облигаторна ревалоризација. Поинаку кажано, вонредната ревалоризација е еднократна активност што се презема во пропишани рокови заради сообразување на фактичката и правната состојба за добрата што уживале заштита според поранешните прописи, а сега треба да се заведат под дејство на новите прописи или да се изземат од нивниот досег. Овде особено станува збор за спомениците на културата, кои како некатегоризарано културно наследство, се предмет на облигаторна ревалоризација. Врз основа на посебната програма што ја донесува Министерството за култура, таа треба да биде извршена во пропишаните рокови и тоа: 3 години за недвижните и 1 година за движните споменици на културата. До завршувањето на постапката за ревалоризација, односно до донесувањето на соодветниот акт по тој повод, решенијата за утврдување на својството споменик на културата и натаму остануваат во сила. Под истиот преоден режим се ставени и добрата кои имале двоен статус, односно кои биле заштитени и како природни реткости и како споменици на културата. Таквите добра, до нивната ревалоризација, остануваат под заштита како некатегоризирано културно наследство. Предмет на облигаторна ревалоризација се и меморијалните споменици на природата и другите интегрални добра, создадени од човекот и природата, што биле заштитени како природни реткости, а сега треба да бидат под режим на заштита како културно наследство, поточно како културен предел. До завршувањето на нивната ревалоризација, таквите добра остануваат под заштита како природно наследство.

Кај наведените видови ревалоризација не постои разлика во поглед на методологијата на работа. За нив се предметни истите начела и критериуми, како и самата постапка за ревалоризација. Разликата меѓу нив се состои во правната основа врз која се засноваат. За редовната ревалоризација нема пропишани рокови, таа не е под режим на облигаторност и не е предмет на посебно програмирање, каков што е случајот со вонредната ревалоризација. Освен тоа, кај неа нема поделена надлежност во сегментот за интегралните и добрата со двоен статус. За двата видови ревалоризација важат истите правни норми, со исклучок на погоре наведените разлики.

### 3.11 Начела, критериуми, субјекти и постапка за ревалоризација

Ревалоризацијата на културното наследство и другите добра од културно и историско значење се врши врз основа на истите основни начела предметни за валоризацијата и категоризацијата. Секое од овие начела придонесува за профилирањето на ревалоризацијата како посебен споменичко – правен институт. Ревалоризацијата е инструмент за заштита и мерка за идентификација, што се спроведува во постапка која и претходи на постапката за промена или постапката за престанок на заштитата. Нејзиното спроведување е услов за отпочнување на наведените постапки.

Ревалоризацијата се врши според утврдени критериуми, во јавен интерес, од компетентни лица од различна специјалност, обединети во стручни тимови, професионално, објективно и рационално, почитувајќи ги специфичностите на секое добро што е предмет на ревалоризација. Таа се врши врз основа на истите критериуми предметни за самата валоризација. Доколку ревалоризацијата подразбира и категоризација, односно рекатегоризација, покрај критериумите за валоризација се применуваат и критериумите за категоризација. Во случај кога, ревалоризацијата подразбира само категоризација, односно рекатегоризација, како предметни се применуваат критериумите за категоризација. Во таа смисла, наведените критериуми се сметаат како критериуми за ревалоризација.

Вршењето на ревалоризацијата како јавно овластување е доверено на правните субјекти кои имаат активна легитимација за тоа. Тоа се носителите на дејностите на заштитата, според видот на односните добра, како и другите правни субјекти определени со закон или со друг акт врз основа на закон. Секоја ревалоризација направена од било кој друг субјект, надвор од утврдената надлежност, нема ниту може да има какво било правно дејство. Таквата ревалоризација не може да се смета за релевантна.

Постапката за ревалоризација може да биде поведена по службена должност, во согласност со годишните програми за работа на надлежните институции или во согласност со посебни годишни или повеќегодишни програми за ревалоризација. Ревалоризацијата може да се врши и по иницијатива на државни органи, органи на локалната самоуправа или други заинтересирани субјекти, поднесена во писмена форма. Иницијативата се доставува до надлежната институција заради нејзино натамошно постапување. Приоритет во програмирањето и оперативното постапување на надлежната институција имаат особено:

- добрата чија ревалоризација е стриктна законска обврска (тие што се предмет на облигаторната ревалоризација);

- добрата што се номинираат за стекнување меѓународен статус, односно меѓународна заштита;

- загрозените добра;

- добрата што заслужуваат да стекнат или веќе стекнале статус на културно наследство од особено значење и

- добрата за кои постои објективна потреба од промена или престанок на заштитата.

Постапката за ревалоризација се води за секое заштитено добро одделно. Притоа ист мешовит тим за ревалоризација може да врши ревалоризација на повеќе заштитени добра од ист или различен вид, доколку со тоа не се повредува начелото на компетентност. Меѓутоа, во таков случај не може да се води заедничка постапка. Без оглед на составот на ревалоризациониот тим, за секое добро се води одделна постапка, што започнува со донесување на посебно решение за формирање на ревалоризациониот тим. Во рамки на постапката за ревалоризација, во основа, се преземаат истите дејства како и во постапката за валоризација. Тоа значи дека, во прв ред, се врши прибирање, средување и обработка на расположливите податоци и документација, увид во состојбата на доброто, проверка и ажурирање на идентификационите и другите податоци за заштитеното добро, докомплетирање на документацијата според пропишаните стандарди, спроведување на неопходните дополнителни истражувања од различен вид, правење на споредбени анализи, редефинирање на границите, контактните зони или режимот на заштита и др. Во рамки на постапката за ревалоризација, како завршен продукт, се изготвува елаборат за ревалоризација и предлог за донесување акт за промена или престанок на заштитата.

### 3.12 Елаборати за ревалоризација и нивна ревизија

Елаборатите за ревалоризација, како и елаборатите за валоризација, претставуваат вид стандардна документација од областа на заштитата на културното наследство. Тие се изработуваат одделно за секое заштитено добро што е предмет на ревалоризација. Согласно член 23 од предметниот Правилник, се разликуваат следниве 8 видови елаборати за ревалоризација: елаборат за ревалоризација

на споменик; елаборат за ревалоризација на споменичка целина; елаборат за ревалоризација на културен предел; елаборат за ревалоризација на збирка на движно културно наследство; елаборат за ревалоризација на поединечно движно културно наследство; елаборат за ревалоризација на добро под привремена заштита; елаборат за ревалоризација на резервирана археолошка зона; елаборат за ревалоризација на духовно културно наследство.

Горенаведените елаборати за ревалоризација може да бидат предметни кај редовната ревалоризација. Кај вонредната, односно облигаторната ревалоризација, како предметни се сметаат само првите 5 елаборати за ревалоризација. Содржината на елаборатите за ревалоризација, според член 31 од Правилникот, опфаќа податоци и документација за односните добра, систематизирани во пет поглавја и тоа:

1) **Идентификација на доброто** – поглавјето за идентификација на добрата ги содржи релевантните податоци од основната евиденција, според видот на доброто, со истите отстапувања наведени кај елаборатите за валоризација. Истото поглавје треба да содржи и: а) *акт за заштита* (назив, број и датум, доносител, датум на влегување во сила на актот); б) *податоци за регистрација во Националниот регистар на културното наследство*. Ако при вршење на ревалоризацијата се констатира промена на одредени идентификациони податоци, таквата промена се назначува на соодветното место во истото поглавје, вклучувајќи ги и повеќекратните промени на ист вид податоци од доброто.

2) **Постојна состојба** – поглавјето за постојната состојба ги содржи соодветните податоци за односниот вид добра, наведени кај елаборатите за валоризација.

3) **Оправданост на промената** – поглавјето за оправданост на промената ги содржи следниве видови податоци:

- причина за ревалоризацијата на доброто;
- содржина и опис на промените што се предложуваа;
- образложение на ревалоризацијата.

4) **Режим на заштита** – поглавјето на режимот на заштита ги содржи соодветните податоци наведени за елаборатите за валоризација.

5) **Документација** – исто така, во основа ги содржи податоците и документацијата предвидени за елаборатите за валоризација.

Во поглед на ревизијата на елаборатите за ревалоризација, во целост важат правилата наведени за ревизијата на елаборатите за валоризација. Значи, предмет на ревизија се само елаборатите за ревизија кои што се однесуваат на добрата што веќе имаат или треба да стекнат статус на културно наследство од особено значење.

Врз основа на елаборатот за ревалоризација, по извршената ревизија, доколку е предвидена, се пристапува кон изработка на предлогот за донесување на акт за промена, односно акт за престанок на заштитата.

# III ПРАВНА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

## 1. ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЗАШТИТАТА

Изразот **воспоставување на заштитата** е генерички поим својствен за споменичкото право, **под кој се подразбираат официјалните начини за стекнување на статусот заштитено добро и почетокот на важноста на прописите и актите за заштита на културното наследство за одредено добро, врз таа основа**. Синоним на овој израз е изразот познат во говорниот јазик, *ставање под заштита*, а прифатен е и во правните прописи. Во споменичкото право, главно се познати три основни модели на заштитување на добрата од културно и историско значење и тоа:

1) модел на апстрактна заштита (заштита ex lege), односно заштита врз основа на законот;
2) модел на конкретна заштита и
3) модел на комбинирана заштита.

Моделот на апстрактна заштита се карактеризира со тоа што истиот не подразбира постоење, односно донесување на конкретен, поединечен акт за заштита на одредено добро. Основна карактеристика на моделот на конкретна заштита е тоа што ставањето под заштита се врши со донесување на посебен акт за заштита, без оглед на неговиот вид или правен ранг (закон, одлука, решение и сл.). Таквиот акт може да биде: со назив за ставање под заштита, регистрација, прогласување, класирање, утврдување својство или со некој друг соодветен назив, во зависност од избраниот модел на заштитување. Доколку таков акт не постои, односно не биде донесен, ниедно добро не може да има правен статус на заштитено добро. Моделот на комбинирана заштита подразбира соодветни елементи од претходните два модели, диференцирани според видот на добрата, нивното значење или некој друг критериум.

Новиот македонски модел на заштита профилиран е како модел на комбинирана заштита, што ги вклучува следниве начини, односно облици на воспоставување на заштита:

- заштита ex lege;

- привремена заштита;
- прогласување културно наследство;
- утврдување резервирана археолошка зона;
- утврдување национално богатство.

### 1.1 Заштита ex lege

Оваа заштита е една од вообичаените правни техники за воспоставување заштита на добрата од културно и историско значење. Нејзина основна карактеристика е тоа што со закон однапред е определено кои добра ќе се смета дека имаат статус на заштитени добра и поради кои причини. Истата не подразбира донесување, односно постоење на друг, посебен правен акт за воспоставување заштита. Таа се воспоставува априори за неограничен број добра кои исполнуваат одредени услови. Тие добра се сметаат како заштитени добра по сила на самиот закон. Значи, самиот закон, како општ правен акт, претставува непосредна правна основа за воспоставување на заштита.

Предност на овој модел е тоа што заштитата на добрата кои заслужуваат да бидат заштитени се врши брзо и без никакви претходни истражувања, проучувања и документирање во функција на нивна валоризација и категоризација и без спроведување на соодветни постапки за нивно прогласување или заштитување на друг начин. Овој модел е исклучително рационален, односно не бара никакви материјални трошоци ниту каков било стручен и научен ангажман, а обезбедува правно покритие за остварување на заштитата. Заштитата ex lege може да се однесува на сите видови добра што треба да бидат предмет на заштита или само на некои од нив, во зависност од избраниот национален модел на заштита. Може да биде применета во чиста форма или да биде комбинирана со облици својствени за моделот на конкретна заштита.

Според Законот за заштита на културното наследство, заштитата ex lege се јавува како трајна заштита и привремена заштита. Во член 37 од овој закон, се систематизирани одредбите што се однесуваат на културното наследство ex lege, а за такви се сметаат следниве[1]:

---

[1] Од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на РМ бр.20/04, 18/11, 148/11 и 23/13)

- недвижните добра од видот споменици, што претставуваат згради чија главна и ефективна намена е чување или изложување на движно културно наследство, како и посебни скривници определени за сместување на движното културно наследство во случај на вооружен судир, и тоа како значајно културно наследство;

- недвижните добра од видот споменички целини, што претставуваат споменички центри, определени како објект на заштита во случај на вооружен судир, и тоа како значајно културно наследство;

- задолжителниот примерок утврден со закон, без оглед на неговиот вид и дали е предаден на надлежната установа и тоа како културно наследство од големо значење;

- архивската граѓа, без оглед дали е предвидена во Државниот архив и тоа како значајно културно наследство;

- движното културно наследство со кое управуваат јавните установи за заштита (музеи, библиотеки, кинотека) запишано во нивната инвентарна книга и тоа како значајно културно наследство.

Согласно член 38 од законот, „привремената заштита ex lege се однесува на:

- археолошките откритија и тоа:
  - движните, до нивното предавање на надлежната јавна установа за заштита;
  - недвижните, до донесувањето на посебно решение за привремена заштита.

- движните добра прибавени од страна на надлежната јавна установа за заштита, до нивното запишување во инвентарната книга;

- добрата за кои е поведена постапка за воспоставување на заштитата, до донесувањето на актот за заштита“.

Заштитата ex lege се однесува исклучително на материјалните добра. Стекнувањето на статусот културно наследство ex lege за одредените добра ја вклучува и нивната категоризација. Во случајот,

сите предметни видови и групи добра, со исклучок на задолжителниот примерок, истовремено се категоризирани како значајно културно наследство. Со самиот закон е завршена нивната правна идентификација како заштитени добра и истите се подведени под режим на гарантирана заштита. Со тоа не е исклучена можноста за нивна ревалоризација, односно рекатегоризација по редовна постапка и нивно прогласување како културно наследство од особено значење.

### 1.2 Привремена заштита

Привремената заштита се карактеризира со ограничено правно дејство, а претставува можен начин за воспоставување заштита врз определени видови, групи, подгрупи или типови добра, за одреден временски период, до создавањето услови за нивна редовна валоризација, односно ставање под трајна заштита како културно наследство од соодветната категорија. Нејзиното правно дејство, според видот и содржината е исто со правното дејство на трајната заштита, предвидена за добрата со статус на значајно културно наследство. Привремената заштита подразбира режим на гарантирана заштита.

Привремената заштита може да биде воспоставена во облик на заштита ex lege, врз основа на поединечен акт или врз двата основа, според моделот на комбинирана заштита. Како најделотворна се смета комбинираната привремена заштита воспоставена ex lege во точно утврдени случаи и врз поединечен акт, кога за тоа постои оправдана потреба. Официјализирањето на привремената заштита во македонското законодавство беше мотивирано од потребата да се прошири правното дејство на прописите за заштита на културното наследство, од една страна и да се овозможи пофлексибилен пристап при воспоставувањето на заштитата во поглед на добрата што тоа го заслужуваат, а од одредени причини останале невалоризирани или за кои постои ризик од можно оштетување, уништување или исчезнување од друга страна. Така со матичниот закон беше воведена категоријата добра под привремена заштита. Тоа се добрата за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство и дека може да стекнат таков статус ex lege или со прогласување. Во македонското споменичко право се разликуваат два вида привремена заштита и тоа:

- привремена заштита ex lege, наречена уште и апстрактна привремена заштита;
- привремена заштита врз основа на поединечен акт за заштита (решение), наречена уште и конкретна заштита.

Предмет на првиот вид привремена заштита можат да бидат материјалните и нематеријалните добра, доколку за некои од нив е поведена постапка за воспоставување заштита. Дејството на привремената заштита ex lege започнува од моментот на поднесувањето на предлогот за донесување акт за заштита од страна на овластениот правен субјект. Во другите случаи, предметни за материјалните добра, дејството на привремената заштита ex lege започнува од мигот на откривањето на добрата или од мигот на уписот на прибавените добра во влезната книга на надлежната јавна установа за заштита. Траењето на привремената заштита ex lege е флексибилно лимитирана во зависност од предметните случаи. Кај движните археолошки наоди, траењето на привремената заштита ex lege е ограничено до моментот на нивното предавање кај надлежниот музеј во смисла на член 61 од Законот за заштита на културното наследство, а од тој момент истата заштита продолжува да трае врз друга основа, до запишувањето во инвентарната книга. Во случајот се претпоставува дека моментот на предавање на наодите и моментот на нивниот упис во влезната книга на музејот се поклопуваат и дека не настанува прекин на привремената заштита ex lege. Од уписот во влезната книга до уписот во инвентарната книга, може да помине најмногу 1 година, во кој рок треба да се заврши стручната музејска обработка на наодот. Во таа смисла, привремената заштита ex lege може да трае најмногу 1 година.

Конкретната привремена заштита се воспоставува со решение за привремена заштита, што го донесува Управата за заштита на културното наследство. Постапката за донесување на такво решение започнува со поднесувањето на посебен предлог за воспоставување привремена заштита, односно предлог за донесување решение за привремена заштита. Таков предлог може да поднесе само надлежната јавна установа за заштита, односно овластениот правен субјект. Предлогот се изготвува според пропишаната содржина и треба да содржи: (1) податоци за предлагачот; (2) вид и назив на актот што треба да биде донесен; (3) правна основа за донесување на актот; (4) причини за донесување на актот; (5) податоци за идентификација на доброто и други клучни елементи на содржината на актот; (6) образложение на актот и др. Управата за заштита на културното наследство нема овластување да донесува решение за привремена заштита без да постои самиот предлог од надлежниот правен субјект. Предлогот може да биде вратен на доработка или да биде одбиен со донесување на посебно решение за тоа или да биде прифатен, со тоа што самото решение за привремена заштита ќе биде донесено во законскиот рок од 30 дена од денот на приемот на предлогот. Рокот на кој се определува траењето на привремената заштита не може да биде подолг од шест месеци за движно добро, односно две години за археолошко наоѓалиште и една година за друго недвижно добро, сметано од денот на донесувањето на решението. Решението за привремена заштита престанува да важи со истекот на утврдениот рок,

односно со денот на донесување на актот за прогласување на доброто. Жалбата против решението за привремена заштита не го задржува извршувањето на решението.

Решението за привремена заштита се донесува исклучително за материјалните добра за кои основано се претпоставува дека се културно наследство. Во поглед на материјаните добра, смислата на воспоставувањето привремена заштита врз основа на решение се бара во потребата од итна интервенција поради постоење на опасност од оштетување или уништување на односните добра, како и во неможноста да се обезбедат услови за потемелни истражувања и проучувања на односните добра во функција на нивна стандардна валоризација. Конкретната привремена заштита се разликува од апстрактната привремена заштита не само по правната основа за нејзиното воспоставување, туку и по должината на времетраењето и по начинот на престанокот. Правното дејство на привремената заштита ex lege не е стриктно ограничено на определен рок, туку е поврзано со одредени процесни или други дејства и трае до настанувањето на односните правни моменти (како на пр. предавање на движните добра, запишување во инвентарната книга, донесување на акт за заштита). Таа престанува по автоматизам, освен во случаите кога нејзиното престанување е поврзано со донесувањето на соодветен акт за заштита. Конкретната привремена заштита се карактеризира со стриктно определени рокови во поглед на нејзиното траење, регулирани со член 39 став 3 од Законот за заштита на културното наследство. Решението за привремена заштита престанува да важи (а) со денот на донесувањето на актот за прогласување или (б) со истекот на утврдениот рок, доколку претходно не е донесен акт за прогласување. Кај апстрактната привремена заштита постои можност не само за продолжување на нејзиното траење врз друга основа туку и можност за промена во насока на стекнување статус на културно наследство, како и статус на резервирана археолошка зона. Кај конкретната привремена заштита единствената промена може да биде во насока на стекнување статус на културно наследство од соодветната категорија.

### 1.3 Прогласување културно наследство

**Прогласувањето** е еден од **стандардните начини на воспоставување заштита на добрата од културно и историско значење и истото подразбира донесување на поединечен акт за заштита од соодветниот вид, во пропишана постапка и од страна на овластен субјект**. Тоа подразбира постоење на претходно извршена стручна и научна проценка на вредностите и значењето на односното добро, односно негова валоризација и категоризација. Прогласувањето всушност се надоврзува на претходните дејствија и се манифестира како чин на правна верификација на истите. Тоа претставува посебен

споменичко – правен институт својствен за моделот на конкретна заштита. Истото може да биде единствен начин за ставање под заштита или да биде комбинирано заедно со други облици на конкретна или апстрактна заштита.

Според матичниот закон од 2004 година, прогласувањето е начин на воспоставување трајна заштита, со кој се стекнува статусот културно наследство од соодветната категорија. Во законот се разликуваат два вида прогласување и тоа:

- прогласување значајно културно наследство;
- прогласување културно наследство од особено значење.

Прогласувањето значајно културно наследство е во надлежност на Управата за заштита на културното наследство, како првостепен орган, а се врши во управна постапка, со донесување решение за прогласување значајно културно наследство како вид поединечен управен акт, против кој може да се изјави жалба. Жалбата не го одлага извршувањето на решението. Решение за прогласување значајно културно наследство се донесува за привремено заштитените културни добра за кои е донесено решение за привремена заштита. Предметното решение како управен акт, не се објавува во државното службено гласило, само се доставува до имателот и до надлежните служби од допирните области заедно со изводот од Националниот регистар на културното наследство. Предмет на овој вид на прогласување се:

- **незаштитените добра од сите видови, врз основа на нивната валоризација** – врз основа на предметниот акт за заштита, незаштитените добра првпат стекнуваат статус на заштитено добро од рангот *значајно културно наследство*.
- **материјалните добра под привремена заштита за кои е донесено решение за привремена заштита, врз основа на извршената ревалоризација на истите** – врз основа на актот за прогласување, претходно стекнатиот статус на заштитено добро се трансформира во заштитен статус од повисок ранг *значајно културно наследство*, со што за предметното добро се воспоставува трајна заштита.

Прогласувањето културно наследство од особено значење е во надлежност на Владата на РМ, а во исклучителни случаи, на нејзин предлог, прогласувањето го врши Собранието на РМ. На предлог на Владата на РМ, одделни духовни добра или недвижни добра, што претставуваат споменичка целина,

односно културен предел, можат да бидат прогласени со закон.  Тие видови добра Собранието на РМ ги прогласува со закон. Владата го врши прогласувањето со донесување одлука за прогласување културно наследство од особено значење. Таква одлука може да биде донесена по предлог на Министерството за култура и претходно набавено мислење од Националниот совет за културно наследство. Во случаите кога прогласувањето го врши Собранието или Владата, со односниот вид акт за прогласување, се воспоставува трајна заштита од повисок степен – посебна заштита. Предмет на овој вид на прогласување се:

- **незаштитените добра од сите видови, врз основа на нивната валоризација** – врз основа на односниот акт за прогласување, незаштитените добра од кој било вид првпат стекнуваат статус на заштитено добро од рангот *културно наследство од особено значење*, од соодветната поткатегорија.

- **привремено заштитените добра за кои е донесено решение за привремена заштита**, врз основа на извршената ревалоризација на истите – врз основа на односниот акт за прогласување, веќе воспоставената конкретна привремена заштита се трансформира во трајна заштита од соодветниот ранг, при што заштитеното добро од понискиот ранг го стекнува статусот културно наследство од соодветната категорија и поткатегорија.

- **движното културно наследство ex lege од видот архиска граѓа или кој било друг вид, запишано во инвентарната книга на музејска, библиотечна, кинотечна и фонотечна установа,** врз основа на извршената ревалоризација на односната збирка или фонд – врз основа на самиот акт за прогласување, апстрактната заштита од пониската категорија се трансформира во конкретна заштита од повисока категорија, при што односните добра од категоријата значајно културно наследство ex lege стекнуваат статус на културно наследство од големо значење или културно наследство од исклучително значење.

Отпочнувањето на постапката за прогласување е поврзана со поднесувањето на предлог за прогласување до надлежниот правен субјект, односно надлежната јавна установа за заштита. Предлогот како официјален акт се подготвува во рамки на постапката за валоризација, односно постапката за ревалоризација на добрата кои се предмет на прогласување. Постапката за прогласување се смета дека е отпочната со поднесувањето на предлогот. Правното дејство на предлогот се манифестира во тоа што, со самото поднесување на предлогот, по автоматизам започнува дејството на привремената заштита.

Постапувањето по предлогот за прогласување значајно културно наследство подлежи на правилата за општа управна постапка. Надлежниот првостепен орган е должен да постапи по предлогот во стандардниот законски рок од 30 дена, а по исклучок во рок од 60 дена од денот на приемот на предлогот. Притоа, предлогот за прогласување може да биде прифатен или одбиен. Доколку предлогот е прифатен, се донесува решение за прогласување значајно културно наследство, а во случај кога предлогот е одбиен, се донесува решение за одбивање на предлогот за прогласување, со кое истиот се одбива како неоснован. Во случај кога предлогот е одбиен, предлагачот има право на жалба, а привремената заштита ex lege останува до завршувањето на управната постапка, односно до правосилноста на односниот управен акт.

Предлогот за прогласување се доставува до Управата за заштита на културното наследство, која истиот го проследува до Министерството за култура, заедно со нацртот на актот за прогласување, што таа го подготвува во име на Министерството за култура. Министерството за култура ги презема понатамошните дејства во врска со прибавувањето на мислење од определените субјекти. По прибавувањето на тие мислења, како овластен предлагач пред Владата се јавува самото Министерство, доставувајќи свој конечен предлог за прогласување. Доколку станува збор за прогласување што го врши Владата, ресорното министерство доставува предлог за донесување одлука за прогласување културно наследство од особено значење, а доколку станува збор за прогласување кое треба да го направи Парламентот, во име на Владата како овластен предлагач, ресорното министерство доставува предлог за донесување закон за прогласување културно наследство од особено значење. И во двата случаи соодветните предлози ги подготвува Управата за заштита на културното наследство.

Постапката на прогласување подразбира задолжително учество на точно определени субјекти. Така, поднесувањето на предлогот за прогласување е условено со приложување на мислење на имателот. Значи имателот во неговата системска позиција е како активен субјект на заштитата и за него се пропишани одредени права, должности и ограничувања на правата врз основа на заштитата. Учеството на имателот се однесува исклучиво на прогласувањето недвижни и движни добра, а не и на прогласувањето нематеријални добра, со оглед на тоа што кај нив не постои категоријата имател.

### 1.4 Утврдување национално богатство

Утврдувањето национално богатство е нов начин на воспоставување заштита, официјализиран со измените и дополнувањата на Законот за заштита на културното наследство од 2007 година. Станува

збор за воспоставување заштита на движните добра од категоријата антиквитети и други предмети на колекции, чија заштита не е воспоставена на друг начин предвиден со матичниот закон, во ситуации кога тие се:

- предмет на барања за извоз или изнесување во странство;
- незаконски однесени од територијата на РМ и се предмет на реституција, односно враќање.

Во наведените ситуации, заради обезбедување итна заштита на односните незаштитени добра, надлежниот орган, односно Управата за заштита на културното наследство, може да донесе решение за утврдување национално богатство. Таквото решение се донесува по службена должност или по барање на надлежната јавна установа за заштита, односно овластеното лице. Ваквото решение се донесува за незаштитените антиквитети и други предмети на колекции доколку се утврди дека имаат археолошка, историска, уметничка или друга културна или научна вредност за РМ, поради што се:

- дело на уметик, дизајнер или создавач кој е значаен за одредена област од културата во РМ;
- производ на домашна креативност, односно знаење;
- карактеристични од аспект на националното културно наследство;
- поврзани со личност, настан или појава значајни за националната историја на РМ и на заедниците во РМ;
- поврзани со споменик, споменичка целина, културен предел или друга значајна културна средина или фолклорни добра;
- ретки, загрозени или ќе станат ретки на територијата на РМ.

Согласно член 32 – а од Законот за заштита на културното наследство, „национално богатство се сметаат движните добра што претставуваат:

- **археолошки предмети** постари од 100 години, што потекнуваат од копнени или подводни истражувања и откритија, археолошки наоѓалишта и археолошки збирки;

- **елементи** што се составен дел на уметнички, историски или религиозни споменици кои биле раздвоени и се постари од 100 години;

- **слики и сликарски дела** изработени рачно, во било која техника и материјал, постари од 50 години;

- **акварели, гвашеви и пастели** изработени рачно, во кој било материјал, постари од 50 години;

- **мозаици** изработени рачно, од сите материјали кои не припаѓаат на археолошките предмети ниту се раздвоени од некој споменик, како и **цртежи** изработени рачно и во која било техника и материјал, постари од 50 години;

- **оригинални гравури, графики, серографии и литографии** со соодветни плочи и оригинални постери, постари од 50 години;

- **оригинални скулптури и бисти** и копии изработени во иста постапка како оригиналот, со исклучок на тие што претставуваат археолошки предмети, постари од 50 години;

- **фотографии, филмови и нивни негативи и оригинални звучни записи**, постари од 50 години;

- **инкунабули и ракописи, како и географски карти и музички партитури**, поединечно или во збирка, постари од 50 години;

- **книги** постари од 100 години, поединечно или во збирка;

- **печатени географски карти** постари од 100 години;

- **архивска граѓа и кој било нејзин дел**, од кој било вид и медиум, постари од 50 години;

- **архитектонски, научни и инженерски цртежи, скици и макети**, постари од 50 години;

- **нумизматички, филателистички, етнографски и историски збирки или поединечни предмети од такви збирки**, постари од 50 години;
- **превозни средства и нивни делови**, постари од 75 години;
- други антиквитети, постари од 50 години“.

Утврдувањето национално богатство, како начин на воспоставување заштита, се применува во посебни ситуации и под посебни услови или критериуми. Негова цел е да се спречи трајното отуѓување надвор од државните граници, како и обезбедувањето протекторски статус според националното законодавство, доколку односното добро се наоѓа во странство, а треба да биде предмет на реституција, односно враќање.

Како национално богатство се сметаат сите движни добра што го исполнуваат критериумот старост, за односниот вид на кој му припаѓаат доколку:

- се заштитени како културно наследство од особено значење или се прогласени за значајно културно наследство;
- се запишани во инвентарната книга како дел од јавната збирка со која управува јавна музејска, библиотечна или кинотечна установа или Архивот;
- претставуваат дел од опрема на заштитени верски објекти или заштитена сакрална збирка на одредена верска заедница.

## 2. КАЗНЕНО – ПРАВНА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Општествените односи се збир на односи од различен карактер (економски, политички, културни, класни, семејни, лични, морални итн.) кои го опкружуваат и му се наметнуваат на човекот како нужни. Тие односи во човечкиот живот се прецизирани и создадени во рамките на определен и претходно осмислен нормативен ред. За секој вид односи постојат сфаќања што се создадени врз низа критериуми, посебно за тоа што во тие односи е добро, лошо, чесно и нечесно. Врз база на тие конкретно определени критериуми се формираат и норми за поведенијата на луѓето[1].

Општествените норми претставуваат правила на поведение со кои луѓето ги регулираат односите со другите членови од заедницата (да не се напаѓа друг живот, право на заштита на својот и неоштетување на туѓ имот, заштита и почит на семејството итн.). Општествените норми имаат за цел да го заштитат и регулираат севкупното живеење и опстанок на човечката заедница. Тие односи во една заедница се регулираат и заштитуваат со обичајни, морални и правни норми (обичај, морал и право). Иако сите овие норми ги регулираат општествените односи, тие меѓу себе се разликуваат по содржината и според обврските на човекот за нивно прифаќање и почитување[2].

Постојат определен број на поведенија за кои државата, односно воспоставениот правен поредок, настојува присилно да го наметне нивното почитување. Таа интервенира во сферите на нејзиниот интерес, правно нормирајќи определени поведенија во секоја сфера. Така на пример, таа ги регулира односите во стопанството, бракот, семејството, сопственоста, а се разбира и културното наследство. Едни од есенцијалните општествени односи кои го регулираат човековото постоење, неговиот живот, па дури и биолошкиот опстанок, имот, права, добра, слободи и сл. претставуваат девијантни однесувања кои се насочени кон загрозување или повреда на овие најесенцијални односи. Таквите однесувања ги идентификува како девијантни однесувања. **Под поимот девијантно однесување се подразбира негативен суд на општеството кон определено поведение на човекот, според кое таквото однесување отстапува од определени општоприфатени забрани или наредби**.

[1] Основи на правото – Миладин Крстаноски, Охрид 2005 год.

[2] Казнено право – Општ дел, Владо Камбовски, Миладин Крстаноски, Охрид 2010 год.

Во општеството постојат голем број на поведенија кои не се одобруваат од поединци, групи или од севкупната заедница, односно поведенија кои влегуваат во групата на асоцијални и антисоцијални однесувања. Меѓутоа државата иако не смее да се однесува индолентно кон било кое девијантно однесување, не смее и сите правно да ги казнува. Само најтешките повреди на особено важни вредности и добра имаат карактер на криминално однесување. **Според правната дефиниција, криминални се само поведенијата кои што се изрично забранети со нормите на казненото право**. Значи, човековото однесување независно од неговиот асоцијален карактер, станува казненоправно релевантно дури кога е забрането со законите кои предвидуваат казнени дела и кога за таквото однесување е пропишана казна или друга санкција.

### 2.1 Заштитна функција на казненото право

Основната функција на казненото право е заштитата на поединецот и на општеството од поведенија со кои се напаѓаат важни добра, индивидуални слободи и права и заеднички функции на живот. Криминалот претставува предмет на постојана социјална контрола. Заштитната функција на казненото право се остварува низ неговата превентивна и репресивна функција. Превентивната (ex ante) заштитна функција на казненото право најпрвин се остварува со прогласувањето на опредени поведенија како казнени дела и пропишувањето на казни и други санкции за тие дела. Казненоправните забрани (криминализација) и пропишувањето казни (пенализација) се поставуваат со очекување дека нивното почитување ќе обезбеди признавање и поддршка на определени важни индивидуални и општествени вредности. За да ја остварат својата превентивна функција, казненоправните забрани треба секому да му бидат познати и јасни. Нивното прогласување, покрај застрашувачкото дејство, влијае и врз моралните убедувања, правната свест и правната лојалност на граѓаните.

Во случај на повреда на казненоправната забрана доаѓа до активирање на втората, репресивна страна на казненоправната заштита. Казненоправната репресија (ex post) се состои во примена на казна или на друга санкција кон сторителот по извршеното казнено дело. Сторителот на делото се прогласува за одговорен и преку примената на казна или друга санкција со која присилно се посега по определени слободи и права на сторителот, имотот итн. Смислата на казненоправната репресија се состои во спречување на идните повреди на заштитените добра.

Основни услови за да може казненоправната заштита да го постигне репресивно – превентивното дејство се:

- да биде ефикасна, односно да се применуваат мерки со потврдени превентивни ефекти и

- без никакви исклучоци да ги погаѓа сторителите на сите казнени дела.

Заштитната функција на казненото право подразбира и определен објект на таквата заштита, опфатен со поимот за правното добро. Казненото дело е поведение на човекот што е забрането со закон поради тоа што претставува повреда или загрозување на определени индивидуални и општествени вредности и добра. Во формална смисла, под правно добро се подразбира оној интерес, вредност или добро, што непосредно се заштитува со казненоправната норма. Во материјална смисла, правно добро е нешто што претходи на казненоправната забрана, што ја мотивира, претставувајќи вредносен критериум за законодавецот во нејзиното постапување. Поисправно е да се каже дека поимот во формално – материјална смисла ги обединува и двата аспекти[1].

## 3. МЕЃУНАРОДНА ПРАВНА ЗАШТИТА

Меѓународното казнено право има се поголемо значење како извор на казненото право. Нормите во меѓународните конвенции имаат универзално значење и примена, која не зависи од волјата на одредена држава за нивното почитување. Македонија ја има ратификувано Меѓународната конвенција за заштита на светското културно и природно наследство во 1997 година.

### 3.1 Конвенција за заштита на светското културно и природно наследство

На своето седумнаесетто заседавање, генералната конференција на Организацијата на Обединетите нации за просвета, наука и култура (УНЕСКО), одржано во Париз (17 до 21 ноември 1972 година), на 16 ноември, ја усвојува Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство:

- Костатирајќи дека на културното и природното наследство се повеќе им се заканува уништување (не само поради класичните начини на пропаѓање, туку и поради промените во општестевниот и економскиот живот, што придонесуваат со нови форми на оштетување и разурнување);

[1] Казнено право – Општ дел, Владо Камбовски, Миладин Крстаноски, Охрид 2010 год.

- Сметајќи дека оштетувањето или исчезнувањето на секој примерок на културното или природното наследство претставува осиромашување на наследството на сите народи во светот;

- Сметајќи дека заштитата на тоа наследство на национален план често е непотполна поради обемноста на средствата потребни за неа и недостигот на економски, научни и технички средства во земјата во која се наоѓа предметот кој треба да се заштити;

- Напоменувајќи дека во Уставот на УНЕСКО се предвидува дека организацијата ќе помага во одржувањето, напредокот и во ширењето на знаењето;

- Сметајќи дека постоечките конвенции, препораки и резолуции за културните и природните добра се доказ за тоа од колкаво значење за сите народи на светот е зачувувањето на тие единствени и незаменливи добра, без оглед на која земја припаѓаат;

- Сметајќи дека извесни добра на културното и природното наследство се од исклучително значење и дека поради тоа треба да се заштитат како дел на општото наследство за целото човештво;

- Сметајќи дека со оглед на големината и сериозноста на новите опасности што им се закануваат, целата меѓународна заедница е должна да учествува во заштитата на она културно и природно наследство што има исклучителна универзална вредност и

- Сметајќи дека за таа цел е неопходно да се усвојат нови одредби во форма на Конвенција, врз основа на кои ќе се воспостави ефикасен систем на колективна заштита на културното и природното наследство од исклучителна општа вредност, организиран врз трајна основа и во согласност со модерните научни методи[1].

Во член 1 од оваа Конвенција е наведена дефиницијата на поимот културно наследство, која што е прифатена и во македонскиот правен поредок[2]. Секоја земја членка на оваа конвенција признава дека пронаоѓањето, заштитата, конзервирањето, популаризацијата и пренесувањето на идните генерации на

---

[1] Преамбула на Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство

[2] страна 1 од овој труд

културното и природното наследство, претставува првенствено нејзина должност. За таа цел таа ќе настојува да дејствува со сопствени напори, користејќи ги максимално сите расположливи средства, а ако има потреба, меѓународна помош и соработка ќе и се даде пред се во финансиски, уметнички, научен и технички поглед. Со цел гарантирање на ефикасна заштита и популаризација на културното наследство, на сопствената територија и под условите што и одговараат на секоја земја, државите членки на оваа конвенција настојуваат:

- Да ја усвојат општата политика насочена кон тоа да му се даде на културното наследство определена функција во животот на заедницата и заштитата на тоа наследство да се вклучи во програмите на општо планирање;

- На својата територија да формираат една или повеќе служби (доколку веќе не се формирани) за заштита, одржување, ревалоризирање на културното наследство, што ќе имаат на располагање соодветен персонал и средства за да можат да ги извршат поставените задачи;

- Да развиваат научни и технички проучувања и истражувања, како и да усовршат такви методи на работа врз основа на кои државата ќе може да им се спротистави на опасностите што ги загрозуваат нејзините културни и природни наследства;

- Да преземаат соодветни законски, научни, технички, административни и финансиски мерки што се потребни за пронаоѓање, заштита, одржување, популаризација и обновување на тоа наследство;

- Да работат врз воспоставување на национални или регионални центри за обука на полето на заштитата, одржувањето и популаризацијата на културното наследство и врз стимулирање на научното истражување на тоа поле (член 5 од Конвенцијата).

Согласно член 7 од Конвенцијата, **под меѓународна заштита на светското културно наследство се подразбира воспоставување меѓународен систем на соработка и помош за да им се даде поддршка на државите членки на оваа Конвенција, во нивните напори за зачувување и утврдување на тоа наследство**. При УНЕСКО, се формира Меѓувладин комитет за заштита на

културното и природното наследство од исклучително висока универзална вредност – Комитет за светско наследство[1]. Комитетот донесува свој Правилник. На седниците кои ги одржува, Комитетот може да поканува јавни и приватни организации, како и приватни лица со цел консултирање по одделни прашања. Комитетот може да формира и советодавни органи, што ќе ги смета како нужни за извршување на својата задача.

Секоја земја членка на оваа Конвенција до Комитетот за светско наследство ќе достави инвентар на добрата на културното и природното наследство. Инвентарот ќе содржи податоци за местото на кое се наоѓаат тие добра и за нивната вредност. Врз основа на поднесениот инвентар, Комитетот ќе води евиденција и ќе ја објави под наслов „список на светското наследство“ и „список на добрата на културното и природното наследство“, за добрата кои имаат исклучителна универзална вредност, според востановените критериуми. Ажуриран список врз кој е извршена ревизија ќе биде објавуван најмалку секоја втора година. По потреба Комитетот ќе објавува и список на светско наследство во опасност, список на добрата чија заштита бара поголема конзерваторска работа за кои е барана помош во смисла на Конвенцијата, а ќе биде дадена и процена на вредноста на тие операции.

Доколку некое добро не влегло во еден од овие два списоци не значи дека тоа нема исклучителна универзална вредност за други цели. Комитетот за светско наследство ќе ги прима и ќе ги проучува молбите за меѓународна помош кои ќе ги доставуваат државите членки на оваа Конвенција во поглед на добрата на културното и природното наследство што се наоѓаат на нивната територија и се внесени или имаат услови да бидат внесени во еден од двата списоци. Таквите барања можат да се поднесат со цел заштита, конзервирање, популаризација или рехабилитација на тие добра. Одлуките се донесуваат со двотретинско мнозинство на членовите што се присутни и гласаат. Кворумот го сочинуваат мнозинството членови на Комитетот. Комитетот:

- ќе одлучи како треба да се постапи по тие барања и ќе определи каков карактер и обем треба да има неговата помош;

[1] Комитетот е составен од 15 земји членки на оваа Конвенција, кои ќе бидат избрани од државите членки, на седницата на Генералното собрание за време на редовното заседание на Генералната конференција на Организацијата на Обединетите нации за просвета, наука и култура. Бројот на државите членки се зголемува до 21 почнувајќи од редовната седница на Генералната конференција по влегувањето во сила на оваа Конвенција во најмалку 40 држави. При изборот на членовите на Комитетот треба да биде загарантирана еднаквата застапеност на разни региони и култури на светот. Мандатот на државите членки трае три последователни редовни седници.

- ќе определи приоритетен ред на своите интервенции (имајќи ги во предвид следниве фактори: значењето што го има доброто кое треба да се заштити за светското културно и природно наследство, итноста на работите што треба да се преземат, средствата со кои располагаат државите на кои се наоѓаат загорзените добра и мерка со која ќе можат да обезбедат заштита на тие добра со сопствени средства);

- ќе го состави, ажурира и објави списокот на добрата за кои е дадена меѓународна помош;

- донесува одлука за употреба на средства од фондот и бара начини и презема мерки за зголемување на средствата;

- соработува со меѓународните, со националните владини и невладини организации, чии цели се слични на целите на Конвенцијата. За да ги изработи своите програми и да ги изведе своите проекти, Комитетот може да се обрати до следниве организации: Меѓународниот центар за проучување на конзервацијата и реставрацијата на културните добра (центар во Рим), Меѓународниот совет за споменици и знаменити места (ICOMOS) или до Меѓународната унија за конзервација на природата и на нејзините ресурси (IUCN), како и до јавни и приватни организации и поединци.

Во согласност со одредбите на правилникот за финансиите на УНЕСКО, се создава фонд на депозити[1]. Средствата на фондот се состојат од:

- задолжителни и доброволни придонеси на државите членки на оваа Конвенција;

- прилози или подароци кои можат да ги приложат: други држави, УНЕСКО, други организации од системот на Обединетите нации, посебно програмата за развој на Обединетите нации и други меѓувладини организации, приватни или јавни организации или индивидуи;

- секоја камата што ќе се добие од средствата на фондот;

---

[1] Фонд за заштита на светското културно и природно наследство од исклучителна универзална вредност, под име фонд за светско наследство

- износот на собраните средства од манифестации организирани во корист на фондот;
- сите други средства што се одобрени со правилникот кој ќе го изработи Комитетот за светско наследство.

Прилозите на фондот и другите форми на помош во корист на Комитетот можат да се користат само за целите што тој ќе ги определи. Комитетот ќе ги прима прилозите исклучиво доколку одлучи да ја оствари програмата за која се наменети. Прилозите не смее да бидат политички условени. Државите членки на оваа Конвенција се обврзуваат секоја втора година да уплатуваат сума која е еднаква за сите држави, а ја определува Генералното собрание на државите членки на состанокот на Генералната конференција на УНЕСКО.

Секоја држава членка на оваа Конвенција може да побара меѓународна помош во корист на културното и природното наследство од исклучителна универзална вредност, што се наоѓа на нејзината територија. Кон молбата, согласно член 21 од Конвенцијата, треба да се наведат предвидените операции, потребните работи, процената на цените на чинење на истите, степенот на итност и причините поради кои средствата на државата која бара помош не се доволни за таа да може да ги поднесе сите трошоци. Секогаш кога ќе биде можно молбите ќе бидат поткрепени со извештаи од стручни лица. Пред да донесе одлука Комитетот ќе спроведе студии или консултации за кои ќе смета дека се потребни. Комитетот во разгледувањето им дава предност на молбите поднесени поради катастрофи и природни непогоди, бидејќи тие може да бараат преземање на итни мерки. За ваквите исклучителни случаи Комитетот треба да има на располагање резервен фонд. На Комитетот може да му се даде помош на следниов начин:

- студии за уметничките, научните и техничките проблеми што бараат заштита, одржување, популаризирање и рехабилитација на културното и природното наследство;
- служби на стручни лица, техничари и квалификувани работници за да се обезбеди точно изведување на усвоениот акт;
- оспособување на стручни лица на сите нивоа во областа на пронаоѓањето, заштитата, конзервацијата, популаризирањето и рехабилитацијата на културното и природното наследство;

- снабдување со опрема што заинтересираната држава не ја поседува или не може да ја набави;

- субвенции, без обврска за отплатување, во исклучителни и особено образложени случаи.

Државите членки во најголема мерка ќе се залагаат, со сите соодветни средства, особено со образовни и информативни програми да го стимулираат меѓу своите народи почитувањето на културното и природното наследство. Тие се обврзуваат широко да ја информираат јавноста за опасностите што му се закануваат на тоа наследство и преземените мерки за примена на оваа Конвенција. Државите членки на оваа Конвенција ги наведуваат во извештаите што ги доставуваат до Генералната конференција на УНЕСКО, законодавните и административните одредби и другите мерки што се преземени за примена на оваа Конвенција, како и поединостите од искуството стекнато на ова поле. Овие извештаи му се поднесуваат на Комитетот. Комитетот за својата работа поднесува извештај на секоја редовна седница на Генералната конференција на УНЕСКО.

Конвенцијата останува отворена за пристапување на сите држави што не се членки на УНЕСКО, а кои Генералната конференција на УНЕСКО, ќе ги покани да и се приклучат. Пристапувањето се врши со доставување на инструменти за пристапување до Генералниот директор на УНЕСКО. Оваа Конвенција влегува во сила три месеци по предавањето на дваесеттиот инструмент за ратификација, прифаќање или пристапување, само за државите кои ќе ги достават своите инструменти најдоцна до денот на истекот на рокот. Секоја држава членка на оваа Конвенција може да ја откаже истата. Откажувањето се соопштува по писмен пат и се депонира кај Генералниот директор на УНЕСКО. Тоа влегува во сила дванаесет месеци по приемот на инструментите за откажување. Откажувањето не влијае на финансиските обврски на државата што го предава откажувањето се до датумот кога нејзиното повлекување ќе влезе во сила.

## 4. КАЗНЕНИ ДЕЛА ПРОТИВ МАКЕДОНСКОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Со векови наназад нашата држава располага со значајно културно – историско богатство кое претставува одлика на популацијата која живеела и сеуште живее на овие простори. Низ годините, ова богатство е предмет на постојан интерес, поради што е противправно присвојувано, крадено или насилно одземано од други држави, институции или поединци. Денес, македонското културно

наследство е намалено во значителна мера, токму од овие причини, а сеуште е загрозено бидејќи му се заканува уништување и одземање од страна на поединци и групи.

Главни причини поради кои културното наследство е мета на ваквите противзаконски активности е недоволната заштитеност на објектите, локалитетите и културните предмети, незадоволителната грижа на надлежните институции и пред се поединците или групите кои ги крадат, диво ги ископуваат археолошките локалитети, провалуваат во објекти во кои се чуваат археолошки или етнолошки предмети и истите ги продаваат на посредници или купувачи од нашата држава или од странство. Извршителите на овие криминални активности се претежно македонски државјани кои многу ретко ја познаваат вистинската вредност на овие предмети и ги продаваат на таканаречените „црни аукции“, на антикварници или на пасионирани колекционери.

Од досегашните сознанија во врска со бесправно одземените и отуѓени подвижни предмети кои се дел од спомениците на културата на државата, може да се заклучи дека главно се користат класичните форми и тоа:

- Провалување на вратите и прозорците на објектите (цркви, манастири, музеи, џамии и сл.) во кои се чуваат предметите;
- Недозволено копање на археолошки локалитети кои се прогласени за споменик на културата или на локалитетите кои сеуште не се научно и стручно доистражени и со самото тоа сеуште не се прогласени за споменик на културата;
- Заменување на стари предмети со нови, при што се користи наивноста или непознавањата на црковното лице или црковниот одбор за вредноста на предметот, односно истите се убедуваат дека новите предмети се поубави, подобро изработени и повредни;
- Продавање на предмети кои претставуваат големо етнолошко и историско богатство за РМ, од страна на сопственик кој го наследил предметот и најчесто не ја знае неговата вистинска вредност;
- Уништување на археолошки локалитети при одредени ископи од страна на градежни фирми или поединци. Ова се случува кога одредени инвеститори ангажираат градежни фирми за патишта, канали, индивидуални или службени згради, кои при работните активности

наидуваат на археолошки локалитет и го уништуваат без притоа да го известат РЗЗСК[1] или Министерството за култура. Задачата на РЗЗСК е да го испитаат теренот и да увидат дали се работи за значаен наод (при што ќе дадат насоки за понатамошна работа) или ќе издадат дозвола да продолжат градежните работи.

Горенаброените облици на казнени дела може да се каже дека се од субјективни причини. Објективни причини за појава на овој вид криминалитет се следниве:

- *Либерализација на законите* кои го третираат овој проблем, слаба и безначајна казнена политика, како и непостоење на закони за колекционерство, антикварници и друштва, регистирани или нерегистрирани, кои се таканаречени „трагачи на богатство“ и се занимаваат со истражувачки дејности од областа на археологијата, етнологијата, односно со историјата преку предмети, стари книги, записи и сл.

- Во иднина треба да се посвети особено внимание на *обезбедувањето на објектите*, што е значајна компонента во оневозможување на бесправните ископувања, кражби и сл.

- Едукација – повеќето надлежни институции, служби и субјекти, кои се дел од системот за заштита и обезбедување на културното наследство не се запознаени и не ја знаат вистинската вредност на нашето културно наследство. Особено треба да се потенцираат Царинската управа, Министерството за внатрешни работи, Дирекцијата за туризам и сл.

Колку за илустрација, на територијата на РМ се евидентирани околу 2200 недвижни споменици на културата и тоа: манастири, цркви, џамии, текиња и сл.; околу 5000 археолошки локалитети кои припаѓаат на старо македонски – антички, римски и рановизантиски градови и населени места; околу

---

[1] Републички завод за заштита на спомениците на културата – основан е во 1949 година со посебна владина уредба под називот „Централен завод за заштита на културните споменици и природните реткости на НР Македонија“. Седиштето е во Скопје. Основачкиот акт бил донесен врз основа на Законот за заштита на спомениците на културата и природните реткости од март 1948 година. Во 1960 година, со тогашниот матичен закон, Централниот завод добил нов назив - Републички завод за заштита на спомениците на културата и статус на самостојна установа од областа на културата, со својство на правно лице, која врши дејност од посебен општествен интерес. Според Законот за заштита на културното наследство од 2004 година, републичкиот завод продолжува со работа како национална установа од областа на културата, со нов назив Национален конзерваторски центар (НКЦ). Неговата основна дејност е заштита на недвижното културно наследство, а ослободен е од вршењето на управните надлежности и некои стручни работи во врска со нив, што како јавни овластувања му се доверени на новиот орган во рамки на Министерството за култура – Управата за заштита на културното наследство.

350 куќи на старата градска и селска архитектура, како и над 200 други споменици на културата (како што се кули, мостови, анови и сл.). Од евидентираните 2200 споменици на културата, само околу 10 се под целосна заштита на РЗЗСК. Исто така под негова заштита се ставени и 170 други споменици, меѓутоа тие се во сопственост и за нив се грижат црковните организации. Над 1000 вакви споменици, и тоа претежно цркви и манастири од XVIII и XIX век (во кои се наоѓаат бројни икони, крстови и други предмети од применетата уметност, архивски и библиотечен материјал), воопшто не се ставени под заштита или се препуштени на црковните одбори и организации. Од археолошките локалитети, 62 се ставени под заштита на законот како споменици на културата и 350 евидентирани куќи на старата градска и селска архитектура. Исто така околу 430000 движни предмети и документи, од кои 25000 се икони кои се чуваат во манастирите и црквите, додека останатите предмети и документи се чуваат во музеии, галерии, библиотеки и други иснтитуции кои се овластени за чување на вакви предмети. Земено во целина, впечатокот е дека спомениците на културата кои се ставени под заштита на Законот и оние кои не се под заштита, од аспект на обезбеденоста се наоѓаат во многу лоша состојба.

Во периодот од 1946 година, па наваму од објектите и локалитетите на подрачјето на РМ бесправно се одземени повеќе предмети и икони кои претставуваат огромно културно богатство. До 1952 година, институциите кои требало да се грижат за оваа појава воопшто не воделе евиденција ниту за бројот на кражби, ниту за бројот на украдени предмети (икони, крстови, книги и др.), а иконите не ни биле евидентирани. Во периодот од 1952 до 1963 година, РЗЗСК има извршено евидентирање на вредните икони и други предмети во околу 1700 цркви и манастири во РМ. Меѓутоа и по овој период неможе да се каже точниот број на икони кои биле одземени, бидејќи повеќето евиденции за кражби се уништени како застарени дела и случаи. Во табелата бр.1[1] се претставени украдените икони кои имаат споменичка вредност (според добиените податоци од РЗЗСК и архивските податоци на МВР).

Соодветното и адекватно поставување на службите на МВР и другите надлежни интитуции во Македонија за заштита на движните и недвижните објекти и предмети, кои претставуваат културно – историско и уметничко богатство, односно споменици на културата, треба да придонесе превентивно – во спречување на поединци и групи во вршење на казнени дела и репресивно – во брзото откривање и фаќање на сторителите и спроведување на судските власти.

[1] Извор на податоци - www.mvr.gov.mk

| Година на кражба | Објекти - цел на кражба | | Место | Број на украдени икони | Назив на познатите икони | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | црква | манастир | | | | |
| 1962 | Св.Никола | | с.Башино, Велес | 7 | Тајната вечера | |
| 1963 | Св.Никола | | с.Башино, Велес | 6 | | |
| 1965 | Св.Никола | | Штип | 1 | Успение на Богородица | |
| 1966 | Св.Јован Бигорски | | с.Ростуше, Гостивар | 1 | Исус Христос со круна на главата | |
| 1966 | | Св.Ѓорѓи | с.Дељадровци, Скопје | 2 | | |
| 1967 | | Забел | с.Нагоричани, Куманово | 5 | | |
| 1967 | | Св.Мина | с,Проевци, Куманово | 5 | | |
| 1967 | Св.Никола | | с.Кочиште, Крушево | 4 | | |
| 1967 | Мала Богородица | | с.Растоица, Крушево | 3 | Богородица | |
| 1967 | Св.Атанасие | | с.Прждево, Неготино | 9 | | |
| 1967 | Св.Атанас | | с.Годивље, Прилеп | 14 | Св.Никола и Св.Јован | Св.Јован е најдена |
| 1966/67 | | | с.Лавци, Битола | 11 | | многу значајни икони |
| 1968 | Св.Спас | | Крушево | 17 | | украдени и сребрени садови |
| 1968 | Св.Врачи | | Охрид | 2 | | |
| 1968 | | | Виница | 1 | Св.Јован со крилја | |
| 1968 | РЗЗСК има сознанија за уште 37 икони украдени од цркви и манастири (не се знае кои) | | | | | |
| 1969 | Св.Јован Богослов | | с.Богословец, Св.Николе | 3 | | |
| 1969 | Св.Спас | | с.Липец | 13 | | украден сребрен крст |
| 1969 | Св.Спас | | с.Таор, Скопје | 2 | | и три помали икони |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1969 | Св.Димитрие | | Валандово | 5 | Св.Богородица | |
| 1970 | Св.Архангел | | с.Кучевиште, Скопје | 10 | | |
| 1970 | Св.Атанас | | с.Новачани, Велес | 26 | | |
| 1970 | Св.Атанас | | с.Куклиш, Струмица | 2 | | |
| 1971 | Св.Никола | | с.Избиште, Ресен | 8 | | |
| 1971 | Св.Спас | | Скопје | 1 | Успение на Богородица | |
| 1972 | Арх.Михаил | | Штип | 2 | | |
| 1972 | Св.Никола | | с.Градошорци, Струмица | 13 | | 11 се пронајдени |
| 1972 | | | с.Ничпур, Гостивар | 12 | | |
| 1972 | Св.Врачи | | с.Г.Мелничани, Дебар | 9 | | |
| 1974 | Св.Атанасие | | с.Леништа, Прилеп | 3 | | |
| 1975 | Св.Јован Канео | | Охрид | 4 | | сторителот и иконите се пронајдени подоцна повторно се украдени |
| 1975 | Св.Врачи | | с.Г.Мелничани, Дебар | 11 | | |
| 1976 | Св.Јован Канео | | Охрид | 6 | | |
| 1976 | Св.Никола | | с.Башино, Велес | 5 | | |
| 1982 | | стара Св.Петка | с.Г.Белица, Струга | 1 | | |
| 1982 | Св.Тројца | | с.Чучер, Скопје | 6 | | |
| 1983 | Св.Спас | | с.Беловиште, Гостивар | 1 | | |
| 1983 | Св.Никола | | с.Крушопек, Штип | 8 | | |
| 1984 | Св.Богородица | | с.Вељуса, Струмица | 3 | | икони од XVII - XVIII век |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1985 | | Св.Наум | Охрид | 13 | | |
| 1986 | Св.Јован | | с.Ново село, Струмица | | | 1 кг сребрени пари и крст |

Табела 1

Од наведените податоци во табелата може да се заклучи дека предмет на кражба претставуваат претежно исклучително вредните икони кои поседуваат непроценлива вредност. Покрај вредните икони, можат да бидат украдени и други вредни предмети, но во најголем број случаи токму иконите се мета на кражби. Лесно може да се заклучи дека напаѓани се токму објектите во кои постојат најзначајните икони, во Охрид, Велес и Штип. Во табелата се претставени кражби од минатото, односно од периодот кога културното наследство е влезено во регистар и откако почнале да се водат и евиденции на ваквите казнени дела. Во денешно време, од медиумите се добиваат информации за извршени кражби на цркви кои се наоѓаат претежно во ненаселените или местата со мал број на население[1]. Според податоците на МВР, во текот на 2012 година и првото тромесечие од 2013 година, извршени биле 102 кражби во цркви, од кои 21 биле обид за извршување на кражба. Од црквите биле украдени 144 икони и помала сума на пари. Повторно се наметнува забелешката дека заштитата на вредното културно наследство кое го поседува Македонија е основен услов за сузбивање на овие противзаконски активности[2].

### 4.1 Казнени дела против спомениците на културата, архивскиот материјал и природните реткости

Основен извор на казненото право претставува казнениот законик. Под казнен законик се подразбира **законска одредба со која некое човеково поведение се прогласува за казнено дело, се определуваат претпоставките за одговорноста за казненото дело и се пропишува казна, друга казнено – правна санкција или друга правна последица на казненото дело**[3]. Согласно член 122 ст.1

---

[1] Во текот на минатата година извршени се следниве кражби: во периодот меѓу 29 септември и 4 октомври, од црквата Св.Преображение, од битолското село Гопеш, украдени се 40 икони стари 120 години, дело на ученик на Дичо Зограф; на 3 октомври од мавровското село Дуф, од црквата Св.Богородица украдени се 7 икони, свеќник и 1000 денари. Иконите се од непроценлива вредност; во периодот меѓу 17 и 31 јули, од црквата Св.Никола во село Беличица, Маврово украдени се 17 икони и 400 денари; во април, од црквата Св.Георгиј Победоносец во Лазарополе, крадците успеале да одземат се што е вредно: дел од престолните икони и другите ретки икони од XVI, XVIII и XIX век, цел горен ред од иконостасот и старата неодамна реставрирана престолна резба; во март од црквата Св.Никола во село Модрич, Струга украдени се 13 икони.

[2] Во Дебарско – кичевската епархија веќе две години, во тек е дислоцирање на иконите од загрозените подрачја. Оваа мерка се препорачува и на другите епархии.

[3] Казнено право – Општ дел, Владо Камбовски, Миладин Крстаноски, Охрид 2010 год.

од Кривичниот законик, **под казнено законодавство на Република Македонија се подразбираат одредбите на овој кривичен законик и одредбите содржани во други закони**.

Кривичниот законик е поделен на општ и посебен дел. Општиот дел содржи општи одредби во кои се дефинирани основните казненоправни начела, одредби за казненото дело и казнената одговорност, казненоправните санкции и другите правни последици на казненото дело, за просторното важење на казненото право и за значењето на изразите употребени во овој законик. Посебниот дел е систематски обликуван репертоар на казнените дела, поделени на повеќе групи, што започнува со казнени дела против животот и телото, а завршува со казнените дела против човечноста и меѓународното право.

Делата против спомениците на културата, архивскиот материјал и природните реткости се внесени во Кривичниот законик со преземање на соодветни инкриминации од одделни закони и тоа: Закон за заштита на спомениците на културата (Сл.весник на РМ бр. 24/73, 42/76, 12/93); Законот за заштита на природните реткости (Сл.весник на РМ бр. 41/73, 42/76, 10/90, 62/93); Законот за архивската граѓа (Сл.весник на РМ бр. 36/90, 36/95), Законот за библиотечната дејност (Сл.весник на РМ бр. 17/74, 42/76, 35/84, 51/88, 12/93) и Законот за музејската дејност (Сл.весник на РМ бр. 25/79, 51/88, 12/93). Нивното систематизирање во кривичниот законик е поради потребата од кодифицирање во еден закон на казнено – правните одредби што се однесуваат на заштитата на овие особено важни вредности. Нивното систематизирање во посебна глава има за цел да постави еден заокружен систем на заштита на една важна сфера и потенцирање на групниот објект на заштита на овие дела.

Групен објект на заштита претставува интересот на зачувување и заштита на културното и историското наследството, како и на определени природни реткости и богатства, не во нивното значење на материјални добра, туку во нивното значење на посебни белези на националната култура и на определена природна геосредина. Во тоа се состои и универзалната културна заднина на овие дела: тие се насочени против културата воопшто како највисоко добро на нашата цивилизација што ги надминува националните граници и станува универзална човечка вредност.

Битијата на повеќе од овие дела се блиски на делата против имотот (кражба, оштетување туѓи предмети), но поаѓајќи од посебноста на објектот на заштита, треба да се истакне дека суштинската разлика е во тоа што делата против спомениците на културата, архивски материјал и природна реткост не претставуваат напад врз овие добра како имотни добра, туку како добра со посебно културно,

историско и цивилизациско значење. Кодифицирањето на овие дела во посебна глава, значи нивно истргнување од контекстот на правната регулатива на материјата на спомениците на културата, архивски материјал и природна реткост. Законските битија на овие дела содржат обележја чијашто содржина е определена и натаму во цитираните законски прописи од таа област.

### 4.2 Осврт врз одделни дела

4.2.1 Оштетување или уништување на споменици од културно и историско значење[1]

Инкриминирани се следниве облици: а) оштетување или уништување споменик на културата, архивска граѓа или регистратурски материјал или библиотечни вредности или природна реткост (согласно ст.1); б) без дозвола на надлежен орган извршување конзерваторски или реставраторски работи, или без дозвола или спротивно на забрана вршење археолошки ископувања или истражувања или други истражувачки работи на споменик на културата, архивска граѓа или регистратурски материјал, библиотечни вредности или природна реткост, поради што ќе бидат тешко оштетени или ќе го загубат својството (согласно ст.2). За делото од став 1 следува парична казна или казна затвор до три години, а за делото од став 2, казна затвор со траење од една до пет години.

4.2.2 Присвојување на споменици на културата, архивски материјал или природна реткост или друг археолошки материјал[2]

Делото од став 1 се состои во присвојување ископина, материјал или најден предмет што претставува споменик на култура, архивски материјал или природна реткост при археолошки ископувања, архивски истражувања или геолошко – палеонтолошки и минеролошко – петрографски истражувања или ископувања. За делото следува казна затвор со траење од една до десет години. Во став 2 се казнува присвојувањето на предмети со археолошко значење со намера за прибавување имотна корист. За ова дело казната е затвор од една до пет години.

4.2.3 Изнесување во странство споменик на култура, архивски материјал или природна реткост[3]

Со казна затвор од една до десет години се казнува изнесувањето во странство, без дозвола од надлежен орган, споменик на култура или архивски материјал, забележан документиран материјал,

---

[1] Кривичен законик (Сл.весник на РМ, 37/96 од 29.06.1996г.), член 246

[2] Кривичен законик (Сл.весник на РМ, 37/96 од 29.06.1996г.), член 265

[3] Кривичен законик (Сл.весник на РМ, 37/96 од 29.06.1996г.), член 266

архивски материјал во микрофилм или фотокопирана, ксерографирана или на друг начин забележана библиотечна вредност или предмет што претставува природна реткост.

#### 4.2.4 Уништување или прикривање на необработен архивски материјал[1]

Со парична казна или казна затвор до три години се казнува уништувањето или прикривањето регистратурски материјал пред да биде одбран од него архивски материјал такашто истиот неможе да послужи како извор на архивска граѓа.

### 4.3 Субјекти на казненото право

Како сторители на казнени деликти во сите национални права се јавуваат физичките и правните лица. Под поимот сторител на казнен деликт се подразбира непосредниот извршител на делото, како и лицата што учествуваат во неговото извршување. Сторителите на казнени дела и самите казнени дела сочинуваат нераскинлива целина составена од два подеднакво важни дела. Македонското казнено право како субјекти на казненото дело ги определува физичките и правните лица.

По правило, секое физичко лице може да биде субјект на казнено дело, освен лицата кои од определени причини уживаат казнено – правен имунитет. Казненото право разликува два вида на субјекти и тоа: активни (сторител) и пасивни субјекти на казненото право (оштетен). При третманот на физичките лица како сторители на казнени дела и теоријата и практиката на казненото право, особено внимание посветуваат на возраста, полот и можноста за казнена одговорност на сторителот. За нашето законодавство возраста е битна од аспект на одговорноста за стореното казнено дело и изрекувањето казнени санкции. Лицата до навршени 14 години не се казнено одговорни, за малолетниците се предвидени воспитни мерки, а на лицата кои во време на извршување на казненото дело не навршиле 21 година не може да им се изрече казна доживотен затвор[2]. Сите модерни казнени законодавства се едногласни во одлуката дека не треба да се прави разлика од аспект на полот. Можноста за казнена одговорност на сторителот на казненото дело како основ ја зема пресметливоста на сторителот во времето на извршувањето на делото. Согласно член 11 од Кривичниот законик, кривично е одговорен сторителот кој е пресметлив и што кривичното дело го сторил со умисла или од небрежност. Не е пресметлив сторителот кој во време на извршување на кривичното дело неможел да го сфати значењето

---

[1] Кривичен законик (Сл.весник на РМ, 37/96 од 29.06.1996г.), член 267

[2] Кривичен законик, член 35 став 4

на своето дело или неможел да управува со своите постапки, поради трајна или привремена душевна болест, привремена душевна растроеност или заостанат душевен развој (непресметливост)[1].

Во табелата број 2 прикажан е преглед на сторените кривични дела против културното наследство и природните реткости од страна на полнолетни сторители.

Што се однесува до малолетните сторители, може да се извлече заклучок дека казнените дела извршени од нивна страна, против културното наследство и природните реткости се многу поретки. Така во 2011 година извршени се 2 дела со оштетување или уништување на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости, а за едно од делата е поднесен предлог за изрекување казна – мерка. Во 2012 година извршено е едно вакво дело и за истото е поднесен предлог за изрекување казна.

| **ПРЕГЛЕД НА СТОРЕНИ КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО И ПРИРОДНИТЕ РЕТКОСТИ** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | вкупно познати сторители | вкупно непознати сторители | жени | Вид на одлука | | | | Извор |
| | | | | | отфрлена пријава | прекината истрага | запрена истрага | поднесен обвинителен предлог | |
| **ПОЛНОЛЕТНИ СТОРИТЕЛИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ВО 2007 ГОДИНА** | | | | | | | | | |
| **вкупно** | **25** | **15** | **10** | **3** | **7** | | | **8** | Публикација **Сторители на кривични дела 2007** јуни 2008 год. www.stat.gov.mk |
| 1 | 14 | 12 | 2 | 3 | 7 | | | 5 | |
| 2 | 9 | 1 | 8 | | | | | 1 | |
| останати | 2 | 2 | | | | | | 2 | |

[1] Кривичен законик, член 12 став 1

| ПОЛНОЛЕТНИ СТОРИТЕЛИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ВО 2008 ГОДИНА | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **вкупно** | **7** | **5** | **2** | | **1** | | **3** | **1** | Публикација **Сторители на кривични дела 2008** август 2009 год. www.stat.gov.mk |
| 1 | 1 | | 1 | | | | | | |
| 2 | 1 | | 1 | | | | | | |
| останати | 5 | 5 | | | 1 | | 3 | 1 | |

| ПОЛНОЛЕТНИ СТОРИТЕЛИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ВО 2009 ГОДИНА | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **вкупно** | **15** | **12** | **3** | **1** | **2** | | | **10** | Публикација **Сторители на кривични дела 2009** септември 2010 www.stat.gov.mk |
| 1 | 6 | 3 | 3 | 1 | 2 | | | 1 | |
| 2 | 2 | 2 | | | | | | 2 | |
| 3 | 1 | 1 | | | | | | 1 | |
| останати | 6 | 6 | | | | | | 6 | |

| ПОЛНОЛЕТНИ СТОРИТЕЛИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ВО 2010 ГОДИНА | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **вкупно** | **9** | **5** | **4** | | **3** | | | **2** | Публикација **Сторители на кривични дела 2010** октомври 2011 www.stat.gov.mk |
| 1 | 6 | 2 | 4 | | 2 | | | | |
| Останати | 3 | 3 | | | 1 | | | 2 | |

| ПОЛНОЛЕТНИ СТОРИТЕЛИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ВО 2011 ГОДИНА | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **вкупно** | **3** | **3** | | | | | | **3** | Публикација **Сторители на кривични дела 2011** јули 2012 www.stat.gov.mk |
| 2 | 1 | 1 | | | | | | 1 | |
| останати | 2 | 2 | | | | | | 2 | |

| ПОЛНОЛЕТНИ СТОРИТЕЛИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ВО 2012 ГОДИНА | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **вкупно** | **8** | **8** | **5** | | | | | **3** | Публикација **Сторители на кривични дела 2012** јули 2013 www.stat.gov.mk |
| 1 | 5 | 5 | 4 | | | | | 1 | |
| 2 | 1 | 1 | 1 | | | | | 2 | |
| останати | 2 | 2 | | | | | | | |
| **ПОЛНОЛЕТНИ СТОРИТЕЛИ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ВО 2013 ГОДИНА** | | | | | | | | | |
| **вкупно** | **14** | **12** | **2** | | | | **2** | **10** | Публикација **Сторители на кривични дела 2013** јули 2014 www.stat.gov.mk |
| 1 | 5 | 3 | 2 | | | | | 3 | |
| 2 | 3 | 3 | | | | | | 3 | |
| останати | 6 | 6 | | | | | 2 | 4 | |

1 – оштетување или уништување на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости

2 – изнесување, односно извезување во странство на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости

3 – забрана на увоз на украдено културно наследство

Табела 2

Од табелата може да се забележи дека најзастапени од кривичните дела против културното наследство се оштетувањето или уништувањето на добрата и извезувањето во странство. Од познатите стрители на кривични дела, што се однесува до половата застепеност, може да се забележи дека процентот на жени сторители е скоро занемарлив. Од прегледот низ години очиглено е дека бројот на сторени кривични дела е многу варијабилен. Во 2007 година регистрирани се најголем број на кривични дела, а бројот на сторени дела е најмал во 2011 година.

## 5. РЕГИСТРАЦИЈА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Зборот **регистрација**, во областа на правото, означува **запишување, односно внесување на податоци во јавна книга - регистар**. Во областа на спомeничкото право, зборот регистрација има две правни значења и тоа: (1) *начин на воспоставување заштита*, односно начин на стекнување статус на заштитено добро и (2) *стручно – административна операција*, односно фаза на работа што следува по ставањето под заштита. Во македонското споменичко право, регистрацијата не е официјализирана како начин на ставање под заштита. За македонскиот модел на заштита карактеристично е тоа што отсекогаш се темели на начелото на ирелевантност на регистрацијата.

Начелото на ирелевантност на регистрацијата подразбира дека самото запишување во регистарот не служи како доказ дека одредено добро има културни, историски, уметнички, научни и други вредности, својства и значење, односно самите односи, права и обврски во врска со заштитените добра настануваат и постојат без оглед дали односните добра се регистрирани или не во соодветната јавна книга. За регистрацијата на културното наследство, исто како и за заштитните евиденции, важи во целост начелото на јавност. Меѓутоа, за разлика од заштитите евиденции, јавното овластување регистрација на културното наследство се врши единствено врз основа на соодветен правен акт. Во најголем број случаи тоа се актите за заштита, промена и престанок на заштитата, како и посебен вид на акти наречени акти за регистрација што се донесуваат во посебни ситуации. Станува збор за решението за регистрација, решението за регистрација на промени и решението за бришење од регистарот.

Смислата и значењето на регистрацијата на културното наследство е во тоа што со неа се обезбедува поголема правна сигурност во заснoвањето и постоењето на споменичко – правните односи.

### 5.1 Национален регистар на културно наследство

Врз основа на член 45 став 7 од Законот за заштита на културното наследство, Министерот за култура, има донесено Правилник за Националниот регистар на културното наследство. Со овој правилник се пропишуваат содржината, начинот на водење, чувањето, користењето на податоците и други прашања во врска со Националниот регистар на културното наследство (Регистар). Регистарот е јавна книга и се состои од главна книга и дополнителни регистри. Согласно член 2 од Правилникот, Регистарот се состои од:

1. Главна книга – Прв дел – за недвижно културно наследство;

2. Главна книга – Втор дел – за движно културно наследство;

3. Главна книга – Трет дел – за духовно културно наследство;

4. Главна книга – Четврт дел – за културно наследство од особено значење;

5. Дополнителен регистар за добра под привремена заштита;

6. Дополнителен регистар за резервирани археолошки зони;

7. Дополнителен регистар за културно наследство во опасност.

Регистарот се води во електронски облик, со помош на соодветна компјутерска програма, во форма и содржина пропишани со Правилникот. За секое заштитено добро, во базата на податоци на Регистарот се отвора нов запис, а за секое регистрирано добро, се прави задолжителен испис на хартија на посебен регистарски лист. Регистарскиот лист се заверува со своерачен потпис на одговорното лице и печат на Управата за заштита на културното наследство.

Согласно член 5 од Правилникот, **секој запис за заштитените добра, испишан на регистарски лист, ги содржи следниве податоци*:***

- Назив на Регистарот и неговиот составен дел;
- Реден број на уписот (регистарски број);
- Назив на заштитеното добро;
- Единствен матичен број на доброто;
- Акт за заштита (назив, број и датум, односно број и година на „Службен весник на РМ“ кога е објавен актот);
- Решение за регистрација (број и датум);
- Степен на заштита;
- Време на создавање (датирање);

- Опис на доброто;
- Причини за ставање под заштита;
- Режим за заштита;
- Надлежна институција за заштита;
- Дополнителни уписи;
- Бришење од регистарот;
- Датум на уписот;
- Лице кое го извршило уписот;
- Забелешки.

Секој запис, односно регистарски лист за движното културно наследство, ги содржи и следните податоци:

- Класификација; Категорија; Локација (општина, населено место, адреса); Вид сопственост; Сопственик (име, односно назив, адреса и правна основа за стекнување на доброто); Корисник (име, односно назив, адреса и правна основа и рок на држење на доброто); Автор на доброто; Поврзаност со друго заштитено добро; Поврзаност со личност или настан; Поврзаност со претходен статус на заштита; Поврзаност со претходна регистрација; Карактеристична фотографија и автор на снимката; и Состојба на доброто;
- Вкупен број на предмети (добра) во збирката;
- Број на примероци (количина); и
- Посебни карактеристики.

Во Регистарот постои можност да се изврши исправка на погрешен упис во Регистарот на начин што овозможува зачувување на претходниот податок. Уписот на промените се врши во полето

„дополнителни уписи“, со наведување на полињата на кои се однесува и актот врз основа на кој таа се врши. Исто така во Регистарот постои можност и за бришење и тоа во полето „бришење“, со наведување на актот врз основа на кој се врши бришењето. Во полето има и определен дел каде ќе се внесе соодветна ознака, што ќе го исклучи доброто од активниот дел на базата на податоци на Регистарот. Во Регистарот постои и поле „забелешки“ во кое се внесуваат податоците кои се од значење за заштитеното добро. Уписот, уписот на промените и бришењето од Регистарот се врши најдоцна во рок од 15 дена од денот на правосилноста на актот за регистрација, односно 30 дена од денот на донесувањето на актот за заштита, промена или престанок на заштитата. Пристапот до податоците во Регистарот им е дозволен само на овластени лица кои располагаат со соодветна лозинка, определена од страна на директорот на Управата. Податоците во Регистарот трајно се чуваат, а заради нивна заштита имаат заштитна копија во два примероци снимена на соодветен медиум, односно носач. Првата заштитна копија се прави најмалку еднаш месечно и се чува три месеци на соодветно место обезбедено од неовластен пристап, пожар и продор на вода или влага. Втората заштитна копија се употребува како прирачна копија во случај на оштетување на податоците во компјутерот. Лицето кои ги изработува и ги чува заштитните копии определено е од директорот на Управата.

Податоците во Регистарот се достапни за користење, со исклучок на личните податоци за сопствениците на регистрираните добра. Достапноста на податоците се овозможува со:

1. Увид – прегледување на податоците во Регистарот под надзор на овластените лица на органот што го води Регистарот;

2. Ставање на податоците во јавно достапен облик на Интернет;

3. Издавање на изводи од Регистарот – по барање на заинтересираните корисници, во случаите утврдени со закон;

4. Подготвување и ажурирање на посебни списоци за регистрираните добра.

# IV ОСИГУРУВАЊЕ НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

## 1. КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕТО КАКО ЕКОНОМСКА КАТЕГОРИЈА

Поаѓајќи од сознанието дека осигурувањето е економска категорија на пазарното стопанство, кое претставува организирана форма на колективно формирање на парични средства за осигурување, врз доброволна и задолжителна основа, врз начелата на взаемност и солидарност со посредство на специјализирани институции, сите прашања од областа на осигурувањето, од теориски и апликативен аспект се предмет на разработка во рамките на посебната научна дисциплина, наречена економика на осигурување.

Во економската теорија, терминот економика во себе содржи повеќе различни значења. Разликите во дефинирањето на економиката воопшто се од аспект на разликите во конципирањето на карактеристиките на економските системи во одделни национални економии и во одделни временски периоди. Економиката како научна дисциплина има сопствени и за себе приспособени методи за истражување. Тргнувајќи од тоа со кое подрачје се занимава, односно колку е распространета нејзината анализа, економиката може да биде макроекономска или микроекономска научна дисциплина. Ако станува збор за истражување на состојбата во една земја, во една национална економија, тогаш во прашање е макроекономиката, а доколку станува збор за истражување на состојбата во една стопанска гранка и стопанска или нестопанска дејност, тогаш во прашање е микроекономиката. Така на пример, меѓу другите економики од различни области, може да се зборува и за економика на осигурување. Економиката на осигурувањето е микроекономска научна дисциплина, со свои карактеристики, специфичности и со приспособена методологија за свои истражувања.

Проучувањето на развитокот на осигурувањето упатува на сознанието, според кое, од појавата на човечкиот род до денес, човекот и неговиот имот биле изложени на определени опасности, предизвикани од различни причинители. Значи човекот перманентно е изложен на штети. Бидејќи често, човекот како единка не бил во состојба самиот да се заштити, поради што уште многу одамна почнал во соработка со другите луѓе да се организира во давањето помош или во спречувањето на штетите, кои што можеле да се предвидат и да се отстранат. Во организирањето на таквата помош лежи појавата на осигурувањето. Пожари, поплави, потреси, лизгање и одрон на земјиштето и други природни сили кои

рушат се пред себе; несреќни случаи, судири со возила, невнимание и други облици на штети, предизвикани од човечкиот фактор, се причинители на мали или големи штети. Тие штети, покрај другите имаат и економски последици, поради што се нарекуваат економски штети, бидејќи со нивното манифестирање се намалува националниот доход и воопшто, националното богатство, односно имотот на одделни субјекти.

Осигурувањето, покрај другото, има задача да ја надомести економската штета делумно или во целост, во зависност од видот на осигурувањето и од висината на средствата, со коишто таа штета се надоместува. Задача на осигурувањето е да обезбеди определен степен на сигурност, а тоа е економската заштита од штетните последици и да ја надомести економската штета.

Во литературата од областа на осигурувањето постои различен пристап во дефинирањето на осигурувањето и превенцијата. Осигурувањето е преокупирано само со надоместок на штетата и на економските губитоци што ќе настанат, а превенцијата е ориентирана исклучиво на одбегнување на штетните работи кои би предизвикале економска штета. Од особено значење е осигурувањето и превенцијата да се добро организирани, бидејќи на тој начин можат да бидат помали ризиците и економските штети. Осигурувањето по пат на компензационен систем на амортизација и дистрибуција на ризикот, ги заменува или ги пренесува економските последици од штетата.

Долго време осигурувањето и превенцијата функционирале независно едно од друго, а во некои случаи во своето дејствување биле контрадикторни. Имено, осигурувањето со надоместувањето на претрпената штета ја правело превенцијата помалку атрактивна и до извесен степен ја ограничувало. Дефинирањето на превенцијата како напор да се одбегнат штетните дејствија, што би предизвикале економски штети, упатува на следните цели на превенцијата: а) напаѓање на ризикот со цел да не се овозможи неговото остварување или барем да се намали неговото остварување на минимум; б) ако веќе се манифестира ризикот и предизвика губиток, тогаш превенцијата влијае да се намалат последиците од тој губиток и да се ограничи големината и обемот на штетата и максимално да се заштити вредноста на оштетениот имот. За да се остварат овие цели на превенцијата неопходно е да се анализира феноменот ризик од сите негови аспекти и да се испитаат сите адекватни средства заради неутрализирање на склоноста кон губитоци.

### 1.1 Потреба од осигурување

Општеството преминало кон осигурување заради потреба од економска заштита од материјалните последици од штетите и несреќните случаи. Тргнувајќи од оваа премиса, ќе може да се согледа општествената оправданост на осигурувањето, односно потребата од осигурување. Во остварување на напорите со заеднички сили да организираат економска заштита, почнало да се организира и да се развива осигурувањето како еден вид на економско организирање, коешто собира наменски средства, потребни за наменско надоместување и исплатување на оштетените и загрозените членови на општеството. Со тоа се придонесува за нивното натамошно одржување и спротиставување на последиците од стихиите и несреќните случаи, што се случиле и ги погодиле. Дури и во случаи кога одредени животи се изгубени и имотот им е засекогаш изгубен, од аспект на поединци или од аспект на целото општество, сепак останува фактот дека со осигурувањето на луѓето и на имотот се остварува една потпора за загрозените и оштетените членови на заедницата, на кои по пат на почитување на начелото на взаемност и солидарност на таа заедница, им се даваат материјални средства за нивно економско јакнење и одржување.

Општествената оправданост, односно потребата од осигурување би можела да се согледа во следното:

- осигурувањето се организира и се остварува во пошироки рамки и во него учествуваат голем број на граѓани и економски субјекти, кои поединечно не се во состојба тоа да го направат;
- преку осигурувањето се надоместува штетата, односно репарацијата и со тоа на некој начин се обновува националното богатство и имотот; и
- со оглед на тоа што досега човештвото не нашло подобро и поефикасно средство или вид на обезбедување, постоечкото осигурување е општествено оправдано и нужно.

## 2. ВИСТИНСКА ВРЕДНОСТ НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Културното наследство претставува одраз на начинот на живеење, развиен од страна на заедницата, пренесуван од генерација на генерација, вклучувајќи ги тука обичаите, навиките, местата, уметничките изрази и вредностите. Културното наследство најчесто се изразува како материјално или

нематеријално културно наследство (ICOMOS[1], 2002г.). Како составен дел на човековата активност, културното наследство произведува материјални репрезентации од системот на вредности, верувања, традиции и животен стил. Културното наследство може да се подели на три видови и тоа:

- изградена средина (згради, градски пејсажи, археолошки остатоци);
- природна средина (рурални пејсажи, брегови и крајбрежја, земјоделско наследство);
- артефакти (книги и документи, предмети, слики).

Вредноста на културното наследство, отсекогаш претставувал основен услов за негова заштита. Очигледно е дека ниту едно општество неправи обид да го заштити нештото кое нема вредност. До скоро време во областа на културното наследство работеле само мали групи на специјалисти и експерти. Одлуката што претставува културно наследство и како истото да се заштити се донесувала од страна на овие групи, а нивната работа била поддржувана и финансирана од страна на власта.

Во последните децении, концептот за тоа што претставува културно наследство, се развивал и проширувал и кон идентификацијата на културното наследство се приклучувале и други групи на граѓани и професионалци од други области. Многу често нивните мислења и критериуми се разидувале од оние на специјалистите. Демократизацијата, како позитивен развој во оваа област, сведочи за важноста на културното наследство во денешното општество. Разбирањето на вредностите, во услови на сменета средина, има стекнато поголемо значење, кога се носат одлуки што да биде предмет на заштита, како да се спроведе заштитита, да се утврдат приоритетите и да се справат со конфликтите.

Вредноста наједноставно може да биде дефинирана како збир од позитивни карактеристики или квалитети, кои ги согледуваат одредени поединци или групи во културните објекти или места.

Проценката на вредностите на културното наследство се соочува со многу проблеми. Овие проблеми произлегуваат како резултат на следниве фактори: различната природа на вредностите на културното наследство (можат да бидат културни, економски, политички, естетски); фактот дека

---

[1] **ICOMOS** (International Council on Monuments and Sites) - Меѓународен совет за споменици и места – професионална организација која во светски рамки се занимава со зачувување и заштита на местата кои се од културно значење. Формирана е во далечната 1965 год. во Варшава и е со седиште во Париз.

вредностите се менуваат со текот на времето и се обликуваат од фактори како што се општествените сили, економските можности и културните трендови; фактот дека овие вредности некогаш се конфликтни и широкиот спектар на методологии и алатки за оценување на вредностите. За целите на планирање и управување, проценката на вредностите претставува троен предизвик: идентификување на сите вредности на културното наследство; нивно опишување; и интегрирање и рангирање на различни, понекогаш конфликтни вредности.

Во областа на материјалното културно наследство едноставното прашање „која е вредноста на ова нешто“, повлекува цел низ одговори, сите значајни и легитимни. Во даден момент некое културно место, зграда или предмет, имаат бројни различни вредности, што значи дека културното наследство е мултивалентно. Како пример можеме да се земе било која стара црква од бројните со кои се истакнува Охрид: таа има духовна, односно религиозна вредност, како место на обожавање; историска вредност, бидејќи била сведок на многу настани (едноставно бидејќи е многу стара); естетска вредност бидејќи е убава и претставува прекрасно дело на архитектурата; економска вредност, како недвижен имот; политичка вредност, како симболично претставување на одреден вид на општествен поредок итн. Различните вредности кои можат да се препознаат, одговaараат со различни експерти набљудувачи. Мултивалентноста е суштински квалитет на културното наследство кој сугерира плуралистички пристап кон проценување на вредноста.

### 2.1 Видови економски анализи

Овие напомени покажуваат колку е тешко да се применат економските анализи за културното наследство. Вообичаено се применуваат три методи за одредување на оптималните вложувања во културното наследство: анализи на влијанието, анализи на нови цени и анализи на корисни цели.

*Анализи на влијанието* – оваа анализа не дава јасен поглед на проблемот и создава систематска пристрасност:

- делумна е бидејќи не се земаат во предвид трошоците;
- систематски се зголемуваат придобивките без оглед дали врските на каузалноста се добро проверени.

*Анализи на нови цени* – воспоставуваат систематски пласман на проектите. Спојувањето на сите ефекти на иста пазарна скала, ги занемарува основните опозиции, како што се: повратноста и неповратноста, обновливоста и необновливоста, заменливоста и незаменливоста.

*Анализите на корисни цели* или анализи на ефикасни цени се најпосакувани видови на анализи, без оглед на нивната специфична содржина: оној кој се занимава само со физички информации (ефикасни цени), и оној кој се занимава со индикатори за услуги (корисни цени). Овие две варијанти ја земаат во предвид специфичноста на наследството, но мора да го решат основниот проблем: порано или подоцна мора да воспостават врски помеѓу различни видови бенефиции и услуги и да го користат истиот систем на проценување (ист извор, иста единица), но за да се земе во предвид специфичноста на наследството, тие можат да му дадат многу висока тежина на интегритетот на наследството, во однос на другите ефекти. Ова значи дека овие резултати ќе бидат многу осетливи на изборот на проценители. Тоа исто така значи дека проценителите нема да мора да ги претворат ефектите во парични вредности, што отвора повеќе можности. Оваа расправа го нагласува фактот дека цел на економската проценка е да ги разјасни елементите и информациите за социјалниот избор, а не како замена за мислење на економист или социјален избор.

Покрај наведените три анализи, овде може да се спомене и уште willingness to pay[1], анализа која подоцна ќе биде образложена.

## 3. ЕКОНОМИЈАТА НА ОСИГУРУВАЊЕТО И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Целта на направената анализа е да се истражат промените кои треба да ги направат осигурителните компании и музеите, како креатори на економските вредности. Главната цел е да провери на кое ниво е свеста за ризиците со кои се соочуваат музеите во своето работење, да се забележат мерките кои се преземаат, да се провери ефикасноста на осигурувањето и да се предложат мерки за намалување на ризиците и процедури за управување со нив. Овде неспорно се појавува сознанието дека кога се работи за видовите на осигурување кои се достапни на пазарот, за да се покријат ризиците на музеите, патувачките изложби, или уметноста во целина, прашањето на управувањето со ризиците допира многу подлабоко од осигурувањето, односно многу повеќе треба да се концентрира на

[1] Willingness to pay, односно подготвеност да се плати - поим во спротивност со поимот willingness to accept, односно минимумот на парична сума која индивидуалецот е спремен да ја прифати за да се откаже од доброто.

минимизирање на ризикот и развојот на планови за заштита. Значи културното наследство се подразбира како јавно добро, многу повеќе отколку како пазарно добро, и вниманието се насочува кон нивно финансирање и заштита. Размислувајќи поопширно, осигурувањето се подразбира многу повеќе како социоекономски, отколку како чисто економски инструмент.

Осигурувањето претставува техника на управување со ризикот, применета за заштита од ризикот кој се појавува како резултат на некоја неочекувана загуба, преку негово пренесување на осигурителната компанија во замена за осигурителна премија. Осигурителните компании преземаат два основни видови на ризици и тоа: инвестиционен ризик и осигурителен ризик. Компаниите може да одлучат да го споделат ризикот преку реосигурување. Јавните добра се проценуваат според вредноста што ја имаат за заедницата, независно од платената продажна цена, често бараат преголема почетна инвестиција и превисоко ниво на администрација која ретко кој поединец или компанија можат да ја обезбедат и имаат вредност која со текот на времето се зголемува и е многу тешко правилно да се утврди.

Поимот културно наследство се однесува на збир од признати средства што се рефлектираат во историските, социо – економските, политичките, научните, уметничките или образовните вредности на добрата што се создадени како видливи атракции од страна на нашите предци (Riganty и Nijkamp[1], 2005 год.). Културните добра неможе едноставно да бидат заменети во случај на нивна загуба или оштетување, поради што се разликуваат од обичните економски добра. Во суштина не постои пазар за вакви добра, токму поради тоа што тие неможат да бидат заменети или репродуцирани. Културното наследство може да биде материјално (предмети, архитектура) и нематеријално (песни, ритуали). Како резултат на се поголемата побарувачка за културно наследство, класичната дефиниција за културното наследство се проширува и секој споменик кој има уметничка вредност, се смета за културно наследство.

Економската вредност на културното наследство се дефинира преку благосостојбата што ја генерира за општеството. Целосната економска вредност на културното наследство се дефинира во смисла на применливи и неприменливи вредности. Применлива вредност е вредноста што се добива со посета на некое културно место или споменик (директна вредност) како и сите рекреативни содржини кои ги обезбедува (индиректна вредност). Неприменливата вредност од друга страна е вредноста што се

[1] Peter Nijkamp – професор на Vrije Universiteit, Amsterdam, вброен во листата на 100 најдобри економисти во светот

создава едноставно од сознанието за постоење на културното наследство (егзистенцијална вредност), од можноста да се посети во некое идно време (вредност опција) и задоволството од сознанието дека ќе биде вредност за идните генерации (вредност на наследство).

Willingness to pay е мерило за вредноста која потрошувачот ја додава на јавното добро. Се дефинира како највисоката можна сума на пари која индивидуалецот ќе биде подготвен да ја плати за да се здобие со доброто (Navrud и Ready, 2002 год.). Willingness to pay се зема во предвид кога треба да се развие цена за производи и услуги, но важно е да се истакне дека подготвеноста за плаќање не е пресудна за одредувањето на цената. Исто така се применува и кога се прават поголеми истражувања за интеракцијата меѓу потрошувачите и производите или услугите. За поедини потрошувачи, подготвеноста за плаќање може да варира во зависност од нивната лична процена за вредноста на производот или услугата. При проценувањето на производите, компаниите настојуваат да ја утврдат цената која би ја платиле повеќето луѓе, на кој начин и ќе остварат профит. Во поширок економски контекст, набљудувањето на реакциите на луѓето спрема цените е многу важно. Разбирањето како луѓето донесуваат одлуки да купат нешто, особено кога се работи за луксузни добра, е важен дел од проучувањето на одлуките кои ги донесуваат генерално. Проучувањето на подготвеноста за плаќање може да се примени во сите сфери.

Откриените преференци и наведените методи на истражување се базираат на методологија која има за цел утврдување на целокупната економска вредност што поединците ја даваат за културното добро. Се прават истражувања за да се утврди ефектот што го имаат културолошките институции на економијата преку годишно вреднување на монетарните текови, без да се земат во предвид културните или образовните ефекти. Управувањето со ризиците претставува збир од операции да се идентифицира, анализира и да се одлучи да се прифати, да се избегне или да се намали неизвесноста во донесувањето на финансиски одлуки. Тоа е примена на расположливите средства, така што се минимизира вкупниот ризик. За долгорочна одржливост, многу побитно е да се пронајде оптималното ниво на ризик, отколку смалување или избегнување на ризикот. Метриката на успехот претставува начин на кој се утврдува до кој степен менаџментот ги има остварено поставените цели (Maxwell, 2004 год.). Таа треба директно да биде поврзана со темелните вредности и прогласената мисија, да биде сигурен показател за долгорочното организационо и финансиско здравје и да биде лесно проверлива. Метриката на успехот на операциите на културното наследство може да се спореди со рејтинг стандардите кои се применуваат

во осигурителните компании. Мета анализата се однесува на статистичката анализа на голема колекција резултати од поединечните истражувања со цел да се интегрираат наодите.

### 3.1 Осигурувањето и културното наследство како финансиски стимулатори

Постојаните општествени промени, технолошкиот развој и глобализацијата, воведуваат нови барања за осигурителните компании и за музеите. Очекувањата на потрошувачите постојано се менуваат и стануваат поразновидни. Специјалните производи и специјалните услуги се потребни за подобро да одговорат на побарувачката и да бидат конкурентни на пазарот. Осигурувањето одамна ја има надминато функцијата на заштита на човекот од кражби и сообраќајни несреќи, или од прерана смрт кај животното осигурување, но затоа има стекнато статус на општествен инструмент и е составен дел од општествените и бизнис активностите. Технолошките промени, глобалното затоплување, зголемениот број на природни катастрофи, предизвикуваат нови ризици, кои носат голем степен на неизвесност, тешко се квантифицираат и нема мерило за нивната цена.

Музеите можат да бидат организирани на различен начин. Тие можат да бидат: приватни профитни организации, приватни непрофитни организации и јавни организации кои работат на непрофитабилен начин. Нивната улога може да биде моделирана на два начина: првиот пристап претставува максимизирање на корисноста на музејот на добротворен начин, а вториот пристап е повеќе институционален и ја нагласува важноста на институционалната поставеност, како зависноста од јавната поддршка.

Земајќи ја во предвид улогата на осигурувањето за економскиот развој, очигледно е дека осигурувањето придонесува за економскиот раст и за благосостојбата на сиромашните, од каде произлегува неговата општествена вредност. Еден од аргументите е дека достапноста на осигурувањето им овозможува на менаџерите да преземат поголем ризик, отколку кога не би постоело осигурувањето. Ова промовира поголема продуктивност и раст. Економските користи треба да бидат разделени на микроекономски и макроекономски. Микроекономскиот пристап се однесува на поединците како корисници на културното наследство, а макроекономската корист се појавува на системско ниво, вклучувајќи го општеството (регион, земјата како целина). Овие користи може да се измерат во монетарна (текови на парични единици кои произлегуваат од залихите на културниот капитал) или во немонетарна смисла (професија генерирана од културните активности). Од гледна точка на потрошувачите при додавањето на вредност, вредноста се дефинира во однос на сумата што поединецот

е подготвен да ја плати. Во однос на културното наследство, поединците можат да бидат запрашани дали се подготвени да платат и колкава сума се подготвени да одвојат, на пример за заштита на некое културно место, додавање нови образовни услуги во музеите, зголемување на изданијата итн.

# V ПРОБЛЕМИ СО КОИ СЕ СООЧУВААТ ОСИГУРИТЕЛНИТЕ КОМПАНИИ ПРИ ОСИГУРУВАЊЕ НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

## 1. УТВРДУВАЊЕ НА АВТЕНТИЧНОСТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Во однос на осигурувањето на културното наследство, осигурителните компании претежно се среќаваат со осигурување на артефакти, кои претставуваат материјални дела што содржат уметничка вредност и можат да се пренесуваат. За истите да можат да се осигураат, осигурителните компании мора да ја утврдат автентичноста, вистинската вредност и вредноста на штетата.

Осигурителната индустрија долго време се наоѓа во дилема кога се соочува со осигурување на уметнички предмети. Основен проблем со кој се соочуваат осигурителите претставува утврдувањето на автентичноста на индивидуалната работа. Овој проблем е многу поедноставен кај живите уметници, бидејќи секогаш постои можноста делото да биде презентирано пред уметникот и тој да ја потврди оригиналноста на своето дело. Кога се работи за уметници кои се веќе починати, осигурителните компании се соочуваат со проблем за утврдување на автентичноста, а колку што е делото постаро, толку поголем проблем претставува утврдувањето на автентичноста. Светот на уметноста е преполн со нелегални работници и фалсификатори. Ваквата ситуација продолжува да егзистира поради тоа што како единствен начин за утврдување на автентичноста се појавуваат субјективните можности на таканаречените експерти. Овие експерти често имаат претходно склучен договор со галериите кои продаваат дела на кои им е утврдена автентичноста од страна на експертите. Во некои случаи експертите се и сопственици на галериите, со што се предизвикува сомнение за извршената експертиза. Проблем претставува и отфрлањето на обврската од дејствијата при купопродажба на уметнички дела. Отфрлањето на обврската се однесува на исказите на експертите од типот „тоа е мое мислење“, со што се оградуваат од последиците кои можат да настанат од неточната експертиза. Светот на уметноста стана екстремно опасен за осигурителниот проценувач. Осигурителните компании се соочуваат со сè пораспространетата осигурителна измама, која претставува голем проблем на осигурувањето. Императив за секоја осигурителна проценка е да се биде целосно сигурен во автентичноста на некое дело. Осигурувањето на некое дело, без сигурност за неговата автентиност претставува голем ризик. Во денешно време како единствен, сигурен и научно потврден метод за утврдување на автентичноста на старите дела постои дигиталната верификација. Светските искуства покажуваат дека субјективните

мислења на експертите се минато, а се настојува преку методот на дигитална верификација да се елиминира појавата на фалсификати на делата од светското културно наследство.

## 2. УТВРДУВАЊЕ НА ВИСТИНСКАТА ВРЕДНОСТ

Утврдувањето на вистинската вредност на едно добро од културна важност е вистински предизвик поради две спротиставени гледишта за предметот кој се осигурува. Од страна на осигурителната компанија се настојува да се осигуруваат предметите по стварната вредност која ја имаат во времето на осигурувањето. Тука настанува проблемот, бидејќи делата што се исклучително важни за земјата која ги поседува имаат непроценлива вредност. Институциите кои ги поседуваат овие дела настојуваат да ги осигураат по многу поголема сума од сумата која ја определиле осигурителите.

Определувањето на вредноста на артефактите од страна на осигурителните компании се изведува со помош на **проценители за утврдување на вредноста**. Од страна на сопствениците на овие дела се ангажираат специјалисти – експерти за утврдување на вредноста. Во текот на преговорите за вредноста на некое дело, осигурителните проценители поставуваат низа прашања за авторот и за самото уметничко дело. Така на пример, за авторот на делото се поставуваат следниве прашања: дали уметникот е жив или мртов; ако уметникот е жив, дали се занимава со сликање постојано или само повремено; ако уметникот е жив, колку дела изготвува во текот на годината и каков е неговиот тренд; дали ценовниот тренд се зголемува или намалува; која е највисоката остварена продажна цена на некое дело од уметникот; каков е ценовниот рејтинг на уметникот во споредба со другите уметници; какви награди има добиено уметникот и колку се престижни; кои колекционери и кои музеи поседуваат дела од авторот; кои галерии продаваат негови уметнички дела. За уметничкото дело како пример можат да се наведат следниве прашања: со кои материјали е насликано делото; со која техника е истото работено; доколку е потпишано, каков е квалитетот на потписот; која е ширината и висината на уметничкото дело; доколку има рамка, каков е квалитетот на истата; кој е мотивот на делото; каква е состојбата на уметничкото дело; каков сертификат поседува делото за неговата автентичност и состојба; какви критики се дадени за делото.

**Осигурителна проценителна (договорна) клаузула -** Утврдувањето на вистинската вредност на едно добро од културна важност е вистински предизвик поради две спротиставени гледишта за предметот кој се осигурува. Од страна на осигурителната компанија се настојува предметите да се осигураат по стварната вредност која ја имаат во времето на осигурувањето. Овде се јавува проблем,

бидејќи делата што се исклучително важни, за земјата која ги поседува, имаат непроценлива вредност. Институциите кои ги поседуваат овие дела настојуваат да ги осигураат по многу поголема сума од сумата која ја определиле осигурителите. Определувањето на вредноста на артефактите од страна на осигурителните компании се изведува со помош на проценители за утврдување на вредноста. Од страна на сопствениците на овие дела се ангажираат специјалисти – експерти за утврдување на вредноста. Проценувачите преговараат за вредноста на некое дело. Во текот на преговарањето преку најразлични прашања за авторот на делото и за самото уметничко дело, се трудат да ја утврдат вредноста на делото.

Вредноста на артефактите многу полесно се одредува со примена на осигурителната проценителна клаузула. Предност на оваа клаузула е намалувањето на времето за преговарање за вистинската вредност на делото и за определувањето т.е. проценувањето врз основа на преговарачките односи меѓу договорните страни. Осигурителната проценителна клаузула е облик на арбитражна спогодба, која како посебна клаузула се внесува при предавање на понудата за осигурување на артефактите, во самиот текст на понудата или како анекс на истиот, со кој се предвидува надлежност на определена арбитража во случај на спор за вредноста на артефактот. Со оваа клаузула се предвидува создавање на еден облик на арбитража за утврдување на вредноста на артефактот. Арбитражата се состои од совет од три члена (арбитри). Двајца од нив ги избираат договорните страни, а третиот е независен и спогодбено избран. Двајцата арбитри работаат независно еден од друг и изготвуваат своја независна експертиза за вредноста на артефактот кој треба да се осигура. Вака направените експертизи се доставуваат до третиот независен арбитар кој и ја води арбитражната постапка. Независниот арбитар ќе пресуди која експертиза е поадекватна да се прифати или ќе донесе свое независно, компромисно решение за договорните страни. Пресудата е образложена во писмена форма и е конечна. Со неа странките се обврзуваат истата да ја прифатат како точна. Во случај на примена на оваа клаузула и по донесената одлука од страна на арбитрите, осигурителната компанија има обврска, ако настане штета, исплатата на надоместокот да е до вредноста на осигуреното добро добиено по претходната постапка.

## 3. УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА ШТЕТАТА

Утврдувањето на вредноста на штетата се врши од страна на проценители на штета. Вредноста на штетата не може да биде поголема од договорената. Проценителите на штета извршуваат анализа на лице место на настанатиот осигуран случај. Важно е да се утврдат причините за настанување на штетата, затоа што се работи за големи суми на средства кои треба да ги исплати осигурителната

команија, што не е во нејзин интерес. Темелната анализа на настанатата штета е особено важна поради големиот процент на осигурителни измами. Осигурителните измами се насочени кон доведување во заблуда на осигурителната компанија со лажно прикажување на факти за предметот кој што е осигуран или се осигурува. Во случај на целосно уништување на осигурениот предмет, се исплатува целата сума од осигурувањето, а во случај на оштетување на осигуреното добро, се врши негова поправка од страна на специјализирани конзерваторски куќи, доколку е можна и се исплаќа разликата од вредноста на осигуреното добро и вредноста која ќе ја поседува по поправката.

Предмет на осигурување се сите предмети или ствари кои поседуваат уметнички вредности. Вниманието се насочува кон физичките и правните лица кои поседуваат уметнички дела, ги имаат регистрирано и се вклучени во непосредна заштита на овие културни вредности. Така со осигурувањето се опфатени: уметнички ателјеа; трајни и привремени галерии; музеи; трајни и привремени изложби; антикварници; аукциски куќи; конзерваторски куќи и приватни колекционерски збирки. Се осигуруваат сите предмети или колекции што ги поседуваат овие субјекти, но под услови кои ги дава осигурителната компанија за минимум безбедност што треба да ја поседуваат. Со примена на превентивните мерки и двете страни имаат економска корист. Осигурителот знае дека се работи за сериозен комитент, па ризикот за настанување на штетниот настан е сведен на минимум, а осигуреникот ќе плати помала премија. Субјектите кои поседуваат вредни уметнички дела, за да можат да ги осигураат, треба да пополнат листа на прашања, распоредени на следниов начин:

- информации за контакт (име, место, земја, телефонски број, факс, e-mail);
- информации за работата на субјектите (видот на работата, активностите и времето од кога работи);
- конструкција на објектот во кој се чуваат артефактите (типот и староста на ѕидовите, подот, греењето, водоводната инсталација, покривот и катовите, додатни простории, подрум и вентилација);
- заштита (системи за набљудување – за пожар и за кражба, CO2 системи);
- изложеност, осветленост и лоцирање;

- осигурување на артефактот (за сите ризици или делумно осигурување, дали е вклучен транспортот);
- осигурување на имотот (објектот, содржината, опремата, документацијата од пожар и кражба);
- осигурување на внатрешниот транспорт;
- историја на обврските (број на обврски, датум, исплата и детали);

За осигурување на артефактите кои ги поседуваат овие субјекти се применуваат посебни осигурителни полиси. Осигурителната полиса за осигурување на артефакти содржи: адреса на осигуреникот; име на колекцијата; детална инвентаризација; вредност на колекцијата; покривање на ризиците; дали полисата вклучува транспорт; анекси за дополнителни измени; премија на осигурување и доплата и попусти. Секоја од полисите мора да исполни два услови и тоа: *различност на полисата*, која се состои во можноста за опфат на најразлични предмети кои имаат уметничка вредност и *флексибилност на полисата*, која се однесува на дополнителните измени кои како анекси треба да стојат во полисата.

## 4. СПРАВУВАЊЕ СО УТВРДУВАЊЕТО НА АВТЕНТИЧНОСТА ОД СТРАНА НА МАКЕДОНСКИТЕ ОСИГУРИТЕЛНИ КОМПАНИИ

Ако не се земат во предвид изложбите на икони и други артефакти кои се организираат надвор од Македонија, на македонскиот осигурителен пазар и не постои осигурувањето на културното наследство. Основен проблем поради кој осигурувањето на културно наследство не постои се токму финансиите. Од една страна стои непроценливото македонско културно наследство, а од друга страна, високите премии кои ги бараат осигурителните компании за да го осигураат културното наследство. Досега забележаните случаи во кои дел од македонското културно наследство беше предмет на осигурување, се однесуваат на патувачките изложби, каде осигурувањето претежно го направиле странски осигурителни компании. Република Македонија нема овластени проценители, поради што, осигурителните компании, доколку треба да осигураат некое дело, мора да консултираат проценител од странство, со цел да биде утврдена автентичноста на делото. Од направените разговори заклучено е дека осигурувањето на цркви и икони не е исклучено и може да се практикува и во Македонија, но како што беше истакнато од страна на

осигурителните компании, тоа  е прескапо за осигурениците. Од Триглав осигурување АД нагласено е дека за нив воопшто не претставува проблем да осигураат на пример, некоја икона. Проблемот според нив се јавува во утврдувањето на реалната вредност на некој верски објект или предмет. Исто така беше нагласено и несовпаѓањето на експертските мислења во однос на реалната вредност на објектите или предметите кои треба да бидат осигурани. Овие предмети се присутни во простор каде постои висок ризик од настанување на штета, поради што и премиите се многу високи и сопственикот на имотот неможе да си ги дозволи. И од Евроинс осигурување се нагласува поголемиот ризик кој е присутен кај осигурувањето на имотот кој е од значење за културата. Од нивна страна е истакнато дека имаат вешти лица кои можат да ја проценат настанатата штета, но дека досега немале случај на осигурување на верски објект.

По опожарувањето на манастирот Св.Јован Бигорски во 2009 година и неодамнешното опожарување на манастирот Трескавец, се поставува прашањето дали мора да се случат вакви трагедии за да се актуелизира прашањето за заштитата на црквите и црковниот имот. Од МПЦ, во однос на осигурувањето на црквите, истакнуваат дека се работи за поединечно осигурување на црквите и црковниот имот, а неможат да ги осигуруваат вредните експонати, бидејќи се соочуваат со проблем при одредување на нивната вредност. Од друга страна, осигурителните компании црквите ги осигуруваат како обични градежни објекти, што за нив е неприфатливо. Според нивното мислење во осигурувањето мора да биде вклучено и Министерството за култура, односно истото би требало финансиски да партиципира.

Според мислењето на македонските експерти постојат најмалку две причини поради кои црквите и осигурителните компании неможат да склучат договори за осигурување. Првата е непостоењето на официјален проценител или компанија што ќе може да изврши процена на вредноста на верските предмети кои се стари и по неколку века. Вториот проблем е што црквата нема пари да плати такво осигурување. Согласно мислењето на Паско Кузман, културното наследство и не би требало да биде предмет на осигурување, туку кон истото би требало да се постапува со многу големо внимание и за истото да се обезбеди поголема физичка заштита. Во денешно време кога црквите се почесто стануваат мета на крадци, тој истакнува дека најдобро би било сите цркви да имаат физичка заштита, но невозможно е да се спроведе бидејќи се потребни огромни финансиски средства. Тука го нагласува и системот на заштита кој државава го спроведува преку Законот за заштита на културното наследство, и конзервацијата и реставрацијата која ја вршат за да не се изгуби вредното културно наследство.

## 5. ЗАКЛУЧОК ОД СТРАНСКИТЕ ИСКУСТВА

Кражбите на врвни уметнички дела можеби изгледа како да се излезени од некој холивудски филм, но се многу почести отколку што се верува. Најпознатата кражба датира уште од далечната 1911 година, кога познатата Мона Лиза[1] била украдена од музејот Лувр во Париз. Две години подоцна крадецот бил откриен во едно од вработените лица во музејот. Во времето кога се случила кражбата, Мона Лиза била неосигурана, токму поради тоа што било оценето дека нејзината вредност е толку голема што и не може да биде проценета.

Во 2004 година од музејот на норвешкиот уметник Edvard Munch во Осло, биле украдени две од неговите најпознати дела[2]. Во 1990 година од Isabella Stewart Gardner Museum во Бостон биле украдени уметнички дела во вредност од приближно 500 милиони долари[3]. Во кражбата биле вклучени и дела на Vermeer[4] и Rembrandt[1]. И за двете горепретставени кражби шокантен е фактот што во ниеден случај

---

[1] Мона Лиза – една од најпознатите слики во светот. Украдена е директно од ѕидот на музејот Лувр. Кражбата била толку неверојатна, што до наредното утро не било забележано дека сликата недостасува. Музејот бил затворен цела недела со цел да се помогне на истрагата. Истрагата утврдила дека во понеделникот, кога била извршена кражбата, музејот бил затворен поради чистење. Околу 800 вработени лица во музејот имале пристап до просторијата во која била сместена сликата. Меѓутоа не биле пронајдени докази кои би укажале на крадецот. Есента, во 1913 год., Alfredo Geri, еден од најпознатите дилери со антиквитети, објавил оглас во неколку италијански весници во кои огласил дека купува различни уметнички предмети по добри цени. Набрзо по објавениот оглас, тој добил писмо потпишано од „Leonardo“. Писмото било испратено од Париз и оној што го испратил тврдел дека ја поседува „Мона Лиза“. Заедно со Giovanni Poggi, директор на Uffizi Музејот во Фиренца, Alfredo Geri одлучил да му испрати писмо на „Leonardo“. Била договорена средба во Милано на 22 декември. На 10 декември, во канцеларијата на Geri, во Фиренца се појавил италијанец кој се претставил како Leonardo Vincenzo и побарал половина милион лири за „Мона Лиза“, за која тврдел дека ја украдил бидејќи сакал да ја врати во Италија. Geri се согласил на побараниот износ, но брзо размислувајќи одговорил дека директорот на музејот мора да ја види сликата пред да се сложи да ја обеси во музејот. „Leonardo“ предложил да се видат во неговата хотелска соба наредниот ден. Geri ја алармирал полицијата и наредниот ден крадецот на „Мона Лиза“ бил уапсен.

[2] Edvard Munch е норвешки сликар чија работа е под големо влијание на симболизмот од доцниот XIX век и на германскиот експресионизам од почетокот на XX век. Едно од неговите најпознати дела е „Врисокот“ од 1893 год. На 22 август 2004 година, во вооружен грабеж од страна на маскирани лица, среде бел ден, биле украдени неговите дела „Врисокот“ и „Мадона“. Ограбувачите ги принудиле чуварите да легнат на земја додека испукале куршум во кабелот што ги обезбедувал сликите на ѕидот и побегнале со караван, што полицијата подоцна го нашла напуштен. Ограбувачите не заборавиле да остават и порака на која пишувало „благодариме за лошото обезбедување“. Сликите биле пронајдени од норвешката полиција на 31 август 2006 год.

[3] Ограбувачите си обезбедиле влез во музејот, маскирани како полицајци и тврдејќи дека одговараат на повик. Чуварот го прекршил протоколот и им овозможил влез низ сигурносната врата. Откако влегле внатре, ограбувачите му кажале на чуварот дека имаат налог за негово апсење, поради што тој излегол од безбедносното биро и се оддалечил од единственото копче за активирање на аларимот. Потоа му било кажано да го повика и другиот чувар, по што и на двајцата им биле ставени лисици и биле однесени во подрумот, каде главите, рацете и нозете им биле залепени со салотејп. Наредното утро, чуварот кој дошол да ја преземе смената, открил дека музејот е ограбен и ја алармирал полицијата и директорката на музејот.

[4] Vermeer – „Концерт“, 1658-1660 год., едно од неговите 34 познати дела во светот

уметничките дела не биле осигурани од кражба. Истите биле осигурани од пожар и поплави, како и за трошоците за реставрација кои ќе бидат направени за поправка на сликите, доколку кај нив настане штета.

Светските искуства говорат дека многу музеи се одлучуваат да ги осигураат само највредните експонати, поради тоа што осигурувањето на секој предмет од нивната колекција е премногу скапо. Просечните колекционери на уметнички дела воопшто и не помислуваат истите да ги осигураат. Меѓутоа, за крадците на уметнички дела подеднакво се атрактивни и јавните и приватните уметнички колекции, токму поради големите финансиски исплати кои може да ги добијат за украденото уметничко дело. За нив кражбата секогаш го претставува полесниот дел од работата. Најчесто уметничките дела се лесни и лесно може да бидат пренесени. Тешкиот дел е продажбата на делото, бидејќи речиси сите аукциски куќи бараат доказ за неговото потекло. И покрај тоа што е добро познато дека вредните и ретки уметнички дела лесно се наоѓаат, нечесните колекционери, го купуваат уметничкото дело иако знаат дека истото е украдено. Ризикот е секако вреден за крадците кои можат да заработат и по неколку илјади долари во една ноќ. Во последниве години обезбедувањето на музеите има многу напреднато. Голем број организации се здружуваат со цел да ја зголемат свеста дека уметничкото дело може да биде предмет на кражба и да ги зголемат постоечките безбедносни мерки. Светски реномираните музеи, осигурителните компании, непрофитните организации и други културни институции се среќаваат на годишни конференции да разговараат за нови решенија.

Осигурувањето може да биде многу скапо, особено за приватните колекционери. Кога се работи за осигурувањето во уметноста, најбарани се осигурувањето од поплава и осигурувањето од пожар, а повеќето полиси ги покриваат трошоците за реставрација, доколку уметничкото дело не е целосно уништено. Вообичаено кражбата е вториот ризик на кој се помислува и најчесто оди во пакет со осигурувањето од штета. За уметниците многу е важно да инвестираат во осигурувањето за да ја обезбедат својата егзистенција кога ги складираат или транспортираат своите дела. Многу уметници за изложби ги позајмуваат своите дела на студиа или приватни збирки. Првиот и најбитен чекор во осигурувањето претставува утврдувањето на вредноста на едно уметничко дело и на целата колекција.

[1] Rembrandt – „Дама и господин во црно“, 1633 год.; „Бура на Галилејското море“, 1633 год. и неговиот автопортрет од 1634 год.

На овој начин уметникот ја добива потребната информација за да може да одлучи дали да се обрати во специјализирана осигурителна компанија или само да ја дополни постоечката полиса.

Во времето на грабежот, John Oyaas, директор на Munch музејот, за двете украдени слики изјавил дека овие слики се незаменливи, така што невозможно е да купите копија на улица и да ја ставите на местото на оригиналот. Според неговото мислење фокусот треба да се насочи на други прашања, а не на нивното осигурување. Тој вели дека до одреден степен ова е вообичаена практика, бидејќи овие предмети се незаменливи. Согласно неговото мислење, осигурувањето претставува непотребен трошок, бидејќи сликите се незаменливи. Овој став е бесмислен особено ако се има во предвид продажбата на „Врисок“ за 120 милиони долари[1]. Музејот би требало да биде осигурен од кражба (доколку е дозволено во Норвешка), односно сите музеи во светот, уметничките галерии и приватните колекции, би требало да бидат осигурени од кражби. Овде воопшто не се поставува прашањето дали уметничкото дело е заменливо или незаменливо. Смислата на осигурувањето е во тоа да се компензира барем еден дел, во случај кога уметничкото дело е украдено. Значи кога мора да се избира помеѓу украдена слика со 5 милиони долари осигурена сума и украдена слика со 0 долари осигурена сума, многу подобро звучи првата опција. Украдено уметничко дело значи голема загуба. Но, кога веќе тоа се случило, парите кои ќе се добијат од осигурувањето и покрај тоа што се многу помалку од вредноста на сликата која била украдена, секогаш можат да се искористат на пример за на некој начин да се зголеми безбедноста во музејот, да се реставрира некое дело или да се најмат врвни приватни истражители, кои ќе се обидат да го најдат и вратат делото.

## 6. НЕОПХОДНОСТ ОД ОСИГУРУВАЊЕ НА УМЕТНИЧКАТА КОЛЕКЦИЈА

Не постои оправдување за неосигурување на уметничка колекција. Секој што може да си дозволи да купи некое уметничко дело, може да си го дозволи и осигурувањето на истото. Како и секоја друга вредна инвестиција или колекција, ликовната уметност треба да биде заштитена и тоа не само со специјализиран простор во кој ќе биде чувана. Секој колекционер на уметнички дела, без разлика дали е колекционер долго време или неодамна стекнал неколку вредни слики или скулптури, треба да биде добро информиран пред да одбере полиса за осигурување, со цел да ја заштити својата колекција.

[1] Во 2012 година, со купувањето на „Врисок“, американскиот милијардер Лион Блек, постави рекорд за најскапо платено дело на некоја аукција

Уметноста вообичаено не се троши. И покрај сензационалните вести за уметничките кражби, ризикот од загуба е релативно низок. Тогаш, зошто осигурување? Ако се случи загуба на некоја голема ликовна колекција, во која еден примерок од истата може да биде проценет на 1 милион долари, тоа е голема загуба. Дури и тогаш кога се преземени најдобрите мерки на претпазливост, можно е да се случи загуба или оштетување.

Сите музеи, приватни галерии и уметници, односно сите што поседуваат колекција од уметнички дела, треба да ги почитуваат следниве осигурителни правила:

- Да се фотографира целокупната колекција или барем највредните дела. Треба да биде вклучена и моменталната процена на вредноста на делото, оригиналните потврди за извршената продажба и било какви дополнителни документи кои зборуваат за вредноста на делото.

- Да се работи со осигурителна компанија која е специјализирана за осигурување на уметност, антиквитети, колекционерски предмети и сл. Тие подобро го разбираат уметничкиот бизнис, знаат како да го проценат уметничкото дело и како да постигнат разумна спогодба.

- Да се купи осигурување што може удобно да се дозволи, без разлика дали таа сума ја покрива целата вредност на колекцијата. Најголем број од загубите, оштетувањата или кражбите, влијаат само на дел од колекцијата.

- Да се разбере полисата. Да се поставаат сите прашања за можните загуби и штетните ситуации. Треба да се знае дали се покриени сите ризици од кои треба да бидат осигурени.

- Осигурувањето од кражба или оштетување за уметничките дела годишно ја зголемува осигурителната премија за 1 – 2 долари на 1000 долари покриеност, или помалку доколку се поседува добар безбедносен систем. Има осигурителни компании специјализирани исклучиво за покривање на уметнички колекции и антиквитети.

Еден дел од процесот на осигурување на уметничката колекција претставува прибирањето на сите важни документи и поднесувањето на безбедно место. Во документите влегуваат доказот за сопственост, сметката од продажбата, потеклото, фотографии и најновата процена. Проценувачот врши анализа на пазарот, што помага да се одреди моменталната пазарна вредност на едно уметничко дело или уметничка колекција. Познавањето на вредноста укажува на правилниот вид на покриеност.

Процената ја одредува вредноста на колекцијата и осигурителната премија. Вредноста исто така го одредува и видот на полисата и колку треба да биде детална.

# VI ЗАВРШНИ РАЗГЛЕДУВАЊА

Како прилично нова правна категорија, осигурувањето во РМ сеуште ја нема достигнато кулминацијата во својот развој. Оваа констатација особено се однесува на осигурувањето на културното наследство, кое речиси и не постои. Како што е веќе напоменато, осигурувањето на културното наследство е присутно единствено во случаите кога вредни икони и други археолошки експонати излегуваат од Македонија со цел да учествуваат на некоја светска изложба. Низ годините македонското движно културно наследство е презентирано на повеќе значајни изложби во светски рамки.



Слика 19

Во 2006 година, во музејот Метрополитен, во Њујорк, беше претставена изложбата „Византија: вера и моќ". Византиската уметност беше претставена преку 400 вредни експонати кои потекнуваат од 30 земји учеснички. На изложбата која беше отворена од 23 март до 5 јули, учествуваа и беа претставени пет македонски икони, од највредната збирка, датирани од XIII до XV век. Од охридската галерија на икони беа претставени иконите: Евангелистот Матеј; литиската икона Богородица Психосострија и Благовештението од другата страна; Исус Христос Пантократор и Богородица Психосострија; и иконата Богородица Пелагонитиса[1] од музејот Македонија. Во јавноста, во периодот кога беше одржана изложбата беше пласирана и информацијата за сумата на која беа осигурени иконите. Метрополитен позајмените икони ги осигурал со 50 милиони долари во осигурителната компанија Лојд, а договорот за осигурување бил потпишан во Македонија.

[1] На сликата 19 е претставена Богородица Пелагонитиса од 1421/22 год.

Дел од иконите во 2008 година беа претставени на изложбата „Византија 330 – 1453“, отворена во Кралската академија на науките и уметностите во Лондон. На изложбата се претставени повеќе од 300 експонати, вклучувајќи: икони, фрески, мозаици, ракописи, предмети од слонова коска, емајли, накит, како и предмети изработени од злато и сребро. Изложбата е концепирана како хронолошко патување и притоа опфаќа голем дел од историјата, односно од 330 година кога царот Константин ја основал својата нова престолнина Константинопол, па до 1453 година, кога градот паднал во рацете на Османлиите (освоен од страна на Мехмед II Освојувачот). Речиси ниедна меѓународна изложба што се однесува на византиската уметност, особено на иконописот, не може да се реализира без да бидат изложени дел од иконите од охридската збирка, кои претставуваат ремек дела на византискиот и поствизантискиот иконопис. На изложбата се претставени иконите Архангел Гаврил и Богородица, кои ја сочинуваат композицијата Благовештение, двете најголеми икони во Македонија – Исус и Богородица, трите помали празнични икони – Крштевање Христово, Слегување во пеколот и Неверството Томино, како и една од најубавите икони насликани во византскиот период – литиската икона со Богородица Психосострија и Благовештението од другата страна. Иконите биле изложени во посебна изложбена сала, истакнувајќи се како едни од највредните и најатрактивните експонати на изложбата.

Македонското културно наследство, надвор од državава, најдобро и најобемно е презентирано во музејот Катаријнековент, во Утрехт, Холандија во почетокот на 2011 година преку изложбата „Ненадмината убавина“. На изложбата претставени се експонати од најзначајните збирки на икони од РМ, од НУ Музеј на Македонија и од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Охрид (Галеријата на икони). Изложбата ја збогатуваат извонредни археолошки артефакти од праисторијата и од античкиот период. Станува збор за 62 археолошки предмети, 6 примероци од оригинални фрагменти од средновековен живопис, 52 икони и 39 литургиски предмети кои беа осигурани на 139 милиони евра. Меѓу шеесет и двата артефакти посебен впечаток и белег оставаат култните жртвеници од неолитот, кои што се можеби и најпрепознатлите експонати од ова време и тоа Големата Мајка и керамичкото торзо на Адам од Говрлево.

Претставени беа и прекрасните црнофигурални вази откриени во некрополите од локалитетот Исар - Марвинци, Валандово, потоа статуетата со претстава на Дедал[1] од Плаошник, Охрид, како и

[1] На слика 20 е претставата на Дедал, датирана во македонско - хеленистичкиот период (II век пред н.е.)

многу накит од Лисичнин Дол и од Исар - Марвинци.  Особено се забележителни златните наоди од охридската тврдина од Горна порта и тоа: познатата златна маска и посмртната ритуална рака[1] ритуалните очила, мајсторски изработениот накит и друго.



Слика 20

Пред холандската публика исто така се претставени и виничките теракотни икони со сцени од Стариот завет и Давидовите псалми, кои се сведок за уметничката продукција во ранохристијанскиот период.  Дел од овие наоди првпат се изнесуваат и се изложуваат надвор од РМ.



Слика 21



Слика 22

Една од поимпозантните изложби на македонското културно наследство во странство е „Илјада години писмена традиција во Македонија", отворена на 9 октомври 2012 година во кралскиот музеј на Мариемон во Белгија. На неа се претставени 39 стари ракописи и ракописни книги (датирани од XIII до XIX век) од книжевното културно наследство со статус на книжно културно добро. Сите експонати кои беа изложени во Белгија беа осигурени, но од безбедносни причини сумата овој пат не беше објавена. Целта на првата изложба од ваков вид, организирана надвор од границите на Македонија, беше промоција на милениумската словенска писмена културно – историска традиција на територијата на Македонија, преку старословенските христијански споменици со глаголско и кирилско писмо од X до XIX век. За изложбата партнерите изготвија водич на француски и на англиски јазик со богата

[1] На сликите 21 и 22 се претставени посмртната ритуална маска и посмртната ритуална рака од V век пред н.е.

содржина: воведни текстови, фотографии и описи на ракописите каде е претставена илјада вековната писмена традиција во Македонија. Претставените експонати се од Националната и универзитетска библиотека Св.Климент Охридски – Скопје (31 експонат), Државниот архив на Македонија, НУ Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј во Охрид и во Битола и од Историскиот архив во Охрид.

И во подалечното минато, македонското културно наследство било дел од големи светски изложби, а и во иднина се планираат такви големи проекти. Во подготовки е македонското претставување на мултинационалната изложба на Унеско со наслов „Замислувајќи го Балканот – историја, сеќавање и дијалог во Југоисточна Европа“. Акцентот ќе биде ставен на идентитетите на народите од Југоисточна Европа во XIX и почетокот на XX век, кога поголем дел од нив немале свои држави. Изложбата ќе биде патувачка и од наредните години ќе ги обиколи сите 12 држави учеснички, почнувајќи од Словенија. На оваа изложба, Македонија својот идентитет ќе го претстави, преку проекција на филмови од браќата Манаки, промоција на Тријазичникот на македонскиот преродбеник Ѓорѓија Пулевски, икона од Дичо Зограф, знамето на Крушевската чета и фотографии од семејството Робевци.

Македонските национални музејски збирки се поинтензивно се полнат со вредни артефакти, пред се археолошки, но ретки се презентациите на македонското културно наследство надвор од Македонија. Причините се претежно од финансиска природа, бидејќи изложбите во странство се големи проекти кои многу чинат. Најголемите трошоци одат на соодветен транспорт и осигурување, а како што велат експертите, треба да бидат реципрочни со интересот на потенцијалната публика и со соодветните повратни ефекти.

# ЗАКЛУЧОК

Соочени со потешкотијата за детерминирање на културното наследство и големината на овој сектор, може да се резимира дека културното наследство претставува збир од добра, вистинска сопственост, материјални и нематеријални средства, приватна сопственост, имот кој припаѓа на јавни и полу – јавни институции, црковна сопственост и општествени средства кои имаат голема историска, уметничка, научна и културна вредност и кои поради тоа заслужуваат да бидат заштитени од страна на човекот, се со цел да опстојат и да го претставуваат карактерот на идентитетот на луѓето низ генерациите. Во овие рамки влегуваат споменици со архитектонски, историски и уметнички вредности, згради и историски ансамбли, движни добра, како што се уметнички дела, документи, книжевни дела, етнолошки богатства, археолошки остатоци, како и нефизички карактеристики, како обичаи, непишани јазици итн. Културата и културното наследство играат важна улога во развојот на еден народ. Покрај културното, естетското и духовното задоволство кое го пружаат, културата и културното наследство се од интерес и за економијата. Многу функции на културното наследство го класифицираат како јавно добро и покрај фактот дека постојат недоволно јавни ресурси за да се гарантира неговото одржување и заштита, а обезбедуваат одредени бенефиции во областите во кои се наоѓаат објектите. Културата не само што обезбедува значајни економски текови, туку треба да биде искористена и како средство за трансформирање на одредени географски области, поради што треба да биде дел од многу локални економски развојни стратегии. Постојано треба да се тежнее да се создаде баланс помеѓу уживањето од страна на поединците, а истовремено да не биде загрозено одржувањето и заштитата на културното наследство.

# Л ИТ Е Р А Т У Р А


1. БАТКОСКА, Лилјана: **МЕТОДОЛОГИЈА НА НАУЧНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ**, Охрид, 2005.
2. БАЧЕВСКА РАЗМОВСКА, Даница: **НУМИЗМАТИЧКИТЕ НАОДИ ОД ЈУГОЗАПАДНИОТ ДЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД V ВЕК П.Н.Е. ДО XIV ВЕК**, Охрид, 2002.
3. ГЕОРГИЕВСКИ, Милчо: **ГАЛЕРИЈА НА ИКОНИ - ОХРИД,** Охрид, 1999.
4. ЈОВАНОВСКИ, Тихомир: **ЕКОНОМИКА НА ОСИГУРУВАЊЕ**, Скопје, 1997.
5. КАМБОВСКИ, Владо; КРСТАНОСКИ Миладин: **КАЗНЕНО ПРАВО, ОПШТ ДЕЛ**, Охрид, 2010.
6. КАМБОВСКИ, Владо: **КАЗНЕНО ПРАВО, ПОСЕБЕН ДЕЛ**, Скопје, 1997.
7. КРЛЕСКИ, Никола: **ОСНОВИ НА ПРАВОТО СО ТРГОВСКО ПРАВО**, Охрид, 1999.
8. КРСТАНОСКИ, Миладин; РЕЧКОСКИ, Ристо: **ОСНОВИ НА ПРАВОТО**, Охрид, 2005.
9. МАНЕВА, Елица: **СРЕДНОВЕКОВЕН НАКИТ,** Скопје, 2000.
10. НУ, Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Охрид: **КИЛИМИ НАБАВЕНИ ПО ПАТ НА ОТКУП**, Охрид, 2010.
11. НУ, Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Охрид: **КОШУЛИ И ПОКРИВАЛА ЗА ГЛАВА**, Охрид, 2010.
12. НУ, Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Охрид: **ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ВЕЗОВИ ОД ЕТНОЛОШКАТА ЗБИРКА**, Охрид, 2011.
13. РЕЧКОСКИ, Ристо: **ГРАЃАНСКО ПРАВО**, Охрид, 2011.
14. РЕЧКОСКИ, Ристо: **ОБЛИГАЦИОНО ПРАВО**, Охрид, 2010.
15. РИСТОВ, Јован**: ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО**, Скопје, 2008.
16. ЦВЕТКОВСКИ, Сашо: **ГАЛЕРИЈА НА ИКОНИ, ЦРКВА СВ.ЃОРЃИ СТРУГА**, Охрид, 2010.


# П Р О П И С И


1. КРИВИЧЕН законик на РМ (Службен весник на РМ бр.37/96).
2. ЗАКОН за заштита на културното наследство (Службен весник на РМ бр.20/04, 18/11, 148/11 и 23/13).
3. ПРАВИЛНИК за националниот регистар на културното наследство (Службен весник на РМ 25/05).
4. ПРАВИЛНИК за валоризација, категоризација и ревалоризација на културното наследство (Службен весник на РМ 115/05).
5. ПРАВИЛНИК за содржината и начинот на водење на заштитните единици на културното наследство и добрата за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство, на дисперзираното и странското културно наследство, како и начинот на вршење на нивните ревизии (Службен весник на РМ 10/08).
6. КОНВЕНЦИЈА за заштита на светското културно и природно наследство (16.11.1972).
7. УСТАВ НА РМ (17.11.1991).